Македонка Радуловиќ
Ирена Авировиќ Бундалевска
Ангелка Кескинова

# СОВРЕМЕНОТО МАКЕДОНСКО СЕМЕЈСТВО

*Издавач:*
Здружение за семејна поддршка - ЕСТИА

*За издавачот:*
Македонка Радуловиќ

*Уредник:*
Македонка Радуловиќ

*Рецензенти:*
проф. д-р Дејан Мицковиќ
проф. д-р Живко Андревски

*Лектура:*
Дијана Ристова

*Техничка обработка:*
Никола Минов

*Дизајн на корица:*
МАР – САЖ Ташко ДООЕЛ Скопје

*Печати:*
МАР – САЖ Ташко ДООЕЛ Скопје

*Тираж:*
100

Македонка Радуловиќ
Ирена Авировиќ Бундалевска
Ангелка Кескинова

# Современото македонско семејство

Здружение за семејна поддршка - ЕСТИА
Скопје, 2024

*Посветено на нашите студенти*
*кои имаа храброст и визија*
*да ги одберат семејните студии*

Авторките

# Содржина


9 **Предговор**

11 **I Глава - Семејство: поим и карактеристики**

13 1.1. Дефинирање на семејството
17 1.2 Современи модели на семејството
24 1.3. Семејни животни циклуси
35 1.4. Карактеристики на македонското семејство
38 1.5. Функции на современото македонско семејство

43 **II Глава - Семеен живот**

45 2.1. Промени во семејниот живот
52 2.2. Најзначајни промени на македонското семејство
62 2.3. Промените на семејството низ бројки
69 2.4. Промени на брачниот и партнерскиот живот
81 2.5. Промени на родителството

87 **III Глава - Најголемите предизвици на современото македонско семејство**

89 3.1. Економски предизвици
91 3.2. Рамнотежа помеѓу работата и семејството
92 3.3. Пристап до квалитетно образование
94 3.4. Стареење на населението и грижа за стари лица
95 3.5. Социјална нееднаквост и дискриминација
96 3.5.1. Предизвици на семејство со дете со попреченост
100 3.6. Еднородителски семејства
102 3.7. Хомосексуални партнерства
104 3.8. Семејно насилство

119 **IV Глава - Услови во кои се развива македонското семејство**

121 4.1. Влијание на глобализација
128 4.2. Влијание на Европската Унија
138 4.3. Влијание на миграцијата и одвојувањето
146 4.4. Влијание на државата врз семејните политики
160 4.5. Влијание на социјалните медиуми

169 **V Глава - Семејната едукација и нејзиното значење за семејствата**

171 5.1. Поим и карактеристики на семејната едукација
174 5.2. Содржински области на семејната едукација
185 5.3. Развојните периоди во семејството и семејната едукација
189 5.4. Родителско образование за зајакнување на семејствата

191 5.5. Стратегии за обука на родители
193 5.6. Семејната едукација и професијата семеен едукатор
197 5.7. Ефекти од семејната едукација
199 5.8. Семејната едукација во светот
201 5.9. Семејната едукација во Република Северна Македонија
205 5.10. Семејна медитација
209 **Користена литература**

# Предговор

Семејствата отсекогаш биле камен-темелник на нашите општества, обликувајќи ги нашите идентитети, негувајќи ги нашите соништа и обезбедувајќи прибежиште во светот кој постојано се менува. Меѓутоа, современите семејства се развиваат и се прилагодуваат со темпо што не може да се спореди со кое било друго време во историјата. Во изминативе неколку децении се случуваат големи промени на семејствата и семејниот живот, како во однос на нивната структура и големина, така и во нивните функции, улоги, навики и очекувања. Иако овие промени се од поодамна присутни во европските земји, сè повеќе се забележуваат и во нашата земја. Семејниот, брачниот и родителскиот живот на нашите баби и дедовци е речиси целосно различен од оној карактеристичен за денешните современи семејства. Токму ваквите промени се основниот мотив за оваа книга, да се истражат, анализираат и толкуваат промените преку карактеристиките на семејствата денес. Овој труд зборува за семејствата генерално, но посебен акцент е ставен на македонското семејство.

Дополнителен мотив претставува недостигот на стручна литература на македонски јазик која подлабоко ги обработува семејството и неговите елементи, а воопшто не постои литература посветена на семејната едукација. Како вработени на Институтот за семејни студии на Филозофскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ веќе десет години се занимаваме со микроистражувања за семејствата, бракот, разводот, родителството и слични демографски прашања и имаме учество во неколку позначајни преоктни истражувања од слични теми кои имаат меѓународен карактер. Оваа книга претставува заокружување на сите наши стекнати сознанија.

**Современото семејство** може да се нарече експедиција на семејството како институција и претставува доказ за сложената динамика и приспособливост на современите семејства. Започнуваме со сеопфатно испитување на повеќеслојната природа на семејните дефиниции, длабинска анализа на различните модели на семејството и истражување на променливите парадигми на бракот и родителството, продолживме со многуте предизвици со кои се соочуваат семејствата и заокруживме со претставување и разработка на семејната едукација како концепт неопходен за поддршка на современите семејства.

Во нашата потрага по разбирање, ќе забележиме дека концептот на „семејство“ значително еволуирал од неговото традиционално јадро. Денешното семејство претставува калеидоскоп на форми, обликувани од комбинација на историски промени, општествени влијанија и индивидуални избори. Во сè повеќе меѓусебно поврзано глобално општество, развојот на технологијата, економските предизвици и културните вредности кои се развиваат го револуционизираа начинот на кој го перципираме и доживуваме семејството. Бракот и раѓањето повеќе не претставуваат константа, туку избор. Индивидуализмот го надвладува семејниот колективизам, а либералниот став е сè поприсутен во поимањето на семејството и прифаќањето на промените. Семејствата стануваат помали, но покомплексни, соочени со многу предизвици. Сепак, во рамките на овие трансформации, преовладува една непроменлива вистина - семејството, без оглед на неговата структура и големина, останува критичен извор на воспитување, образување, поддршка, љубов и идентитет.

Ова дело е афирмација на науката за семејството и семејните студии. Таа нагласува дека семејството не е статична институција, туку ентитет во развој, кој се движи низ сложената мрежа на современиот свет и постојано се менува. Оттаму, потребно е континуирано проучување и творење на оваа тема. Затоа сметаме дека ќе даде значаен придонес во овој контекст.

Наменета е, пред сè, за нашите студенти, меѓутоа и за научната заедница која бара подлабоко разбирање на повеќеслојното подрачје на современиот семеен живот. Секако, оваа книга е и за поширока јавност, за секој човек кој сака да биде свесен за значењето на семејството од кое потекнува и семејството кое го создава. За различноста на семејните модели, дефиниции и наративи, за промените, предизвиците и можностите. За секој оној, кој го разбира академскиот предизвик за проучување на семејството, признавајќи дека преку сеопфатно разбирање на семејната динамика, можеме да придонесеме за зајакнување на семејните врски и за подобрување на општеството.

# I Глава

# Семејство:
# поим и карактеристики

# 1

## 1.1. Дефинирање на семејството

*„The family is the test of freedom; because the family is the only thing that the free man makes for himself and by himself.“* – Gilbert K. Chesterton

Постојат голем број дефиниции за семејството кои е тешко да се синтетизираат во една општа дефиниција. Денеска со промените на семејствата и плурализацијата на семејните модели веројатно оваа задача станува уште покомплексна. Сепак, може да се каже дека најголемиот број социолози гледаат на семејството како на централна социјална институција во општеството. Различни социолози предлагаат различни дефиниции за семејството врз основа на нивните истражувања, перспективи и теоретски рамки. Во продолжение се претставени неколку истакнати дефиниции од значајни социолози.

Американскиот антрополог, *Џорџ Мардок* го дефинира семејството како социјална група која се карактеризира со заеднички престој, економска соработка и репродукција. Него го сочинуваат возрасни луѓе од двата пола, од кои барем двајцата одржуваат општествено дозволени сексуални односи и имаат едно или повеќе деца, кои можат да бидат сопствени или посвоени од возрасните луѓе кои се сексуално поврзани и живеат заедно. Според него, примарните функции на семејството вклучуваат социјализација на децата и регулирање на сексуалната активност и размножување (Murdock, 1949).

*Талкот Парсонс*, американски социолог, го опишува семејството како „фабрика за личности“ одговорна за производство и негување на поединци способни да функционираат во општеството. Тој ја истакнува улогата на семејството во обезбедувањето емоционална поддршка, стабилност и социјализација на членовите, што придонесува за непречено функционирање на поширокиот општествен систем (Parsons, 1955).

Една од најстарите дефиниции на *Емил Диркем,* француски социолог, го претставува семејството како основна социјална институција која игра клучна улога во одржувањето на социјалната солидарност и кохезија. За него семејството служи како систем за морална и емоционална

поддршка, зајакнувајќи ги заедничките вредности и норми во општеството (Durckheim, 1893).

*Бронислав Малиновски*, полско-британски антрополог, се фокусира на функционалистичките аспекти на семејството. Тој го гледа семејството како витална институција за исполнување на основните потреби на поединците, како што се храна, засолниште и заштита. Дополнително, семејството обезбедува емоционална поддршка која според него придонесува за целокупната стабилност на општеството (Malinowski, 1922).

*Маргарет Мид*, американски културен антрополог, ја истакнува културната варијабилност во семејните структури. Таа уште во 1928-мата година тврди дека формата и функциите на семејството не се универзални и може значително да се разликуваат во различни општества. Работата на Мид всушност го нагласува влијанието на културата врз обликувањето на семејната динамика и норми (Mead, 1928).

*Ентони Гиденс*, британски социолог, го опишува семејството како „чиста врска“ која се карактеризира со еднаквост, емоционална комуникација и заемно задоволство. Тој нагласува дека модерните семејства се пофлуидни, а членовите преговараат за улогите и одговорностите наместо да се усогласат со традиционалните норми (Giddens, 1992).

*Дејвид Морган*, исто така британски социолог, го гледа семејството како место за потрошувачка и изградба на идентитет. Тој истражува како семејствата учествуваат во потрошувачката култура и како изборот на потрошувачите ги рефлектира нивните вредности и аспирации (Morgan 1996).

*Џудит Батлер,* филозоф и родова теоретичарка, ги оспорува традиционалните поими за семејството и ги истражува перформативните аспекти на родовите и семејните улоги. Таа тврди дека семејствата се градат преку повторени перформанси на норми и родови очекувања (Butler, 1990). Тука можеме да ја споменеме и *Џудит Стејси*, феминистички социолог, која исто така ја оспорува традиционалната дефиниција за семејството и ја нагласува важноста на различните форми на семејството. Стејси тврди дека семејствата треба да се дефинираат како „група на поединци кои споделуваат емоционални, економски и практични врски, живеат во непосредна близина и можат или не мора да споделуваат биолошки или правен однос“ (Stejsi, 1996).

Од поблиските простори можеме да ги издвоиме дефинициите на *Марко Младеновиќ* според кој семејството е историски променлива општествена група чии универзални обележја се:

а) дека почива врз хетеросексуални врски, со помош на кои мажите и жените ги задоволуваат природните полови и други (духовни, морални, естетски) потреби и обезбедуваат репродукција на општеството преку раѓање на потомство (биолошки основи на семејството);

б) дека се заснова врз систем наároднички односи кои претставуваат основа за половите табуа и поделба на улогите внатре во семејството (биосоцијални основи на семејството);

в) дека обезбедува и развива социјални и индивидуални (морални и психички) особини на личноста (социјални основи на семејството);

г) дека обезбедува извршување на определени економски (производно – потрошувачки или само потрошувачки) дејности во рамките на семејството (економски основи на семејството) (Младеновиќ, 1973).

Професорот *Томислав Чокревски* ја определил следнава дефиниција: семејството би можело описно да се дефинира како парцијална биосоцијална заедница во која луѓето се групираат: за да се задоволат природните сексуални односи за поврзување (општење) на различните полови; за да се обезбеди репродукцијата, продолжувањето на потомството (раѓањето деца); за да се поврзуваат во определени сроднички видови и односи како природна и социјална основа за одобрување или забрана на половите односи; за да се одвиваат основните социјални дејности за обезбедување на материјалната егзистенција на групата и поединците во неа; и за да се подигнуваат, одгледуваат, образуваат и воспитуваат децата (Чокревски, 1996).

Можеме да видиме дека има голем број сличности, но и спротивставености во наведените дефиниции и тоа ни покажува колку е тешко да се дефинира семејството. Главно, можеме да забележиме дека семејството пред сè, се дефинира како општествено призната група (обично споена со крв, брак, заеднички живот или посвојување) што формира емоционална врска и служи како економска единица на општеството. Дефинирано на овој начин, семејството е универзално или речиси универзално бидејќи во многу општества можеме да сретнеме различни модели и перцепции кои се идентификуваат како семејство. Тоа е веројатно и главната причина поради која некои автори се спротивставуваат на традиционалните дефиниции на семејство и тврдат дека оваа заедница не мора да има биолошка, правна и хетеросексуална основа. Може да се каже дека традиционалното семејство се определува како формална заедница меѓу две лица кои се здружуваат заради задоволување на половиот инстинкт, репродукција и економска остварливост. Додека, современото семејство се определува како општествена единица која се состои од

поединци кои се поврзани преку емоционални врски, споделени одговорности и меѓусебна поддршка и кои можат да живеат заедно или да одржуваат блиски врски.

Што се однесува до семејството во Република Северна Македонија, тоа е со закон дефинирано како животна заедница на родители и деца и други роднини, ако живеат во заедничко домаќинство. Семејството настанува со раѓање на деца и со посвојување. Односите во семејството треба да се засноваат врз рамноправност, заемно почитување, меѓусебно помагање и издржување и заштита на интересите на малолетните деца (Закон за семејство, 2014).



**Сл. 1**: Нуклеарно семејство

## 1.2 Современи модели на семејството

*„All happy families are alike; each unhappy family is unhappy in its own way“* - Leo Tolstoy

Во современото општество, различни модели на семејството се појавија како резултат на социјалните, културните и економските промени настанати низ изминатите децении. Овие семејни модели ја одразуваат различноста на семејните структури и односи кои постојат денес. Следуваат неколку примери на современи семејни модели:

*Нуклеарен модел на семејство*: Моделот на нуклеарно семејство е семејна структура која се состои од брачна двојка и нивните деца. Овој модел се карактеризира со фокусирање на потесното семејство и често повлекува заеднички одговорности и одлучување помеѓу родителите. Нуклеарното семејство го добива своето значење за време на „златното доба“ на семејството во 50-тите години на XX век, меѓутоа тоа и денеска е еден од најзастапените модели на семејство во современите општества. Овој модел е доста застапен и во македонското општество, особено во урбаните средини.

Како **предности на нуклеарното семејство** можат да се наведат следниве:

- Интимност и слобода во донесување одлуки;
- Финансиска стабилност, обично двајца вработени родители;
- Деца израснати во стабилна родителска ситуација;
- Конзистентност;
- Акцент на здравјето и образованието.

**Слабости на нуклеарните семејства:**

- Исклучувањето на поширокото семејство може да доведе до изолација и стрес;
- Недостаток на поддршка од поширокото семејство.

Дополнително, нуклеарните семејства можат да станат премногу фокусирани на децата, што резултира со егоцентрични деца и семејства кои занемаруваат други важни работи (DeGenova, 1997).

*Реконструирано семејство*: Овие семејства, исто така познати на англиски јазик како *step families* или *blended families*, се формираат кога

двојката влегува во нов брак или партнерство, носејќи ги децата од претходните врски во семејната единица. Овој модел вклучува комбинирање на две различни семејства и навигација низ динамиката на односите со родителството и децата. Преминот од нуклеарно или еднородителско семејство во реконструирано семејство може да биде тешка транзиција. Овие семејства се соочуваат со тешкотии, како на пример прифаќање на децата на партнерот или прифаќање на полусестрите и полубраќата. Ова често резултира со зголемен број на луѓе за кои секој партнер треба да се грижи во семејната единица. Ако не гоземеме предвид податокот за бројот на лица кои склучиле втор или трет брак, можеме да кажеме дека нема точни податоци за бројот на реконструирани семејства во Република Северна Македонија и недостасуваат истражувања на оваа тема.

**Предности на реконструираното семејство**:

- Децата имаат корист од тоа што сепак имаат двајца родители во близина;
- Децата и нивните нови браќа и сестри можат да создадат силни врски;
- Придобивката од два прихода во споредба со еднородителските семејства.

**Слабости на реконструираното семејство:**

- Приспособувањето може да биде тешко за родителите и децата;
- Родителите можат да наидат на проблеми обидувајќи се да ги дисциплинираат децата;
- Конфликти меѓу партнерите заради децата од претходен брак;
- Може да нема дисциплина или да биде неконзистентна (Berger, 1998).

*Модел на семејство со еден родител*: Семејствата со еден родител се предводени од еден родител кој може да биде вдовец/вдовица, разведен/а, разделен/а или неоженет/немажена. Во овој модел, самохраниот родител презема примарна одговорност за воспитување и грижа за децата. Да се биде самохран родител и да се воспитуваат деца може да биде тешко. Исто така, може да биде тешко да се биде дете кога твоите родители се разделени или ако си пораснал познавајќи го само едниот родител. Во оваа ситуација, семејствата треба да го искористат најдоброто од

она што го имаат и да се потпираат едни на други за љубов и поддршка. Мал е бројот на семејства со еден родител во македонското општество. Но, исто така недостасува нивно прецизно дефинирање во законодавството. Според последниот попис на Република Северна Македонија од 2021-вата година, во неа живеат 71.734 еднородителски семејства, од кои 10,1 % се мајки со деца и 3,2 % се татковци со деца (Државен завод за статистика, 2023). Овој модел на семејства се често мета на предрасуди и недоволна социјална поддршка (Мургашанска и други, 2017).

**Предности на семејствата со самохрани родители**:

- Семејството може да стане многу блиско;
- Сите учествуваат во домашните обврски и нема строго поделени родови улоги;
- Децата и родителите можат да станат многу резилиентни (издржливи).

**Слабости на семејствата со самохрани родители**:

- Финансиски тешкотии;
- Може да биде тешко за самохраните родители да работат со полно работно време, а сепак да си дозволат квалитетна грижа за децата;
- Отсуство на татковска или на мајчинска фигура.

*Посвојувачко семејство*: Овој тип семејство ги дели правните врски, но не и генетските. Двајца родители можат да посвојат дете со кое немаат крвно сродство, или еден родител може да го посвои детето од другиот родител. Посвојувачките семејства, исто така, може да се дефинираат како емоционална или духовна поврзаност, каде што не постојат формално правни врски. На годишно ниво во Република Северна Македонија се посвојуваат околу 40 деца. Сепак, нема точен податок колку изнесува бројот на посвојувачки семејства. Како посвоител, во согласност со Законот за семејство, може да биде лице што е деловно способно, кое има лични својства за успешно вршење на родителските права и да не е постаро од 45 години. Посвоителот мора да биде лице најмалку 18 години постаро од посвоеникот. По исклучок, како посвоител може да се јави и лице што е постаро од 45 години, но старосната разлика меѓу посвоителот и посвоеникот не смее да биде поголема од 45 години.

**Предности на посвојувачките семејства:**

- ❖ Алтруизмот, љубовта и емпатијата на родителите веројатно ќе се пренесе и на детето/децата;
- ❖ Родителите кои посвојуваат се финансиски стабилни (тоа е еден од условите да се посвои дете).

**Недостатоци на посвојувачките семејства:**

- ❖ Тешкотии во однос на прилагодувањето на новиот член на семејството;
- ❖ Предрасуди од околината.

*Згрижувачко семејство*: вклучува еден или повеќе возрасни родители кои служат како привремени старатели за едно или за повеќе деца со кои тие можат или не можат да бидат биолошки поврзани. Правото на сместување во згрижувачко семејство, се остварува за лица кои немаат услови за живот во своето семејство или од други причини им е потребно сместување во згрижувачкото семејство. Со текот на времето, може да се направат повеќе формални договори, а згрижените деца можат да бидат законски посвоени. Згрижувањето на деца во згрижувачко семејство претставува најдобрата форма за грижата на деца, бидејќи е најблиску до биолошко семејство и така се максимизираат резултатите во однос на нивниот психофизички развој, се воспоставува емоционална врска помеѓу згрижувачот и детето. Во Република Северна Македонија има околу 300 згрижувачки семејства кои згрижуваат околу 500 деца, меѓутоа тој број сепак не е доволен (УНИЦЕФ, 2021).

**Предности на згрижувачките семејства**

- ❖ На некој начин можете да се остварите како родител без да имате биолошки деца;
- ❖ Децата добиваат сигурност и грижа.

**Недостатоци на згрижувачките семејства**

- ❖ Предрасуди од околината;
- ❖ Врската помеѓу децата и родителите да не се воспостави како што треба;
- ❖ Таа врска може да биде прекината од една или од друга страна;

- Чести злоупотреби на моделот згрижувачко семејство (Parke, 2004).

*Празни семејства*: Празни семејства се нарекуваат најчесто семејствата составени од партнери без деца. Додека многумина мислат дека семејството треба да вклучува деца, има парови кои не можат или избираат да немаат деца. Ова не ги прави помалку семејство, а всушност, овој тип на семејна единица е во пораст. Семејството без деца понекогаш се нарекува и „заборавено семејство“, бидејќи не ги исполнува традиционалните стандарди поставени од општеството. Во минатото, растењето, бракот и раѓањето деца биле норма, но во денешниот свет, сè повеќе луѓе избираат да го одложат раѓањето деца или одлучуваат воопшто да немаат деца. Бројот на брачни парови без деца се зголемува и во Република Северна Македонија и според последниот попис на населението достигна 30 % од вкупниот број семејства.

**Предности на семејствата без деца:**

- Обично имаат повеќе расположлив приход;
- Нема зависни лица за грижа;
- Партнерите имаат повеќе слобода да патуваат, да се образуваат и да се посветат на кариерата;
- Паровите поминуваат повеќе време заедно и можат да се посветат на квалитетот на врската.

**Слабости на семејствата без деца**:

- Паровите може да се чувствуваат изолирано или изоставено кога сите нивни пријатели/семејство ќе почнат да имаат деца;
- Чувство на празнина;
- Предрасуди од околината;
- Немање потомство, продолжување на семејството.

*Вонбрачни заедници*: Вонбрачните заедници ги претставуваат партнерите кои не се во формален брак, но живеат во заедница без или со деца. Овој тип семејства сè повеќе се изедначуваат со формалната брачна заедници и во многу земји ги имаат истите права. Се смета дека се најбрзо растечките семејства глобално. Вонбрачната заедница во Република Северна Македонија се пропишува во Законот за семејство во членот 13 како „Заедница на живот на маж и жена која не е заснована во

согласност со одредбите на овој закон (вонбрачна заедница) и која траела најмалку една година, е изедначена со брачната заедница во поглед на правото на меѓусебно издржување и имотот стекнат за време на траењето на таа заедница“. Сепак, мал е бројот на вонбрачни заедници. Според последниот попис на населението од 2021 година, во вкупното резидентно население на возраст од 15 години и повеќе, 98,4 % живеат во брачна заедница, а 1,6 % во вонбрачна. Во македонското општество на вонбрачната заедница сè уште се гледа како на предбрачна заедница или пробен брак. Младите луѓе полиберално гледаат на вонбрачната заедница, но не ја прифаќаат како алтернатива наместо формален брак (Авировиќ-Бундалевска, Радуловиќ и Кескинова, 2023)

**Предности на вонбрачната заедница**

- Флексибилност;
- Лична слобода;
- Пробен брак (тестирање на компатибилност).

**Недостатоци на вонбрачната заедница**

- Недоволна стабилност;
- Недоволно препознавање;
- Социјална стигма;
- Недоволна правна заштита во некои земји (Seltzer, 2004).

*Модел на истополови семејства*: Истополовите семејства се состојат од парови од ист пол кои може да се во брак или партнерство. Со зголеменото признавање и прифаќање на истополовите врски, овие семејства во некои земји можат да имаат деца преку посвојување, помошни репродуктивни технологии или претходни врски. Моделот на истополови семејства не е присутен во македонското законодавство и не е познат бројот на ваквиот модел на семејства. Кога станува збор за истополовите семејства, повеќе внимание предизвикуваат недостатоците на овој вид семејства како на пример: недоволна правна заштита, дискриминација и неприфаќање од околината, дилемите за влијанието врз детскиот развој итн. (Umberson et al., 2015).

*Модел на проширено семејство*: Моделот на проширено семејство не може да се карактеризира како современ модел на семејство зашто е присутен од поодамна и повеќе има карактеристики на традиционален, меѓутоа, тој се уште е многу присутен во македонското општество и

затоа одлучивме да го вклучиме во овој преглед на семејни модели. Обично вклучува повеќе генерации и роднини кои живеат заедно или во непосредна близина. Овој модел ги нагласува силните меѓугенерациски врски и меѓусебната поддршка меѓу членовите на поширокото семејство. Тоа може да вклучува баби и дедовци, тетки, чичковци и братучеди кои живеат во исто домаќинство.

**Предности на проширените семејства**

- Помош и поддршка околу домашните работи и грижата за децата;
- Одржување на блиски односи со поширокото семејство;
- Обединување на семејниот буџет.

**Слабости на пошироките семејства**

- Недостаток на приватност;
- Борба за авторитет;
- Мешање во бракот и родителството (Morton, 2019).



**Сл. 2**: Приказ на проширено семејство

## 1.3 Семејни животни циклуси

*„While the family life cycle has its seasons of change, it is the warmth of love, the strength of unity, and the bonds that endure, which make it a timeless masterpiece.“* - Oprah Winfrey

Семејните животни циклуси се однесуваат на различните фази низ кои поминува типично семејство додека еволуира и доживува различни животни настани и транзиции. Овие фази може да се карактеризираат со промени во семејната структура, улоги и одговорности. Иако секое семејство е уникатно и можеби нема точно да ги следи овие фази, сепак теоријата за семејни животни циклуси обезбедува општа рамка за разбирање на типичната траекторија на развојот на семејството.

Теоријата на семејните животни циклуси започнува да се развива во средината на 20 век од страна на Евелин Дувал и Рубен Хил, двајца истакнати семејни истражувачи. Нивната работа ја поставува основата за разбирање на типичните фази и транзиции низ кои поминуваат семејствата при нивната еволуција со текот на времето (Martin, 2018). Во развојот на оваа теорија се појавуваат и други значајни истражувачи кои придонеле во понатамошно концептуализирање и понатамошен развој. Пол Глик (1955) ја проширува и модифицира оваа теорија со нагласување на улогата на задачите и транзициите низ кои поминуваат семејствата во текот на својот развој. Неговата работа ја истакна важноста на семејната адаптација на овие транзиции. Картер и МекГолдрик се познати по нивната работа во семејната терапија и семејното советување. Тие ја проширија теоријата со нагласување на влијанието на мултикултурните и генерациските фактори врз развојот на семејството (McGoldrick, Carter & Preto, 2016). Иван Наги придонесе за разбирање на семејните животни циклуси со фокусирање на променливите улоги и односи во семејствата со текот на времето. Неговата работа го нагласи преминот од фокус на двојката кон фокус на родителството, а подоцна и на баба и дедо (Boszormenyi-Nagy, Grunebaum, Ulrich, 1991). Мекоби и Мартин спровеле истражување за односите родител - дете и како тие се менуваат во текот на семејниот животен циклус. Нивната работа придонесе за разбирање на динамиката помеѓу родителите и нивните деца во различни семејни циклуси (Maccoby & Martin, 1983).

Од денешен аспект по низата влијанија од голем број истражувачи, а во контекст на модерното семејство, најчесто се препознаваат девет семејни животни циклуси.

**Табела бр. 1: Семејни животни циклуси:**

| Семејни животни циклуси | Позиција во семејството | Семејни развојни задачи |
|---|---|---|
| **1 фаза – Предбрачен стадиум** | Ќерка/Сестра<br>Син/Брат | Диференцијација од семејството по потекло, развивање односи со врсници, кариера.<br>Финансиска независност, грижа за себе, формулирање на лични животни цели. |
| **2 фаза - Брачен пар без деца (преку брак или партнерство)** | Сопруг/га<br>Партнер/ка | Навигација како да живеат заедно. Прилагодување на односите со семејствата на потекло и социјалните мрежи со цел да се вклучи партнерот. |
| **3 фаза - Семејство со деца каде најстарото дете е помеѓу новороденче и 30 месеци** | Сопруга/Мајка<br>Сопруг/Татко<br>Мали деца | Подготовка и прилагодување на семејниот систем за децата.<br>Развивање на улоги како родители.<br>Редефинирање на улогите со пошироките семејства. |
| **4 фаза - Семејство со предучилишно дете** | Сопруга/Мајка<br>Сопруг/Татко<br>Ќерка/Сестра<br>Син/Брат | Социјализација, едукација и растење на децата. Како децата растат се оценува и прилагодува родителската улога во семејниот систем. Семејството може да стане многудетно. |
| **5 фаза - Семејство со училишно дете** | Сопруга/Мајка<br>Сопруг/Татко<br>Ќерка/Сестра<br>Син/Брат | Прилагодување кон заедницата.<br>Охрабрување на децата во постигнување на едукативни цели. Отворање на семејниот систем кон надворешните ресурси. |
| **6 фаза - Семејство со адолесцент** | Сопруга/Мајка<br>Сопруг/Татко<br>Ќерка/Сестра<br>Син/Брат | Прилагодување на односите родител - дете, со цел на адолесцентот да му се обезбеди поголема независност со безбедни граници.<br>Средовечни предизвици на родителите и проблемите со кариерата.<br>Развој на постродителски интереси. |
| **7 фаза - Лансирачко семејство (од прво до последно дете заминува од дома)** | Сопруга/Мајка/Баба<br>Сопруг/Татко/Дедо | Навигација на родителските односи возрасен - возрасен.<br>Решавање на средовечни проблеми.<br>Грижа за постарите членови на семејството. |
| **8 Фаза - Постродителско семејство („празно гнездо“)** | Сопруга/Мајка/Баба<br>Сопруг/Татко/Дедо | Приспособување да се биде пар без деца кои живеат дома.<br>Грижа за постарите членови на семејството. |
| **9 – фаза Остарено семејство (од пензија до смртта на двата брачни другари)** | Сопруга/Мајка/Баба<br>Сопруг/Татко/Дедо<br>Вдовец/Вдовица | Учење нови улоги поврзани со пензионирање, губење на партнер и навикнување на самотен живот, промени поврзани со здравјето, продавање на домот. |

Извор: Laszloffy, 2014

Важно е да се забележи дека не сите семејства точно ја следат оваа низа, а некои семејства може да доживеат уникатни предизвици или варијации во нивниот животен циклус. Дополнително, семејствата можат да поминат низ повеќе циклуси ако живеат заедно повеќе од една генерација или ако доживеат значајни животни настани, како што се развод и повторен брак. Оваа теорија во основа се заснова на традиционално, нуклеарно, недопрено семејство (Laszloffy, 2014).

Разбирањето на семејниот животен циклус може да биде корисно за поединци и парови додека се движат низ транзициите и предизвиците што ги носи секоја фаза. Исто така, може да биде драгоцена алатка за семејните терапевти и советници кои работат со семејствата за решавање на конкретни прашања и грижи во различни точки од нивниот развој.

**1 фаза – Предбрачен стадиум**



За разлика од традиционалните социолошки прикази на семејните животни циклуси, МекГолдрик, Хајман и Картер (2015) предлагаат перспектива што го иницира семејниот животен циклус со фазата на невенчана зрелост (млад неврзан). Во текот на оваа фаза, примарна цел е младите возрасни да постигнат независност од нивното семејство на потекло. Овој период има значително влијание врз одлуките поврзани со бракот, неговиот тајминг, природата и дали воопшто истиот ќе се случи, како и врз обликувањето на следните фази во рамките на семејниот животен циклус. Адекватното завршување на оваа животна фаза бара младиот возрасен поединец да се одвои од семејството на потекло без да се отсече или да побегне реактивно во емотивно засолниште кое ќе биде замена. Оваа фаза се смета за клучен спој во кој поединците ги воспоставуваат личните животни цели пред да започнат со формирање на нов семеен систем. Кога младите луѓе успешно ќе воспостават емоционална независност од нивните семејства на потекло, толку помалку вертикални стресови ќе ги следат во нивниот нареден семеен животен циклус.

Пред неколку децении, оваа фаза главно ја доживувале мажите, додека жените обично преминувале директно од нивните семејства на потекло во новоформирани семејства. За мажите, оваа фаза често означува започнување на нивните кариери, додека за жените, пронаоѓањето на партнер обично имаше предност пред кариерата. Жените често се соочуваат со конфликти помеѓу општествените очекувања, семејните притисоци и нивните аспирации за кариера. Колку повеќе жените им даваат приоритет на кариерата, толку повеќе тоа би можело да влијае на нивните брачни изгледи, за разлика од мажите, чиј успех во образованието и кариерата често ги зголемува нивните шанси за брак.

**2 фаза - Брачен пар без деца**

Оваа фаза обично се случува откако паротсе венчал или се обврзал на долгорочно партнерство, но пред да имаат деца. Во оваа фаза, примарен фокус е врската на парот. Паровите имаат повеќе време и слобода да ја негуваат својата врска, да ја зајакнат својата емотивна поврзаност и да изградат силна основа за нивното идно семејство.



Без одговорностите на родителството, паровите често даваат приоритет на нивните кариери и на личниот развој. Тие можат да продолжат со понатамошно образование, да ги унапредат своите кариери или да се посветат на своите интереси и хобија. Во оваа фаза паровите често работат на постигнување финансиска стабилност, што може да вклучи заштеда на пари, значајни купување (како дом) и планирање на иднината. Отсуството на деца им овозможува на паровите да имаат поголема флексибилност и во нивниот социјален живот. Тие можат да поминуваат време со пријателите, да патуваат и да се вклучат во социјални активности без ограничувањата што доаѓаат со родителството.Сепак голем дел од паровите се подготвуваат за наредната фаза во која се остваруваат во улогата на родители. Ова може да вклучи дискусија за планирање на семејството, размислување за родителските филозофии и правење неопходни промени во нивниот дом и начин на живот во очекување на потомство (Pelton & Katherine, 2011). Иако оваа фаза може да биде време на голема блискост и личен раст за парот, може да донесе и предизвици. Паровите

може да наидат на општествени очекувања или на притисок да основаат семејство и можеби ќе треба да се носат со овие очекувања додека донесуваат одлуки за тоа кога и дали да имаат деца. Дополнително, некои парови може да се соочат со неплодност или со други предизвици при зачнувањето, што може да влијае на нивните искуства во оваа фаза (Pelton & Katherine, 2011).

### 3 фаза - Семејство со деца каде најстарото дете е помеѓу новороденче и 30 месеци

Оваа фаза го означува преминот од двојка кон станување родители. Тоа е време на прилагодување бидејќи родителите учат да се грижат и да се поврзуваат со своето новороденче. Родителите во оваа фаза се интензивно вклучени во задоволувањето на потребите на нивното мало дете. Тоа вклучува хранење, пелени, капење и обезбедување емоционална поддршка. Новите родители често доживуваат недостаток на сон поради неправилните обрасци на спиење на доенчињата. Ова може да влијае на нивната физичка и емоционална благосостојба.



Двајцата партнери, односно родители ќе треба да се прилагодат на новите улоги и одговорности. Ова може да вклучи промени во работните распореди, поделба на домашните обврски и потреба од ефективна комуникација и тимска работа. Доаѓањето на детето секако бара прилагодување и на семејниот буџет. Семејството има нови трошоците поврзани со грижата за бебето од различни аспекти.

Во однос на емоциите родителите може да искусат низа емоции, од радост и исполнетост до анксиозност и стрес. Прилагодувањето на барањата на родителството може да биде и наградувачко и предизвикувачко. Многу често грижа за мало дете може да доведе до социјална изолација. Некои од родителите ќе имаат помалку време за социјални активности и пријателства надвор од семејството (Laszloffy, 2004).

## 4 Фаза – Семејство со предучилишно дете

Овој семеен животен циклус се протега од кога најстарото дете има околу 2,5 години до околу 5 или 6 години. Во оваа фаза, децата го развиваат своето чувство за независност и автономија. Тие почнуваат да го истражуваат светот околу нив, стануваат љубопитни и поактивни. Многу семејства ги запишуваат своите деца во предучилишни установи во насока да го поддржат нивниот когнитивен и социјален развој. Ова може да биде значајна транзиција и за родителите и за децата. И во оваа фаза родителите продолжуваат да играат централна улога во животот на своето дете, обезбедувајќи емоционална поддршка, водство и негување.



Во семејствата со повеќе деца, децата од предучилишна возраст може да почнат повеќе да комуницираат со своите браќа и сестри. Родителите често треба да управуваат со ривалството помеѓу браќата и сестрите и да поттикнуваат позитивни односи меѓу нив. Децата почнуваат да комуницираат повеќе со врсниците, со ова се олеснува и социјализацијата на родителите кои остваруваат социјални интеракции и пријателства со родители кои имаат деца на иста или слична возраст.

Урамнотежувањето помеѓу работата и семејниот живот сè уште останува предизвик за многу родители, особено ако двајцата родители се вработени. Во овој период се донесуваат и важни одлуки во однос на формите за згрижување на детето, како што се предучилишна установа, дневен престој или ангажирање дадилка. Родителите во овој период може да искусат низа стресни ситуации, да наидат на предизвици поврзани со дисциплина, бес и управување со енергијата и љубопитноста на нивното дете, поради што неретко имаат потреба од поддршка, совет, насока за справување со секојдневните предизвици, како и за зачувување на партнерската врска (Mcgoldrick et al, 2015).

Според Пети (2006) во фазите три и четири стапката на разводи е највисока поради тоа што треба да се најдат начини да се балансира родителството и да се биде брачен другар. Создавање мрежа за поддршка составена од пријатели, членови на пошироко семејство и родителски групи може да биде од суштинско значење во оваа фаза. Овие мрежи обезбедуваат емоционална поддршка и вредни информации за новите родители (Peti, 2006).

## 5 Фаза - Семејство со училишно дете

Фазата на овој семеен животен циклус се карактеризира со семејства со деца на училишна возраст, и обично се протега од моментот кога најстарото дете започнува да оди на училиште (обично околу 5 или 6 години) и продолжува во текот на неговото основно и средно образование.



Една од централните карактеристики на оваа фаза е отпочнување на формалното образование на детето. Родителите продолжуваат со својата активна улога во образованието на своето дете, го поддржуваат неговото учење и помагаат во домашните задачи. Децата на училишна возраст често се вклучуваат во разни вонннаставни активности како што се спорт, часови по музика и многу други активности. Родителите можеби ќе треба да управуваат со распоредот на своето дете за да се приспособат на овие активности. Децата продолжуваат да ги развиваат своите социјални вештини и да формираат пријателства со врсниците, особено е важно родителите да ги поттикнат позитивните социјални интеракции.

Урамнотежувањето на работата и семејниот живот останува предизвик за родителите, особено затоа што жонглираат со училишниот распоред и активностите на своето дете. Од овој аспект корисно е да се воспостави рутина и структура со цел повешто управување со барањата на работното место од една страна и училиштето, домашните задачи и воннаставните активности од друга страна. Рутината и структурата развиваат чувство на стабилност и предвидливост кај децата. Настанува промена и на динамиката на браќата или сестрите како што децата растат и созреваат, постарите браќа и сестри може да преземат повеќе заш-

титна или менторска улога, и секако да бидат од помош при балансирањето на секојдневните обврски и создавањето на дневна рутина (Mcgoldrick et al, 2015).

**6 фаза - Семејство со адолесцент**

Оваа фаза обично се протега од кога најстарото дете влегува во адолесценција, што е приближно на возраст од 12 или 13 години, преку тинејџерските години до раната зрелост.



Адолесцентите доживуваат низа промени на индивидуално ниво (физички и емоционални промени) кои понатаму влијаат на ниво на семејниот систем. Адолесцентите се стремат кон зголемена независност и автономија, бараат повеќе слобода, самостојност во донесување одлуки. Тие се во фаза на формирање на идентитетот, истражувајќи ги своите интереси, вредности и верувања. Можат да експериментираат со различни улоги со цел да се осознаат себеси. Односите со врсниците стануваат сѐ поважни во оваа фаза. Адолесцентите често им се обраќаат на своите пријатели за поддршка и потврда, а влијанието од врсниците може да биде интензивно. Продолжува да се развива динамиката на браќата или сестрите, при што постарите браќа и сестри често служат како модели или ментори за помладите. Паралелно со интензивниот емоционален и физички развој, адолесцентите чувствуваат и зголемување на академските притисоци, од нив се очекуваат повисоки академски достигнувања, планирање на понатамошното образование и кариера.

Родителството во овој период може да биде предизвикувачко, адолесцентите ја потврдуваат својата независност и го предизвикуваат родителскиот авторитет што често резултира со конфликт помеѓу родителите и децата. Овие конфликти се нормален дел од процесот на диференцијација.

Ефективната комуникација со адолесцентите може да биде предизвик, бидејќи тие стануваат позатворени или селективни во она што го споделуваат со своите родители. Затоа е особено важно родителите да стимулираат градење на силни врски со своите деца, да нудат насоки и

поддршка кон нивна емоционална и психолошка благосостојба. Процесот на ефективна комуникација родителите ќе го реализираат преку активно слушање, отворена неосудувачка комуникација, почитување на перспективата на адолесцентите, како и емпатија и валидација на нивните емоции и ставови.

Во исто време овој семеен животен циклус може да овозможи позитивен раст и креативно истражување за целото семејство. Семејствата кои најдобро функционираат во овој период имаат силни, флексибилни бракови развиени преку добра комуникација, решавање проблеми, заемна грижа, поддршка и доверба (Slee et al., 2012).

### 7 фаза - Лансирачко семејство

Во оваа фаза од семејниот животен циклус родителите преминуваат од активно воспитување и поддршка на нивните возрасни деца кон поттикнување на нивната независност додека тие се иселуваат од семејниот дом и го започнуваат сопствениот живот како возрасни луѓе. Оваа фаза обично започнува кога возрасните деца го напуштаат домот реализирајќи го процесот на сепарација и индивидуализација.



Родителите може да доживеат мешавина од емоции, вклучувајќи чувство на загуба, празнина, осаменост, тага и депресија. Клучна вештина во оваа фаза е развивање на однос кон сопствените деца како возрасни зрели личности. Семејството може да се соочи со предизвик на прифаќање на нови членови преку браковите на нивните деца, и да се соочат со нова позиција на баба и дедо.

Родителите неминовно треба да ги редефинираат своите улоги и рутини, бидејќи повеќе не се потребни родителски одговорности. Имаат поголема слобода и флексибилност да се фокусираат на сопствените интереси и цели. Паровите може да имаат повеќе време да ја негуваат својата врска, повторно да ги откријат заедничките интереси или да решаваат проблеми кои долго биле запоставени. Ова, исто така, може да биде период на ослободување бидејќи финансискиот товар е по-

мал отколку во првите години на семејната одговорност, па постои потенцијал за влегување во нови неиспитани подрачја - патувања, хоби, нови кариери.

Мажите и жените обично се движат во различни психолошки насоки. Мажите може да почнат да ја бараат блискоста што ја испуштиле, веројатно сфаќајќи дека испуштиле најголем дел од интимноста на развојот на нивните деца (Levinson, 1978). Од друга страна кај жените, по годините на грижа за другите, може да се зголемува ентузијазмот за развивање сопствен живот - кариера, пријателства надвор од семејството и други активности. Кај нив расте енергијата на слободното време и истражување на новите опции за себе. Сепак, за жените од традиционалните семејства ова може да биде посебен стрес бидејќи тие често чувствуваат дека ги немаат вештините кои се потребни за справување со надворешниот свет (Barber, 1989).

Здравствените грижи кои често се појавуваат кај партнерите во овој семеен животен циклус вклучуваат: висок крвен притисок, предизвици за управување со тежината, артритис, симптоми на менопауза, остеопороза, коронарна артериска болест, депресија и подложност на болести поврзани со стрес. Оваа фаза може да вклучи дополнителен стрес од грижата за постарите родители, што може да има импликации кон нивното здравје и благосостојба.

## 8 фаза - Постродителско семејство („празно гнездо“)

Фазата „постродителство“, позната и како фаза „празно гнездо“ или „пензионирање“, претставува период во семејниот животен циклус кога родителите успешно ги лансирале своите возрасни деца во независен живот.



Овој животен циклус им нуди на родителите можност да се фокусираат на личен раст, да истражуваат нови хобија, интереси и страсти, повторно да ги откријат сопствените цели и аспирации. Паровите може да имаат повеќе време да инвестираат во својата брачна врска. Ова може да биде време за зајакнување на врската, вклучување во заеднички активности и повторно поврзување како двојка. Некои родители во оваа фаза може да станат баби и дедовци, носејќи нови радости и одговорности, овие нови уло-

ги може да биде извор на исполнување и поврзување со помладата генерација.

Од друга страна овој животен циклус може да носи многу предизвици, на емоционален план партнерите се соочуваат со стареење и смрт на сопствените родители, депресија, анксиозност, како и можни сериозни здравствени предизвици (Wawrzyniak, 2015).

## 9 – фаза Остарено семејство

Оваа фаза обично започнува кога родителите ќе достигнат возраст за пензионирање и продолжува до нивните подоцнежни години.

Како што стареат здравјето им станува централна грижа. Често се справуваат со хронични здравствени состојби, проблеми со мобилност и потреба од медицинска нега и помош. Финансиското планирање и управување стануваат критични во оваа фаза. Родителите можеби ќе треба внимателно да раководат со финансиите за да ја обезбедат нивната финансиска сигурност за време на пензионирањето и да се занимаваат со планирање на имотот и прашања за наследство. Родителите може да прават рефлексија на нивното животно патување, достигнувања, целите и наследството што сакаат да го остават зад себе за идните генерации.



Динамиката на односите помеѓу остарените родители и нивните возрасни деца може да се смени бидејќи родителите бараат поголема поддршка. Возрасните деца можеби ќе треба да ги балансираат сопствените животи со обврските за грижа.

Се донесуваат важни одлуки во однос на тоа каде ќе го продолжат својот живот. Некои остарени родители избираат да останат во своите домови, додека други може да размислат за преселување во пензионерски заедници или за истражување на опциите за асистирано живеење.

Овој животен циклус се одликува со тешки емоционално обоени периоди кога се случува губиток на партнерот или се очекува сопствениот животен крај. Очекувани се дискусии за преференциите за нега на крајот на животот, претходните директиви и аранжмани за погреб (Mcgoldrick et al, 2015).

## 1.4 Карактеристики на македонското семејство

*„No family is perfect, we argue, we fight, we even stop talking to each other at times but in the end, family is family the love will always be there“* - Unknown author

Додека структурата на поширокото семејство продолжува да биде важна за многу Македонци, влијанието на членовите на поширокото семејство врз одлучувањето и секојдневните работи постепено се намалува во современото време. Помладите генерации сѐ повеќе прават независни избори во врска со кариерата, бракот и воспитувањето на децата. Денеска, може да се каже дека најчестиот модел на семејство во Северна Македонија е нуклеарното семејство, домаќинство составено од родители и нивните деца, кои обично живеат заедно под еден покрив. Овој модел на семејство стана поприсутен во урбаните средини и меѓу помладите генерации, под влијание на општествените промени, економските фактори и урбанизацијата. Во моделот на нуклеарно семејство, домаќинството обично вклучува двајца родители (во брак) и нивните издржувани деца. Оваа семејна структура во македонското општество често се смета за пофлексибилна и поприлагодлива на модерниот начин на живот, бидејќи овозможува поголема мобилност и автономија во споредба со моделот на поширокото семејство. Овој модел на современо семејство, честопати наречено и егалитарно, демократско, индустриско, конјугално се карактеризира со помалку силни роднински врски, демократски авторитет, неолокално и подвижно, динамично, ориентирано кон поединците и нивната среќа и задоволство (Јовановиќ, 1998).

Сепак, важно е да се напомене дека додека нуклеарното семејство станува сѐ повообичаено, Северна Македонија сѐ уште задржува некои аспекти од традиционалниот модел на проширено семејство, особено во руралните и поконзервативните области. Во овие региони присутни се големи семејства т.н. „семејни задруги“ каде што повеќе генерации живеат заедно под еден покрив или во непосредна близина, нагласувајќи ги силните семејни врски и меѓусебната поддршка. Не е невообичаено бабите, дедовците, родителите и децата да живеат во исто домаќинство. Ваквите семејства традиционално следат патријархална структура, каде што мажот е глава на домаќинството, има авторитет и носи важни одлуки за семејството. Најстариот маж, како дедото или таткото, често делува како глава на семејството. Родовите улоги во рамките на ваквите семеј-

ства имаат тенденција да бидат потрадиционални. Мажите обично се одговорни за финансиски средства за обезбедување на семејството, додека жените првенствено се фокусираат на домашните работи, воспитувањето на децата и негувањето на семејството. Семејните собири и прослави се важни прилики за негување и одржување на врските со поширокото семејство. Бракот е високо ценет кај овој тип на семејства, а раѓањето деца се смета за основен дел од семејниот живот. Членовите на поширокото семејство, исто така, играат активна улога во поддршката на паровите и младите родители. Ваквите семејства всушност ги имаат основните карактеристики на патријархалното семејство наведени кај Golubovic (1981) и Јовановиќ (1998) како проширена и здружена заедница, стабилна, поради зачувување на заедничкиот имот, поради што разводот на брак е непожелен; и се базира на принципите на почит спрема мажот и таткото; одржување тесни врски со роднинските групи, особено по татковата линија; патрилокално; авторитарен начин на однесување; претставува елементарна економска заедница и ги врши речиси сите функции во однос на своите членови: заштитна, здравствена, воспитно-образовна итн.

Според добиените резултати од едно истражување за „Карактеристиките на семејните модели во урбани и рурални средини" во Македонија, најголем број од семејствата кои живеат во рурални средини, се проширени и традиционални. Местото на резиденција им е патрифокално и се занимаваат најчесто со сите видови на дејности како примарни, секундарни, терцијарни и квартарни. Социјализацијата на децата во предучилишниот период кај најголем процент од семејствата е препуштена на членовите на поширокото семејство. Во руралните средини семејствата многу повеќе одржуваат контакти со поширокото семејство и со соседите. Улогата на жената и процесот на еманципација во овие средини е малку развиена. Во најголем дел од семејствата со финансиите управува мажот, а обврските околу домот ѝ припаѓаат на жената. Исто така, само половина од жените во семејствата од руралните средини се вклучени на пазарот на труд, што укажува на слаба економска активност на жените во овие средини. Уште една традиционална карактеристика на овие семејства е тоа што најголем дел сметаат дека репродуктивната функција нужно е поврзана со постоењето на институцијата брак. Солидарноста и емпатијата кон постарите членови е изразена во овие семејства (Радуловиќ и Мишевска, 2020).

Семејствата кои живеат во урбаните средини се карактеризираат со помала големина на семејството пред сѐ и доминантни се нуклеарните

семејства со родители и две деца. Овие семејства се карактеризираат со егалитарност и демократичност и наликуваат на голем број европски семејства (Радуловиќ, 2014). Сè повеќе жени работат и придонесуваат за семејниот буџет и семејствата со двојни примања (dual earners families) стануваат сè почести во урбаните средини. Двајцата родители често придонесуваат за финансиите во домаќинството и ги споделуваат одговорностите за грижата за децата и домашните задачи што доведува до порамноправна семејна динамика. Зголемената географска оддалеченост од членовите на поширокото семејство, резултира со помало потпирање на поддршката од поширокото семејство и поголем акцент на самодовербата и врските во потесното семејство. Меѓутоа, „урбаните" семејства имаат поголем пристап до градинки, училишта и институции за поддршка во одгледувањето деца, па тоа е можеби и причина што поретко сè потпираат на поширокото семејство. Исто така, тие имаат пристап и до широк спектар на социјални и културни активности, како што се концерти, театри, спортски настани и собири во заедницата. Ова придонесува за поживописен социјален живот. Според истражувањето погореспоменато, во урбаните средини најголем дел од семејствата се нуклеарни со неолокална резиденција. Социјализацијата на децата во предучилишниот период ја преземаат соодветните институции - градинки и поретко се вклучуваат останатите роднини. Во најголем дел од семејствата се разговара за проблемите и предизвиците со кои се соочуваат децата и најголем број од нив посетуваат дополнителни активности надвор од училишните активности. Кога станува збор за зачестеноста на контактите со поширокото семејство и роднините и соседите, кај семејствата во урбаните средини овие контакти се редуцирани. Присутна е поголема еманципираност на жената односно, голем процент од паровите заедно менаџираат со финансиските средства, ги делат домашните обврски и висок е процентот на жени вклучени во пазарот на трудот. Поголем процент од семејствата сметаат дека репродуктивната функција може да се извршува и надвор од бракот. Исто така, голем дел од овие семејства грижата за постарите членови би ја препуштиле на институциите (Радуловиќ и Мишевска, 2020).

## 1.5 Функции на современото македонско семејство

*„The functions of the family in a highly differentiated society are not to be interpreted as functions directly on behalf of the society, but on behalf of personality.“* –Talcott Parsons

ПОГОЛЕМ ПРОЦЕНТ ОД УРБАНИТЕ СЕМЕЈСТВАТА СМЕТААТ ДЕКА РЕПРОДУКТИВНАТА ФУНКЦИЈА МОЖЕ ДА СЕ ИЗВРШУВА И НАДВОР ОД БРАКОТ

Семејството остварува повеќе функции кои имаат големо значење во општеството, функции кои со текот на времето се трансформирале следејќи го процесот на еволуцијата на самото семејство, додека пак други функции целосно го изгубиле своето значење, отстапувајќи им место на новите функции на семејството, кои се карактеристични особено за современите облици на оваа институција.

Функциите на семејствата претрпеа значителни промени со текот на времето поради промената на општествената динамика и културните влијанија. Поради овие неколку промени во функциите на семејството, неговото значење е исто така значително намалено. Дури и некои од функциите на семејството се префрлени на други институции што доведува до дополнително намалување на неговото значење. Во минатото семејството вршело функции на работилница, училиште, црква, болница и старечки дом. Меѓутоа, во последниве сто години овие функции ги презедоа други институции, а семејството од производна се претвори во потрошувачка заедница чија основа задача е одгледувањето деца (Мицковиќ, 2008:95). Но, оваа промена не е ограничена само на нејзините несуштински функции. Неговите суштински или примарни функции исто така драстично се менуваат. Сепак, следните промени се среќаваат во функциите на семејството.

Тука можеме да ги наброиме **репродуктивната функција**, која несомнено била и останала една од основните функции на семејството во сите етапи на неговиот општествено-историски развој. Таа произлегува од природниот закон за продолжување на човечкиот род, како последица на односот помеѓу мажот и жената, кој се реализира во рамките на семејството. Оваа функција се смета како примарна функција токму поради репродуктивната природа, бидејќи со раѓањето на деца, се обновува населението и продолжува човековиот род. Задоволувањето на сексуал-

ните потреби била една од најважните функции на македонското семејство кога сексуалните односи пред бракот не се одобрувале или се забранувале, па луѓето стапувале во брак со таа цел. Меѓутоа ваквиот став сè повеќе се либерализирал и ослободувал од стегите на конзервативните гледишта и како резултат на тоа се зголемуваат предбрачните и вонбрачните сексуални односи. Задоволувањето на сексуалните потреби не е повеќе исклучиво врзано за бракот, па дури ни за репродукцијата (Ацевски, 2013: 689). Современото семејство веќе не успева да ја спроведе својата традиционална контрола во регулирањето на сексуалното однесување на своите членови. Оваа функција го губи своето значење за македонското семејство.

**РЕПРОДУКТИВНАТА ФУНКЦИЈА ГО ГУБИ СВОЕТО ЗНАЧЕЊЕ ЗА МАКЕДОНСКОТО СЕМЕЈСТВО**

Во традиционалното општество, репродуктивната функција беше една од најважните суштински функции на семејството. Во минатото, забременувањето и раѓањето се случувале исклучиво во семејството, меѓутоа, денес со развојот на науката и технологијата овој концепт се менува. Оваа функција не останува само во рамките на семејството, поради новите облици на заедничко живеење и создавање на семејство, односно веќе бракот не претставува единствената единица во која се раѓаат деца. Забременувањето може да се случи во лабораториски услови и без партнер. Имањето деца не се случува единствено во брачната заедница и сè поголем број жени се одлучуваат да имаат деца сами. Иако, процентот на вонбрачни деца во Република Северна Македонија е сè уште мал во споредба со земјите од Европската Унија, може да се каже дека репродуктивната функција слабее и полека го намалува своето значење за македонското семејство.

**Економската функција** спаѓа во редот на оние семејни функции кои доживеале значајна трансформација поради еволуцијата на семејството во целост. Историски гледано, семејствата често служеле како економски единици, со примарна функција да ги обезбедат основните потреби и финансиската стабилност на нивните членови. Меѓутоа, со зголеменото учество на двајцата родители во работната сила и промените во економијата, економската функција на семејствата еволуираше. Семејствата сега често се фокусираат на стратегии со двоен приход, финансиско планирање и прилагодување на економските предизвици. На почетокот, кога производните односи сè уште не биле доволно развиени, потребите на семејството се задоволувале во рамките на семејната заед-

ница и токму поради таа причина семејството не претставувало само биолошка туку и производна заедница. А со настапувањето на современите услови на живеење, економската функција го губи своето значење за семејството, кое од производствена се преобразува во потрошувачка општествена заедница. Промените на економската функција се однесуваат и на застапеноста на жената на пазарот на труд и обединувањето на два приходи во домот. Исто така, денеска и децата придонесуваат во семејниот буџет, кога ќе навршат одредена возраст која законски е пропишана тие повремено или редовно имаат работен ангажман и финансиски придонесуваат во буџетот.

**Воспитно-образовната функција** и покрај сите промени во општеството, останува и натаму значајна за формирање на личноста на децата во рамките на семејството. Во едно истражување за промените на македонското семејство Радуловиќ (2020) истакнува дека со сигурност се менуваат функциите на семејствата, репродуктивната функција повеќе не е примарна за склучување брак и формирање семејство. Меѓутоа сите испитаници изјавиле дека стапиле во брак заради љубов, а како најважна улога на семејството ја наведуваат воспитната, односно воспитувањето на идните генерации.

**НАЈВАЖНА УЛОГА НА СЕМЕЈСТВОТО Е ВОСПИТНАТА**

Во периодот на појава на капитализмот, воспитно-образовната функција најнепосредно се остварувала помеѓу родителите и децата, поради непостоење на организиран систем на образование во кој би биле вклучени децата, за таа подоцна во услови на капиталистички општествени односи, да биде преземена од страна на одредени државни односно општествени институции.

И денеска современото семејство врши голем број образовни функции за своите членови. Тоа е првото училиште за децата и прозорец кон светот. Основните знаења за сѐ што нѐ опкружува се стекнуваат од и во семејството. Но, во денешно време улогата на семејството во образованието е многу намалена, затоа што семејството ја нема ексклузивната улога во однос на едукацијата и воспитувањето. Присутни се голем број институции како градинки, училишта, универзитети и технички институции за згрижување и едукација кои ја преземаат или надополнуваат функцијата на образување и воспитување.

**Заштитната функција** на семејството имала големо значење во раните фази од развојот на семејството. Во античко време, семејството ги

заштитувало своите членови од сите неприлики. Примарна должност на семејството било да обезбеди сигурност и заштита на стари лица, болни, хендикепирани итн. На тој начин се обезбедувала материјална и психолошка сигурност на членовите на семејството, која сега во модерното општество сè повеќе преминува во рацете на државните и општествените институции од здравствен и социјален карактер кои се компетентни да им пружат помош на оние кои имаат потреба од истата, како што се: болници, домови за стари лица, разни центри за помош и грижа итн. Грижата за остарените родители е нов предизвик на заштитната функција. Како што старее населението и се зголемува очекуваниот животен век, потребата за грижа за остарените родители или постарите членови на семејството станува поистакната. Семејствата се соочуваат со предизвици поврзани со обезбедување поддршка, здравствена заштита и приспособување кон променливите семејни структури, каде што децата можеби се географски оддалечени или немаат финансиски можности за професионална институционална помош.

**Социјализаторската функција** на семејството е тесно поврзана со останатите, особено со репродуктивната и заштитната. Преку неа децата ги учат и добиваат првите сознанија за општествените појави, за другите членови од семејството, за тоа што е добро а што лошо, што е штетно а што корисно. Семејствата продолжуваат да играат клучна улога во социјализацијата и во образованието на децата, но природата на оваа функција еволуираше. Сега постои поголем акцент на негувањето на индивидуалноста, независноста и вештините за критичко размислување кај децата. Семејствата, исто така, се движат по влијанието на технологијата и на дигиталните медиуми врз развојот на децата и се прилагодуваат на променливите образовни системи и можности. Денеска во улога на фактори на социјализација се и паметните електронски уреди, медиумите, социјалните мрежи и голем број неформални институции за згрижување и едукација.

Сепак, може да се каже дека оваа функција сè уште е многу важна, бидејќи поволните односи во семејството, меѓусебното почитување и љубов се најважниот предуслов за изградба на позитивни општествени вредности кај секоја личност. Во семејството се градат основните семејни вредности, етиката и моралот кои понатаму влијаат на поединецот меѓутоа и на целото општество. И покрај тоа што на макроскопско ниво семејството останало без функции, како што вели Парсонс (1992), неговата улога е од витално значење за поединецот и за општеството. Социјализацијата останува да биде универзално значајна функција. Семејството им

обезбедува на своите членови психолошка подготовка и поддршка потребни за да одговорат на потребите на системот (Ацевски, 2013:689).

**Емоционална функција -** Функцијата за давање емоционална поддршка во рамките на семејствата добива важност. Семејствата сѐ повеќе се препознаваат како клучни извори на емоционална благосостојба, емпатија и социјална поврзаност. Емоционалната поддршка вклучува обезбедување на безбедна и негувачка средина, промовирање на менталното здравје и поттикнување позитивни односи меѓу членовите на семејството. Оваа функција во модерното семејство добива сѐ поголемо значење и од причина што сите други функции на семејството постепено ги презема државната или општествената институција, па со тоа остава простор за развивање на меѓусебните чувства за љубов, приврзаност, почитување и емоционална експресија на членовите во семејството, кои сега семејството го гледаат и како средина за развивање и остварување на своите културни потреби (Трепеновска, Мицковиќ, Ристов, 2013). Современото семејство се карактеризира со исклучително големо значење на емотивните односи кои станаа доминантна карактеристика на односите во семејството. За разлика од претходниот период кога најзначајни функции на семејството беа економската и репродуктивната, според најголем број автори денес најважна функција на семејството е токму онаа што практично не постоеше во традиционалното семејство - емотивната функција (Мицковиќ, 2008:192).

Семејствата денес ставаат поголем акцент на емоционалните врски и на квалитетот на односите. Всушност, емоциите се основната причина за стапување во брак и формирање семејство. Младите луѓе ги вреднуваат високо на нивната скала на потреби и желби (Авировиќ-Бундалевска, Радуловиќ и Кескинова, 2023). Слободното време, рекреацијата и квалитетното време поминато заедно се важни за современите семејства. Семејствата ја препознаваат важноста на заедничките искуства, создавањето трајни спомени и промовирањето на благосостојбата преку активности како што се одмори, хоби и семејни излети.

Важно е да се забележи дека овие промени не се случуваат со иста динамика кај сите семејства. Семејните функции продолжуваат да се прилагодуваат и се развиваат како одговор на тековните општествени промени, технолошкиот напредок и променливите општествени очекувања. И тоа секако се одразува и во македонското општество.

# II Глава

# Семеен живот

# 2

## 2.1. Промени на семејниот живот

*„Other things may change us, but we start and end with the family.“ –Anthony Brandt*

Промената е непроменлив закон на природата. Семејството не е исклучок од овој универзален закон. Освен тоа, семејството реагира и на промените во општеството. Со промената на времето се воведуваат и низа промени и во структурата и во функциите на семејството како што можевме да видиме погоре.

Семејството како општествена појава го следи човештвото од неговото настанување па сè до ден денес. Без сомнение, кога говориме за семејството, пред нас се наоѓа можеби еден од најсложените феномени, кои потешко се елаборираат. Тоа е заедница која претставува целосна партиципација на личноста, кооперација и солидарност, како основи за меѓусебна соработка и припаѓање и не само врз рационална туку и врз емоционална основа (Ацевски, 2017). Тоа воедно е и една од фундаменталните заедници на општеството во целина, доколку се има предвид дека човекот се раѓа, расте, развива, живее и воспоставува најразлични односи токму во рамките на семејството преку кои ја игра најважната улога, формирање на личноста на поединецот. Една од доминантните карактеристики на семејството е неговата динамичност, поради која тоа никогаш не можело да се проучува како статистичка и општествена категорија, динамичност која се гледа преку бројните трансформации и промени во општественото живеење кои имаат огромно влијание врз семејството и семејните односи. Поради таа причина, во определени временски периоди тоа се менувало во целост или се менувале определени појави поврзани со него. Семејството се променило како одговор на променетите идеи за љубовта, со таков резултат што во дваесеттиот и дваесет и првиот век искуството било доста различно од она во деветнаесеттиот век и претходно (П. Џорџ, Бетк Елнштејн, 2013). Имено, додека во традиционалното општество физиономијата на семејството се состоела од поголем број на лица од различни генерации, во современото и модерното општество тоа се стои најчесто од родители и деца, односно семејството ја

добива својата нова структура, нуклеарното семејство. Промените во структурата и функцијата на семејството се препознатливи и во други сфери, како што се: одвојување на сексуалноста од репродукцијата, промена на концептот и практиката на родителството, промена во основните функции на семејството, поконкретно, замена на производната со потрошувачката функција, каде тој потрошувачки животен стил станува доминантен образец на живот за сите семејства, промена на улогите во семејство, домашните обврски, рамноправна распределба на моќта (Ацевски, 2017). Но, токму и како резултат на овие современи тенденции и промени кои ги напоменавме, овој современ модел на семејство кој природно настанува како резултат на сите тие промени, повеќе не ужива монопол, туку се присутни повеќе модели на современи семејства како на пример, вонбрачните семејства, еднородителски семејства, реконструирани, семејства со истополови родители итн. Имено, пред поединецот на современата епоха, се отвораат големи можности на чувствено, еротско и сексуално задоволување во секојдневниот живот, а со тоа следствено доаѓаат и промените во желбите на луѓето како и потребите кои при таа сексуална слобода ги развиваат во себе. Настануваат промени во комуникацијата, во секој нејзин аспект, како и промени во примарните вредности и однесувања на луѓето денес (Ацевски, 2017). Непосредните ефекти од индустријализацијата врз семејството и бракот како најстари институции се согледуваат и во применетите животни и работни услови на жената и на децата проследени со промените во прописите и општествените норми, во образованието, статусот на жената, еднаквоста, подобрениот животен стандард на населението, доброволното ограничување на детноста во семејството, односно свесно планирање на семејството (Јовановиќ, 1998).

Појавата на модерното семејство е последица на ерозијата на 5 традиционални вредности според анализата што ја прави Наисбит, и тоа на: 1. Во градовите, каде мигрира голем дел од селското население, се губи чувството за заедницата, поврзаноста со локалната заедница, нејзината постојана присутност во животот на семејството; 2. Под влијание на економските, социјалните и политичките промени во XVI и XVII век се губи чувството за авторитет што беше особено нагласено во традиционалното општество, каде почитувањето на авторитетот на постарите, побогатите, а особено авторитетот на таткото, беше основниот столб врз кој се потпираше социјалниот систем; 3. Општествената стабилност, основната карактеристика на традиционалното општество каде доминираше статичноста во социјалните односи, постепено се губи под влијание на географската, општествената мобилност иницирани од индустриската

револуција; 4. Како резултат на процесот на секуларизација се губи религиозниот карактер на општеството, што има огромно влијание врз семејството во традиционалното општество; 5. Модерниот човек ги губи психолошките корени, цврстата врска со лозата што беше основана за неговиот идентитет и постепено стекнува автономија и независност (Мицковиќ, 2008:96).

Но, како најголема промена која е забележана во она што се нарекува висока модерност, и причина за промените во структурата на бракот е развивање на идејата за романтична љубов, која ја идеализира љубовта и ја става на прво место, пред сè како причина за брак, како нешто што се смета дека ќе ги исполни сите желби и очекувања и ќе го направи животот исполнет. Романтичната љубов се базирала на идејата за силна привлечност на луѓето, а бракот е таа заедница која може најдобро да ја истакне оваа состојба (Ацевски, 2017).

Денес, семејните односи се поразновидни, покомплексни и попроменливи отколку во традиционалното нуклеарно семејство (брачна двојка и деца кои живеат заедно), односно поранешниот нормативен модел на семејниот живот. Британските семејни социолози Едварс и Гилс (2012) го насочија терминот „семејство“ кон терминот „семејства“, кон пошироки концепции на интимност, дури и личен живот. Широкопризнатите трендови на зголемени стапки на развод и соживот – кохабитација ги поддржуваат ваквите тврдења и тоа може да ги направи „семејствата“ да изгледаат помалку важни. Меѓутоа, аргументите за индивидуализација, исто така, се критикувани, бидејќи структурните фактори сè уште влијаат на можностите и се тврди дека и покрај општествените промени, „семејството“ сè уште е многу важно за луѓето (Carter & Duncan, 2016).

Според тоа, предизвик за современите научници е како најдобро да се долови искуството од семејниот живот, со оглед на неговата комплексност и неговата континуирана важност. Влијателна концепција меѓу британските семејни социолози е промената во фокусирање на „семејството“ како институција, т.е. структурата или функциите, семејствата и „практиките“. Според Морган „семејството“ треба активно да се создава, така што луѓето „прават“ семејство преку „практиките“, а не „да се биде семејство“ (на пример, домаќинство, административна категоризација). Семејните практики се секојдневни, обични, како доделени начини на живеење, кои се повторуваат и се рутински активности (на пример, споделување оброк). Во основа, овие активности добиваат значење како тие се извршуваат во однос на другите членови на семејството и на тој начин

станувaат „семејни практики“ (Morgan, 2011). Осврнувајќи се на вистинските искуства на луѓето што живеат, се нуди корисен начин да се надминат проблемите со кои се дефинираат „семејствата“ и се овозможува истражување на комплексните реалности на семејното живеење и поширокото општествено значење, бидејќи „семејството“ постојано се заведува и затврдува. Понатаму, кога се користи семејната практика, семејни врски со ист пол или т.н. „семејства по избор“ можат да „прават“ семејство, и покрај тоа што не се „семејство“, што беше особено важно пред законското признавање на истополовите бракови (Андревски, 2019:21).

Неодамна семејните форми станаа поразновидни, а инциденцата на нуклеарното семејство, т.е. домаќинство составено од брачна хетеросексуална двојка и нивните биолошки деца, се намалуваше. Денес, во споредба со претходните децении, повеќе луѓе живеат заедно, имаат деца, вонбрачни заедници, повторно партнерство, влез на маќеа, живот одделно од нивните деца, остануваат без деца или живеат во истополови партнерства. Овие „храбри нови“ семејствата се пионери на постмодерната семејна состојба, кои се борат да ја прифатат различноста и промената, и да генерираат сè повеќе рамноправни односи. Од оваа перспектива, моралната ситуација во семејството е во процес на радикална промена, развивајќи се во насока да ги опфати новите вредности на преговарање, автономија и заемно почитување. И покрај овој позитивен правец на демократија и еднаквост, теоретичарите за интимност, исто така, признаваат и дискутираат за тешкотиите и недостатоците на нетрадиционалниот живот, опишувајќи го како напор на постигнување и одржување на интимните односи во контекст на „индивидуализацијата“. Според Бек и Бек-Гемшеим (2002), да бидеш свој додека си близок со другите бара сложено балансирано однесување. Трендовите кон соживот и одвојување се толкуваат како последица на промената во семејните односи од „заедница од потреба“ дефинирана од пропишаните врски и обврски, до можност за сопствен избор. Во овој контекст, современите семејни односи се условени, карактеризирани со ризик и кревкост наспроти цврстите правила и ритуалите. Поединецот е во дадена ситуација каде што љубовта и интимноста стануваат истовремено сè повеќе идеал, а сепак е уште потешко да се обезбедуваат и одржуваат.

Овие промените во демографското однесување, исто така, влијаат на обрасците на семејниот живот. Луѓето денеска имаат поголем избор во начинот на живот и личните аранжмани и поголема слобода да го планираат својот живот. Така, обрасците на семејниот живот стануваат сè

поразновидни и животните настани се случуваат со различно темпо. (Brikner & Mayer 2005; Buchmann & Kriesi 2011).

Пред половина век, нуклеарното брачно семејство беше доминантна семејна норма. Таа норма очигледно исчезна во речиси сите европски земји. Навистина, во текот на изминатите пет децении во европските земји се случија забележителни промени во структурата на семејството и домаќинството. Просечната големина на домаќинството се намали со намалувањето на домаќинствата со пошироко семејство, а зголемен е и бројот на самохрани родители и на луѓе кои живеат сами. Нова норма кој прифаќа соживот и нови типови на семејни констелации, но само до степен до кој бројот на деца и бројот на грижливи возрасни е ограничен (норма 2 + 2), го презеде местото на нуклеарната семејна норма. Овие промени на нормите главно влијаат врз формирањето на семејството, врските станаа понеформални, а бракот повеќе не се смета за единствена рамка во која е можно да се живее како семејство и да се има деца.

Динамиката на конституирањето на семејствата се промени и во современите општества. Начините на кои се формираат домаќинствата се посложени отколку во минатото. Индивидуалните животни обрасци стануваат сè помалку униформни. Традиционалните чекори во семејниот развој, т.е. премин надвор од родителскиот дом и конституирање на независно домаќинство, формирање заедница, родителството, периодот на празно гнездо и на крајот стареењето стануваат сè повеќе диверзифицирани. Редоследот на животните фази во текот на животот станува сè поразновиден и понепредвидлив. Исто така слабее доминацијата на одредени обрасци на животниот тек.

Некои животни настани ги доживуваат помали делови од населението, кои се случуваат во повеќе различни возрасти и во различно времетраење (Brückner и Mayer 2005). Згора на тоа, индивидуалните животни траектории стануваат сè похетерогени со појавата на нови типови на домаќинства како што се големи семејства со повеќе генерации, реконструирани семејства, семејства со еден родител, живеење-одвоено-заедно и истополови парови.

Сите овие нетрадиционали семејните форми отстапуваат од нормата на констелацијата на нуклеарното семејство и семејниот живот.

Кохабитацијата и заедничкиот живот на партнерите се меѓу главните промени во однесувањето на семејствата кои напредуваа. Додека бракот беше блиску до универзален во Европа во 1960-тите, денес голем број парови живеат заедно без да се венчаат (Kiernan 2002 година; Kiernan 2004). Овој пораст на зачестеноста на заедничкиот живот се случи

многу порано во Северна отколку во Јужна и во Источна Европа. Во Северна Европа соживотот е сфатен како легитимна или нормална семејна форма.

**КОХАБИТАЦИЈАТА И ЗАЕДНИЧКИОТ ЖИВОТ НА ПАРТНЕРИТЕ СЕ МЕЃУ ГЛАВНИТЕ ПРОМЕНИ ВО СЕМЕЈСТВОТО**

На пример, во Франција, стана можно да се регистрира кохабитацијата на крајот на 1990-тите. Сепак, земјите во Јужна и во Источна Европа ја прифатија кохабитацијата подоцна, а во Република Северна Македонија станува актуелна во последниве години. Овој тренд се рефлектира и во зголемување на бројот на деца родени надвор од бракот. Во контекст на неформалните семејни заедници, Гиденс (2003) опишува посттрадиционално општество во кое, и мажите и жените, постепено ослободени од социјалните улоги и од ограничувањата поврзани со традиционалните општествени врски, се принудени свесно и рефлексивно да живеат преку секојдневните одлуки (поточно дефинирани од-ден-за-ден одлуки). Овој свесен процес се развива во личните односи, кои се оценуваат и спроведуваат од позиција на самосвест. Според Гиденс, луѓето сѐ повеќе бараат интимни врски со други кои се одржуваат врз основа на заемно знаење и разбирање. Тие т.н. „чисти односи“ се за нивно добро и се одржуваат обострано само врз основа на лично задоволство. Гиденс, исто така, забележува како фрагментирањето на воспоставените општествени структури во комбинација со одвојување на сексот и репродукцијата поттикнува појавата на нов вид „пластична сексуалност“ изразена надвор од конвенционалните граници. Таквите „трансформации на интимност“ се гледаат и како одговор и карактеристика на општествените промени.

Друга многу значајна промена во семејниот живот се времето и распоредот на настаните поврзани со семејниот циклус. На пример бракот се склучувал па потоа се размислувало за деца. Денеска овие настани често се случуваат со различен редослед. Сепак, тоа е различно за различни земји. Додека на некои места соживотот и родителството обично резултираат со брак веднаш по првото раѓање, на пр. во Источна Германија и во нордиските земји, бракот може да се одложи неколку години по првото породување (Perelli-Harris et al. 2012). Во некои источноевропски земји, напротив, т.н. „бракови со пушка“, т.е. бракови по зачнувањето, но пред раѓањето, се вообичаена шема (Sobotka и Tulemon 2008).

Ова укажува дека вонбрачните раѓања во земјите може да бидат стигматизирани повеќе отколку на друго место што би можело да се каже дека е случај и за нашата земја.

Моделите на транзиција кон зрелоста значително се променија во текот на изминатите децении.

Вообичаено, демографските настани од транзицијата кон зрелоста вклучуваат маркери како напуштање на родителскиот дом, завршување на образованието, обезбедување работа, брак или заеднички живот и имање деца. Пред неколку децении, транзицијата кон зрелоста се случувала брзо (обично до 25-годишна возраст за двата пола) и во уреден редослед почнувајќи со завршување на училиштето, вработување и заминување од дома. Во поново време транзицијата се одложува и станува посложен процес (Aassve et al. 2002; Settersten et al. 2006; Furstenberg, 2010).

„Традиционалните“ маркери на транзицијата кон зрелоста, како напуштање на домот, брак и родителството, веќе го немаат значењето во овој период од животот како некогаш. Повеќето од овие настани се случуваат многу подоцна од пред неколку децении. Покрај тоа, времето и редоследот на настаните се сменија. Транзициите во семејниот живот се одложени, бракот се склучува во доцните дваесетти или околу триесеттата година, често образованието се продолжува по бракот или по вработувањето, децата живеат во родителскиот дом и по триесеттата година. Јасно е дека транзицијата кон зрелоста стана покомплицирана, со пролиферација на патиштата (Lesnard et al. 2010; Toulemon 2010). Демографските однесувања како што се живеење самостојно или вонбрачните заедници станаа тренд кој е широко прифатен како дел од транзицијата кон зрелоста. Ваквите промени се присутни и во македонското општество.

Како дел од промените на семејното живеење вредно е да се спомена некои нови форми на живеење кои отстапуваат од постоечките стандарди, но предизвикуваат внимание. Овие нови семејни форми се ЛАТ-врски, LAT (Living Apart Together) „Живеење одвоено - заедно“ (ЛАТ). Овие врски генерално се однесуваат на паровите кои имаат интимна врска, но живеат одвоено. Со зголемувањето на неконвенционалните врски, разводите, повторното партнерство во поодмината возраст ЛАТ-врските стануваат почести. (de Jong Gierveld 2002; de Jong Gierveld and Latten 2008). Односите „живеење одвоено заедно“ (ЛАТ) или „нестанбени партнерства“ стануваат сè попопуларни и оттука „повидливи“ во западните земји. Според Левин (2004) овие врски стануваат многу интересни како за истражувачите, така и за јавноста воопшто. Тој ја дефинира ЛАТ-врската како „двојка која не дели заеднички дом. Секој од двајцата

партнери живее во својот дом, можеби со други луѓе. Овие врски, кои можe да вклучуваат партнери од ист или од спротивен пол, се карактеризираат со социјални и со емоционални врски кои се потенцијално сексуални.

Во моментов, сите истражувачи не се согласни за тоа колку се стабилни овие партнерства со оглед на тоа дека овие врски не се толку институционализирани како бракот или како вонбрачната заедница. Нема податоци за овој тип врски во Република Северна Македонија, ниту пак истражувања на оваа тема, меѓутоа веројатноста да се појават како нов тренд на семејно живеење во иднина е голема.

## 2.2 Најзначајни промени на македонското семејство

*„Change is the constant in our ever-evolving society, and the strength of our families lies in their ability to navigate these changes together, forging a brighter path for generations to come.“ - Michelle Obama*

Како резултат на горенаведените глобални демографски, општествени и социоекономски процеси и предизвици, може да се издвојат следниве позначајни промени на македонското семејство.




**Сл. 3** Промени во македонското семејство

Пред сè, **македонското семејство се стеснува и станува сè помало**. Има опаѓање на распространетоста на аранжмани за живеење со пошироко семејство, каде што повеќе генерации живееле заедно во исто домаќинство. Урбанизацијата, зголемената мобилност и менувањето на општествените норми доведоа до помали семејни единици, при што нуклеарните семејства стануваат сè почести. Ако на почетокот на осумдесеттите години доминирало семејството кое брои четири члена, денеска, доминираат домаќинства со два члена, а повеќе од двојно е зголемен процентот на самечки семејства (Завод за статистика, 1982; 2022). Од друга страна, намалениот број раѓања и помалиот број на деца во семејството го прави македонското семејство помало. Современото просечно македонско семејство има 1 - 2 деца. Врз перманентното опаѓање на наталитетот во Македонија влијаат многу фактори како: економската активност на жените, посветеност на образование и кариера, индивидуализација, меѓутоа и регулација на раѓањата за планирање на семејството (Јовановиќ, 1998.) Со оглед на демографските промени како што се миграциите и намалување на фертилитетот се очекува овој тренд да продолжи и понатаму.

**Одложен брак и родителство** - Во македонското општество има тренд на одложување на бракот и родителство. Помладите генерации се фокусираат на образованието, развојот на кариерата и личните цели пред да стапат во брак и да основаат семејство. Ова одложување има импликации за формирањето семејство и времето на раѓање. Така, континуирано сè повеќе се зголемува возраста на склучување брак и раѓање деца.

**Зголемени стапки на разводи -** Како и многу други општества, и Македонија доживеа зголемување на стапките на разводи. Промената на ставовите кон бракот, зајакнувањето на жените и развојот на општествените норми придонесоа за поголема инциденца на разводи. Иако стапката на разводи е значително помала во однос на европските земји, таа се зголемуваше во последниве неколку децении. На разводот помалку се гледа како на табу тема и младите луѓе не го гледаат бракот како трајна заедница. Не се подготвени да прават компромиси и на разводот гледаат како решение за несреќен брак (Авировиќ-Бундалевска, Радуловиќ и Кескинова, 2023).

**Зголемено образование и вработување на жените**. Во последниве неколку децении жените во Република Северна Македонија направија значителен напредок во образованието и можностите за вработување. Сè повеќе жени продолжуваат со високо образование и се

приклучуваат на работната сила, што резултира со промени на родовите улоги во семејствата. Зголеменото образование и вработување на жените придонесоа за поголема родова еднаквост во семејната динамика генерално. **Променетата улога на жената** можеби најдиректно влијае на трансформацијата на македонското семејството. Од помалку присутна, жената во економските процеси станува сѐ поприсутна дури некаде се појавува како движечка сила. Тоа подразбира дека жената во семејството сама остварува приход и може да се зборува за двоен буџет во семејството. Тоа пак ѝ овозможува пројавување во другите процеси, политички, хуманистички, женски движења итн. Трендот од западните општества во кои жените веќе не се подготвени да ги жртвуваат своите амбиции и напредување во кариерата за улогата на домаќинка, почнуваат да се забележуваат и кај нас. Жените сѐ повеќе се насочени остварување на своите амбиции, тие сакаат да работат, да изградат сопствена кариера, да имаат слобода на движење, можност за донесување одлуки. Клучен фактор за зголемување на моќта на жената во современото семејство е порастот на процентот на жени што се професионално активни. Со стекнувањето финансиска самостојност жените радикално ја менуваат структурата на моќ во бракот и во семејството, поради тоа што веќе не се целосно економски зависни од мажите (Мицковиќ, 2008:241). Оваа промена од една страна е позитивна и за жената како единка и за семејството и за општеството. Жената е исполнета и задоволна, семејството има два финансиски столба, а општеството добива нова работна сила, меѓутоа од друга страна, жената е растргната меѓу домот и кариерата, го одложува стапувањето во брак, како и раѓањето деца.

Највидливи се промените во **улогите на членовите на семејството** во урбаните современи модели на семејства. Супституција на улогите на мажот и жената и постепеното исчезнување на патријархалниот модел на односи е покарактеристичен за руралните средини, помалите градови и македонски села (Радуловиќ и Мишевска, 2020). Патријархалното општество и патријархалниот вредносен систем почнува брзо да се менува особено во периодот на транзиција на Република Македонија, но не со еднакво темпо и еднаква распространетост во сите семејни модели. Традиционалните родови улоги во македонските семејства претрпеа значајни промени. Мажите и жените во современите македонски семејства, сѐ почесто, подеднакво ги делат домашните обврски и одлучувањето. Идејата за маж кој е хранител и сопруга домаќинка станува сѐ помалку распространет, при што и двајцата партнери често придонесуваат за финансиска поддршка и учествуваат во домашните задачи.

Традиционалното нуклеарно семејство кое се состоеше од татко кој ги носи финансиите во домот, мајка домаќинка и зависни деца полека исчезнува. Како субјект на општествениот живот семејството денес може да испрати двајца претставници, и сопругот и жената. Тоа се должи на зголемената рамноправност на жената во домот и можноста да добие подеднакво добро платена работна позиција. Во овој случај татковците заземаа улоги кошто беа традиционално резервирани за жените. Особено периодот на приватизација кој остави многу мажи невработени беше тежок за улогата и статусот на мажите во општеството, но и во домот. Според некои сознанија во Република Македонија жените полесно ги преживеале транзициските процеси, зашто за нив тоа бил паралелен процес на еманципација (Андревски, 2014). Сепак, прифаќањето на новите односи помеѓу мажите и жените во современото семејство не се одвива ниту брзо, ниту лесно. Стереотипите за улогите на половите се сè уште исклучително силни поради што честопати доаѓа до судир помеѓу старата концепција за пожелното однесување на мажите и на жените и современата реалност, во која жените постепено, но сигурно ја обезбедуваат рамноправноста со мажите во сите сфери на општествениот живот (Мицковиќ, 2008:243).

Во Северна Македонија овие промени се случуваат бавно. И покрај сè, поголемата застапеност на жените на пазарот на труд, неплатената работа во домот главно ја извршуваат жени. Готвењето, чистењето, перењето, одржувањето на домаќинството, грижата за децата, како и грижата за возрасните и лицата на кои им е потребна нега, сè уште се главно задолженија кои ги извршуваат жените. Последните процени за Република Северна Македонија покажуваат дека жените извршуваат 72,5 % од неплатената работа во домот и грижата за децата. Ваквата поделба на семејните обврски влијае врз професионалниот развој на жените, како и врз начинот на извршување на професионалните улоги. Семејните обврски значително влијаат врз кариерите на жените, ја намалуваат можноста за поголемо учество во јавниот живот, за извршување на волонтерски или други активности од поширок општествен интерес (Jacques, 2019).

Фактот дека времето кое жените го поминуваат во домашни активности е во пораст за жените на возраст од 25 до 44 години, а се намалува за мажите од истата возрасна група, дава слика за патријархално семејство каде што жената речиси целосно ја презема грижата за децата, но и за другите членови на семејството. Тоа укажува дека традиционалните родови улоги се доста застапени во општеството и се зацврстуваат

кога стапуваат во врска/брак и особено кога имаат деца. Недостига свесност за неурамнотеженоста која постои помеѓу домот и работното место кај жените што, пак, резултира со предизвик кај жените слободно да ги искажат своите потреби и да побараат поддршка. Од жените сè уште се очекува да се грижат за децата, да готват и да чистат по дома, а мажите да се грижат за финансиите (Латковиќ и др., 2020).

Економската активност на жените се одразува и на фертилитетот. Во суштина, жените кои имаат кариера и раководни позиции раѓаат помалку деца. Податоците за Македонија покажуваат дека највисока родност имаат жените со земјоделско занимање, а најниска жените кои имаат раководни позиции (Јовановиќ, 1998). Желбата за поголема заработка ѝ остава малку време за децата и мажот, а општеството се соочува со натална криза. Некои автори, одат дотаму, што борбата за индивидуалност на жената ја сметаат за една од главните причини за кризата и трансформацијата на современите семејства (Радуловиќ, 2015). Ова е можеби најзначајниот елемент што доведе до напуштање на семејниот модел од модерниот период, поради тоа што без рамноправноста на жените не е можно да се замислат останатите значајни трансформации во семејството.

Покрај променетите улоги на мажот и жената во семејството се менува улогата на децата. Елементот на т.н. природна надреденост на родителите се менува. Децата стануваат активни субјекти, учествуваат во креирањето одлуки во семејството, самостојно одлучуваат за начинот на облекување, однесување, за професионалната ориентација, за место на живеење итн. Авторитарниот модел на воспитување на децата според кој децата се покорни и послушни на авторитетот на таткото е заменет со демократски модел кој ги става децата на еднакво рамниште со родителите. Семејствата во кои децата се самостојни и независни од филмска илузија станаа македонска реалност. А тоа е уште едно прашање кое го наметна глобализацијата.

Денешните семејства се збунети за тоа каков треба да биде нивниот семеен живот и кои се правата и обврските кои произлегуваат од нивната улога во семејството. Нејасно дефинираните улоги често водат до погрешни очекувања и незадоволство од брачниот и од семејниот живот. Мицковиќ (2008) се согласува дека овој дефицит на јасни и прецизирани правила за улогите на мажите и жените во современото семејство е дијаметрално спротивен на фиксните правила и норми што го карактеризирале традиционалното семејство. Судирите помеѓу мажите и жените во современиот брак во голема мера произлегуваат од нивните конфликти околу нејасно дефинираните улоги.

**Промени предизвикани од развојот на технологијата** – Унапредувањето на технологијата и новите технолошки уреди, како што се паметните телефони и социјалните медиуми, имаат значително влијание врз македонските семејства. Под нивно влијание се променија моделите на комуникација, дозволувајќи им на членовите на семејството да останат поврзани дури и кога се физички разделени и да комуницираат преку апликации за пораки, видеоповици и платформи за социјално вмрежување. Ова ја олесни инстантната и постојана комуникација помеѓу членовите на семејството, овозможувајќи им да споделуваат ажурирања, фотографии и да се вклучат во разговори во реално време, меѓутоа и да бидат разделени кога се многу блиску... секој со својот мобилен телефон во рака.

Зголеменото потпирање на технологијата резултираше со промени во секојдневниот семеен живот. Активностите како што се гледање телевизија, играње видеоигри или користење на паметни телефони и таблети станаа позастапени во семејствата. Ова има импликации за тоа како членовите на семејството комуницираат едни со други и го распределуваат своето време помеѓу онлајн и офлајн активности. Дигиталната зависност е една од најголемите промени и предизвици на современите семејства глобално, па и во нашето општество.

Масовните комуникации, телевизијата, интернетот, пред сè, ни го ставија светот на дланка и семејствата низ светот пред очи. Според Кумар (1995) најзначајната трансформација е преминот кон т.н. „home based society“, поради што новите технологии ги носат сите информации во домот. Компјутерите, телевизијата, радиото, интернетот - сите овие нови технологии што овозможуваат постојано информирање, забава, учење, купување, го враќаат домот во центарот на животот на луѓето во современото општество. Во информатичкото општество домот станува преферирано место за индивидуални активности, но не создава чувство на заедништво. Мрежите на медиумите, преку вести, документарни емисии, уметнички програми, забавни програми, филмови, сапуници и реалити шоуа, секојдневно ни презентираат многу примери за тоа како изгледаат и како треба да изгледаат семејствата во другите земји. Сакале или не, ние се идентификуваме со тие семејства и прифаќаме нивни карактеристики и својства. Светската комуникација ја менува перцепцијата за успешно семејство која била долго присутна во Македонија, во поглед на обем на семејство, имот, кариера, односи итн. Едноставно, семејството секојдневно добива нови информации за тоа како живеат другите семејства во светот. Присутните демократски практики во семејни односи во

светот се прифаќаат во македонското семејство и има настојување тие да се применуваат. На пример, изменети се сфаќањата за вонбрачните заедници, реструктуираните семејства и истополовите заедници. На вонбрачните заедници не се гледа со прекор и осудување како во минатото. Исто како и на разводот. Ако порано беше срамно да се живее во заедница која не е формализирана, со вонбрачни деца или да се разведат двајца кои веќе стапиле во брак, денес е поинаку. Овој период се менуваат причините за стапување во брак, но и за раскинување на бракот. Економската егзистенција и репродукцијата не е основна причина да се склучи брак ниту пак да се остане во него, туку личниот избор односно задоволување на себеси и на сопствените желби. Слободно може да се каже дека денес е многу потешко да се стапи во брак отколку да се растури истиот. Во прилог на ваквата констатација оди и промената на правната регулатива (намалување на законскиот период од иницијатива до развод како правна процесија, еднакви права на вонбрачните заедници и деца и сл.) (Kumar, 1995).

Уште поголем доказ за влијанието на медиумите врз македонското семејство и неговото сфаќање за семејството е прашањето за истополови врски и бракови. Од апсолутна отфрленост, згрозеност и неприфаќање, сè до реално прифаќање кое е под влијание на светски трендови. Во Македонија хомосексуалците се соочуваа со страв и потиштеност од можноста да бидат осудени и отфрлени од своето семејство и од околината па ретко кога јавно се изјаснуваат и промовираат. Откако голем дел од европските земји ги дозволија хомосексуалните бракови, а некои и посвојувањето деца, во РСМ се актуализираше уште повеќе ова прашање. Јавните расправи посветени на правата на хомосексуалците го поттикна и предлогот за уставни промени за дефинирање на бракот (бракот да не се третира како заедници исклучиво на еден маж и една жена). Иако ваквиот предлог наиде на неприфаќање, самиот обид посочува дека општеството ќе се приспособи кон полесно прифаќање на еднополови бракови во иднина, како и во однос на правните регулативи и на социолошко-психолошките вредности (Радуловиќ, 2015).

**Слободно време и рекреација** - Семејното слободно време и рекреативните активности исто така доживеаја промени. Семејствата им придаваат поголемо значење на споделените искуства, поврзувањето и квалитетното време заедно. Вклучувањето во активности на отворено, одењето на семејни излети и учеството во хоби и спортови станаа значајни елементи на секојдневниот семеен живот. Денеска социјализацијата со поширокото семејство се случува поретко, но слободното време е ис-

полнето со дружење во ресторани, кафе-барови, кина, театри, многу повеќе од минатото. Релативно мал број македонски семејства имаат воспоставени подолгорочни и повторливи активности во делот на дообразувањето како една од компонентите на слободно време. Како најтрадиционален момент е дека семејствата повеќе користат дел од слободното време, а дел го вклопуваат во работно ангажирање (дополнителни дејности) или како класичен дневен и неделен одмор (Радуловиќ, 2014).

**Индивидуализам наместо семеен колективизам** - Семеен колективизам бил карактеристичен за македонското традиционално семејство при што се ставал силен акцент на групната хармонија, лојалност и меѓузависност. Во многу традиционални македонски семејства, благосостојбата на семејната единица имала и сè уште има предност пред индивидуалните потреби. Од членовите на семејството се очекува да ги поддржат и да се жртвуваат за колективните цели и вредности на семејството. Овој семеен колективизам се карактеризирал со приоритет на одржување силни семејни врски и негување чувство на заедништво, заедничко донесување одлуки со почитување на авторитетот на најстариот машки член во семејството и меѓусебна зависност за емоционална, финансиска и социјална поддршка. Исто така, семејниот колективизам подразбирал силно чувство на должност и одговорност кон своето семејство, што влијае на животните избори и одлуки. Дејствата на поединците се одразувале на угледот на семејството, а зачувувањето на семејната чест била високо ценета.

Денеска се става поголем акцент на индивидуализмот во македонските семејства. Општо гледано индивидуализмот е глобален тренд на постмодерното општество каде човекот е центарот на светот и тоа човекот како поединец, а не како припадник на одредено семејство, професија или држава. Ова е време на радикален индивидуализам, време кога луѓето веќе не ги жртвуваат своите желби, потреби и интереси за другите, без оглед дали се работи за семејството, нацијата, државата или класата. Потрагата по лична среќа, задоволство и исполнување е основа на постмодерниот систем на вредности (Мицковиќ, 2008:173). Поединците сè повеќе ги следат сопствените цели, аспирации и лични интереси. Оваа промена доведе до поголем акцент на личната автономија и самоисполнување во рамките на семејната единица. Денес, современите луѓе живеат сами за себе, без да се грижат за традициите и за идните генерации. Лаш смета дека „нарцистичкиот" тип на личност што доминира во современото општество е основната причина за слабеењето на интерперсоналните интимни односи, но без голема приврзаност и подготвеност на

жртви и одрекувања. Современиот човек е преокупиран со себе, со својот изглед, со својата кариера, со задоволувањето на своите потреби за одмор и разонода, со своето слободно време, со својата имотна положба, со својот статус во општеството. Тој станува центар на светот и токму поради тоа не е подготвен да направи ниту најмали жртви и компромиси што нужно произлегуваат од заедничкиот живот (Besard-Banquy, 1999). Така, младите луѓе високо ја вреднуваат личната независност, автономија и самодоверба. Тежнеењето пак кон индивидуализација и лична исполнетост и среќа, може да се согледа во одговорите на испитаниците каде личната исполнетост, среќа и просторот за личен развој кои се сметаат за важен предуслов за добар брак, а недостатокот на слобода и личен простор за развој се наведуваат како нешто што на испитаниците им недостасува во бракот (Радуловиќ, 2020). Во индивидуалистичките култури, поединците имаат тенденција да им даваат приоритет на сопствените потреби, желби и достигнувања пред оние на групата. Тие често се стремат кон личен успех и среќа и можат да носат одлуки врз основа на нивните индивидуални цели и преференции и не се подготвени на компромиси. Овој тренд е сè поприсутен и во македонското општество. Во компаративното истражување за перцепциите на младите во Република Северна Македонија во однос на семејството и бракот, на Авировиќ- Бундалевска, Радуловиќ и Кескинова (2023), може да се забележи дека од 2014-тата година до 2021 година се намалила подготвеноста на младите луѓе да прават компромис кога станува збор за бракот и врската.

Во контекст на македонските семејства, индивидуализмот се манифестира на следниве начини:

- Се забележува дека поединците повеќе ги следат сопствените патеки во кариерата, образованието и животните аспирации, дури и ако се разликуваат од традиционалните семејни очекувања.
- Индивидуалистичките вредности доведуваат до реевалуација на традиционалните родови улоги и очекувања во браковите. Се очекуваат рамноправни партнерства, каде што и двајцата сопружници ги делат домашните обврски и заеднички донесуваат одлуки.
- Се менуваат семејните структури: бидејќи индивидуализмот ја нагласува личната автономија и независност, доведува до промени во семејните структури. Традиционалните пошироки семејства, каде што повеќе генерации живееле заедно, премину-

ваат во повеќе нуклеарни семејни поставки, па дури и во самечки домаќинства, при што секое домаќинство ќе ја одржува својата независност и одделни простори за живеење.

- Членовите на семејството имаат поголема веројатност да донесуваат одлуки врз основа на нивните сопствени преференции и вредности наместо да бараат консензус во семејството.
- Повеќе се ценат личниот простор и приватноста и се поставуваат појасни граници со другите членови на семејството, особено со поширокото семејство.
- Индивидуализмот влијае и на пристапите во родителството, при што родителите стануваат сè повеќе фокусирани на поттикнување на автономијата и самоизразувањето на нивните деца. Тие им даваат приоритет на индивидуалниот раст и развој на нивните деца наместо строго да се придржуваат до традиционалните семејни улоги. Генерално, децата се охрабруваат да бидат посамодоволни и независни на порана возраст.
- Се забележува и отуѓеност на поединецот во кругот на семејството, што се пренесува и во општеството.
- Членовите на семејството се поподготвени да им дадат приоритет на сопствената среќа и благосостојба наместо одржување хармонија во семејната единица.

Како што се развива македонското општество, помладите генерации се под поголемо влијание на индивидуалистичките вредности поради изложеноста на различни перспективи и модерни влијанија. Сепак, традиционалните колективистички вредности во Македонија сè уште можат да бидат силни во некои семејства, особено во руралните области и кај постарите генерации. Севкупно, рамнотежата помеѓу индивидуализмот и колективизмот во македонските семејства веројатно ќе биде тековен процес, обликуван од фактори како што се културните традиции, социоекономските услови и изложеноста на различни влијанија и од земјата и од глобално ниво.

## 2.3 Промените на семејството низ бројки

*„Family changes through numbers, for in the arithmetic of life, each member adds a unique dimension to the equation, making the sum of our experiences richer and more profound.*" - Oprah Winfrey

### Население

**НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СЕ НАМАЛУВА**

Населението во Република Северна Македонија се намалува. Според последниот попис на населението спроведен во 2021-вата година, вкупното население изнесува 1 836 713 жители, што претставува намалување за 185 834 или 9,2 % споредбено со Пописот 2002-рата година. Од нив, 50,4 % се жени, а 49,6 % се мажи. Доминира урбаното население со учество од 61,6 %, додека пак населените места со рурален карактер, се целосно депопулизирани.

Македонското население е во состојба на демографска старост. Просечната возраст на населението изнесува 40,8 години. Учеството на населението на возраст од 0 до 15 години изнесува 17,0 % , од 15 до 64 години изнесува 65,9 %, а учеството на старото население од 65 и повеќе изнесува 17,2 %. Дури, 54 општини од вкупно 80 се во стадиум на демографска старост односно доминира населението на возраст постаро од 65 години.

Според Пописот од 2021-вата година, вкупниот број на индивидуални домаќинства изнесува 598.632, што претставува зголемување за 6,2 % споредбено со Пописот во 2002-рата година, додека просечниот број на членови на домаќинството е намален и изнесува 3,1.

Домаќинствата може да бидат: 1. самечки (само едно лице) и 2. повеќечлени. Во исто време тие пак може да бидат: семејни (со едно или со повеќе семејства); несемејни (составени од лица кои не се во семејни релации) или комбинирани (составени од лица кои формираат семејство и лица кои не се членови на семејство).

Според бројот на членовите во домаќинството, во нашата земја доминираат домаќинствата со 2 члена кои учествуваат со 26,85 % во вкупниот број домаќинства.

**Сл. 4** Структура на население во Република Северна Македонија, Попис 2021




Извор: https://twitter.com/BirthGauge/status/1510206870333665284

**Сл. 5** Проекција за структурата на населението во Република Северна Македонија за 2050-тата година




Извор: https://www.populationpyramid.net/tfyr-macedonia/2050/

Помеѓу двата пописи од 2002 и 2021, најголеми промени во структурата на домаќинствата според бројот на членови на домаќинството, се забележува кај самечките домаќинства. Имено, нивното учество е зголемено од 9,5 % на 17,2 %, додека учеството на четворочлените е намалено од 28,4 % на 19 % споредбено со Пописот од 2002-рата година.

Во Република Северна Македонија, според резултатите од Пописот од 2021-вата година, има 538.348 семејства. Најголемо учество со 54,1 % се семејства на брачен пар со деца, следуваат семејствата на брачните парови без деца со 31,1 %, додека учеството на еднородителските семејства сама мајка и сам татко со деца изнесува 13,3 %.

Споредбено со Пописот од 2002-рата година, учеството на семејства на брачен пар со деца е намалено за 9,9 %, а на семејствата на брачните парови без деца за 6,1 %, додека кај еднородителските семејства бележиме зголемување и тоа кај мајките со деца за 3,2 %, а кај таковците со деца за 1,2 % (Државен завод за статистика, 2021).

## Брак

Во однос на индикаторот брак, во Република Северна Македонија се забележува опаѓање на бројот на бракови во последните неколку децении. На пример, во почетокот на деведесеттите години, поточно во 1994-тата година, биле склучени 15.736 брака, додека во 2020-тата година, 10.278. Во 2022-рата година имаме поголем број бракови за разлика од 2020-тата и 2021-вата година. Според податоците на Државниот завод за статистика, бројот на склучените бракови во 2022-рата година, во споредба со претходната година, е намален за 3,4 % и изнесува 12.882 склучени брака. Меѓутоа, тоа сепак значи дека денес се случуваат 3.000 – 6.000 брака помалку на годишно ниво, во споредба со почетокот на деведесеттите години. Актуелната стапка на нупцијалитет (број на склучени бракови на 1.000 жители) изнесува 5,0.

Во Македонија, луѓето сè уште ретко стапуваат во втор или во трет брак. Најчесто е стапувањето во прв брак со учество од 93,7 % за жените и 93,2 % за мажите.

Во втор брак со учество од 6,3 % и трет брак со учество 0,5 %, во вкупниот број на склучени бракови, почесто стапуваат мажите (Државен завод за статистика, 2022).

Во 2022-рата година, најголем број бракови 4.263 или 33,1 % кај жените и 4.721 брак или 36,6% кај мажите се случиле во старосната група од 25 до 29 години.

Намалувањето на бројот на бракови е проследено и со одложување на бракот и зголемување на возраста на склучување брак. Просечната возраст на стапување во брак во 1994-тата година била 23 години за жени и 25 за мажи, додека во 2021-вата година, 27 години за жени и 29,8 за мажи. Последните податоци за 2022-рата година, покажуваат дека тој тренд продолжува. Просечната возраст при склучување на прв брак е 27,4 години за невестата и 29,9 години за младоженецот. Тоа значи дека денеска младите стапуваат во брак 4 - 5 години подоцна отколку во деведесеттите години.



**Сл. 6** Илустрација на стапување во брак

**Развод**

Бројот на разводи е повеќе од двојно зголемен во изминатиот период. Од 710 разводи кои биле склучени во 1995-тата година на 1.569 во 2020-тата година. Актуелната стапка на диворцијалитет (број на разведени бракови на 1.000 жители) изнесува 0,8. Во Европската Унија половина од склучените бракови завршуваат со развод и овој тренд е сѐ уште

далеку од македонскиот тренд на разводи. Според возраста најголем број на разводи 298 или 18,5 % кај жените и 281 развод или 17,4 % кај мажите се случиле во истата старосната група од 30 до 34 години. Според траење на бракот, најмногу разводи 360 или 22,3 % се случиле од 5 до 9 години по склучување на бракот.



**Сл. 7** Илустрација на развод

### Наталитет

Негативните тенденции кај параметарот брак, влијаат и на наталитетот и на репродукцијата. Република Северна Македонија од нејзиното осамостојување, бележи континуирано опаѓање на наталитетот. Според Заводот за статистика на Република Македонија во 1995-тата година се родиле 32.154 деца, додека според последните достапни податоци, во 2021-вата година, во Република Северна Македонија се родени вкупно 18.790 деца, во споредба со претходната година кога се родиле вкупно 19.167 деца, односно наталитетот се намалил за 2 % или стапката на наталитет за 2020-тата година била: 9,2 живородени на 1.000 жители. Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2022-рата година, во Република Северна Македонија се родени вкупно 18.183 деца, од кои живородени се 18.073, а мртвородени се 110. Бројот на живородените деца во 2022-рата година, во споредба со минатата година, е намален за 3,1%. Стапката на наталитет (живородени деца на 1.000 жители) се движела од 17 на почетокот на деведесеттите до 9,2 актуелни проценти. Намалувањето на наталитетот доведе и до намалување на виталниот индекс, односно до намалување на бројот на живородените во однос на ум-

рените лица. Стапката на природен прираст (разлика меѓу живородените и умрените лица) од 8,1 во 1994 се намалила на -3,2 и Македонија за првпат бележи негативен природен прираст, што значи дека нејзиното население се намалува.

Одложувањето на бракот, го одложува и раѓањето. Жените сѐ подоцна го добиваат своето прво дете, па ако просечната возраст за раѓање на првото дете била 23 години во 1994-тата година, денес раѓањето на првото дете се одложува до 28-мата година.

Жените сѐ почесто се одлучуваат да родат дете без да склучат брак. Во 2020-тата година 13 % од вкупниот број родени деца се родени надвор од брак. И овој параметар бележи пораст од 5 % споредено со 1994 кога изнесувал 8 %.

Мора да се напомене дека во нашето законодавство сѐ уште не постои единствена правна дефиниција за поимот еднородителски семејства.

Табела бр. 2: Приказ на движење на раѓањата, браковите и разводите во Република Северна Македонија (1994-2022)

| Година | Број на родени | Склучени бракови | Разведени бракови |
|---|---|---|---|
| **1994** | 31 421 | 15 736 | 612 |
| **1995** | 29 886 | 15 823 | 710 |
| **1996** | 28 946 | 14 089 | 705 |
| **1997** | 26 830 | 14 072 | 1 021 |
| **1998** | 26 639 | 13 993 | 1 027 |
| **1999** | 24 964 | 14 172 | 1 045 |
| **2000** | 26 168 | 14 255 | 1 325 |
| **2001** | 24 183 | 13 267 | 1 448 |
| **2002** | 24 154 | 14 522 | 1 310 |
| **2003** | 23 596 | 14 402 | 1 405 |
| **2004** | 23 361 | 14 073 | 1 645 |
| **2005** | 22 482 | 14 500 | 1 552 |
| **2006** | 22 585 | 14 908 | 1 475 |
| **2007** | 22 688 | 15 490 | 1 417 |
| **2008** | 22 945 | 14 695 | 1 209 |
| **2009** | 23 684 | 14 923 | 1 287 |
| **2010** | 24 296 | 14 155 | 1 720 |
| **2011** | 22 770 | 14 736 | 1 753 |
| **2012** | 23 568 | 13 991 | 1 926 |
| **2013** | 23 138 | 13 982 | 2 045 |
| **2014** | 23 596 | 13 813 | 2 210 |
| **2015** | 23 075 | 14 186 | 2 200 |
| **2016** | 23 002 | 13 199 | 1 985 |
| **2017** | 21 754 | 13 781 | 1 994 |
| **2018** | 21 333 | 13 494 | 1 620 |
| **2019** | 19 845 | 13 814 | 1 990 |
| **2020** | 19 031 | 10 278 | 1 569 |
| **2021** | 18 648 | 13 337 | 1 964 |
| **2022** | 18 073 | 12 882 | 1 613 |

**Фертилитет**

Вредностите на тоталната стапка на фертилитет (ТФР) која се смета за хипотетски или можен фертилитет и го претставува бројот на живородени деца кои се очекува една жена да ги има во текот на нејзиниот репродуктивен период (15 - 49 години), имаат постојан тренд на намалување. Актуелната стапка на фертилитет во 2020-тата година достигна ниско ниво од 1,31. Како фактори кои најмногу влијаат на нискиот фертилитет во нашата држава се сметаат: високата и континуирана невработеност, особено невработеноста кај младата популација, ниската економска активност кај жените, како и континуираното покачување на просечната возраст на мајката при првото раѓање (Демографските политики и родовата еднаквост во Република Македонија: Мерките за унапредување на еднаквоста помеѓу жените и мажите како мерки за зголемување на наталитетот, 2012). Исто така, според Драговиќ, меѓу позначајните фактори на влијание врз репродуктивното однесување на населението и родноста на жената се зајакнување на статусот на жената, преку образованието и унапредување на човечкиот развој (2013).

Минимумот за проста репродукција, а не за зголемување на населението е 2,1 деца на една жена, процент карактеристичен за стапката на тотален фертилитет во 1994 година. Вкупната стапка на фертилитет под 1,3 живородени деца по жена често се нарекува „најниска ниска плодност" и во однос на овој параметар нашата земја има полоша слика од Европската Унија чија стапка во 2019-тата изнесувала 1,53. Во последните неколку децении Европејците имаат помалку деца и тоа се отсликува на стареење на населението и намалување на бројот на работоспособно население. Се очекува забрзаниот тренд на намалување на фертилноста заедно со трендот на миграции да има сѐ поголем негативен ефект врз демографската слика на Северна Македонија.

## 2.4 Промени на брачниот и партнерскиот живот

*„In marriage, as in life, it's often the little changes that make the biggest difference."* – Unknown

Бракот е најстарата човекова заедница. Уште од многу одамна луѓето живееле во заедница како што е бракот. ,,Брак е социјално признат сојуз или правен договор меѓу две лица со кој се воспоставуваат правата и обврските меѓу нив" (Закон за семејство, 2013). Бракот претставува

форма на биолошки, сексуални односи меѓу мажот и жената, институција која значи општествено одобрен живот меѓу различни полови. Во некои култури бракот се препорачува или се смета за задолжителен пред извршување на каква било сексуална активност. Бракот може да биде доброволен - кога брачните партнери сами, по своја волја решаваат да ја формираат заедницата, или договорен - по налог на други лица, најчесто родителите на брачните партнери или поширокиот семеен круг, брак за лични интереси итн. Поединец може да стапи во брак од неколку причини, вклучувајќи правни, социјални, емоционални, финансиски и религиозни. Бракот може да биде признат од страна на една држава, организација, верски орган, локална заедница или врсници. „Бракот според Законот за семејство е уредена заедница на живот на маж и жена во која се остваруваат интересите на брачните другари, семејството и општеството. Односите меѓу брачните другари се засноваат врз слободна одлука на мажот и жената да склучат брак, врз нивната рамноправност, меѓусебно почитување и заемно помагање“ (Закон за семејство, 2013). Бракот како институција последните децении има претрпено многу промени. Некогаш бракот претставувал првиот чекор за влез на младите во светот на возрасните, но денес тоа не е така. Денес младите во Европа, но и пошироко сè потешко се одлучуваат да стапат во брак, а спротивно на тоа сè полесно се разведуваат. Промените во глобалниот општествен систем нужно доведоа до промени и во очекувањата и ставовите на младите луѓе. Тие не можат бракот да го поврзат со живеење со свекор/свекрва, татко/мајка. Традиционалното воспитување и традиционалното влијание на родителите врз младите денес е на многу ниско ниво и тоа е уште еден фактор кој придонесува за тоа младите да не сакаат да живеат како нивните баби и мајки во поширока заедница. Желбата за стапување во брак и оформување семејство во свој сопствен дом е огромна и клучна за прашањето „брак“. Но, оттука се појавува и друго прашање кое е поврзано со станбеното, а тоа се финансиите. Младите немаат можност да основаат свој дом бидејќи се финансиски зависни од своите родители и како резултат на тоа бракот го оставаат на чекање за следните години. Економската криза и малите плати не им дозволуваат на младите луѓе во Европа лесно да се впуштат во брачните води. Во Македонија сè уште се живее под покрив на родителите. Во некои семејства е така заради почитување на традицијата, а во некои едноставно толкава е финансиската моќ. Ваквата состојба претставува голем проблем и закана за бракот. Секојдневните активности на младите се под „будно“ око од страна на родителите: свекор, свекрва, дедо, баба. „Младите немаат самостојност и

независност, немаат свој личен простор, па многу често си прекоруваат едни на други заради мешањето од страна на нивните родители. Во некои семејства покрај младите и нивните родители (свекор, свекрва) живеат и постари генерации баба, дедо, неженет чичко, неомажена золва" (Latkoviќ et al., 2019). Бракот како институција и заедница, денес, е исправен пред невиден предизвик во рацете на младите луѓе.

**Бракот во минатото**

Бракот во минатото во многу аспекти се разликувал од денешниот брак. Но, не само бракот сам по себе, туку и младите заедно со него. Бракот во минатото, но и само до пред неколку децении претставувал најголемо достигнување и постигнување во животот на младите лица. Бракот бил она за што сонувала секоја девојка. Прва отскочна скала во животот на младите за влегување во светот на возрасните било стапувањето во брак. Бракот во минатото бил исклучиво традиционален. Во минатото, одлуката за стапување во брак и за тоа кој со кого или со која ќе се ожени или омажи, зависела од родителите на младоженците. Главен збор при склучување на бракот имале стројниците. Тие, имале улога да посредуваат помеѓу родителите на младите пред да се склучи бракот. За стројник, обично се бирал човек со голема способност за убедување и авторитет во селото. Него, по правило, секогаш го повикувале родителите на момчето за да се договорат и да му кажат која била избраничката за нивниот син, за потоа, тој да оди кај родителите на девојката на преговори. Доколку родителите на девојката ја прифателе понудата, ја повикувале девојката за да ја запознаат кое момче за неа било заинтересирано и, воедно, да се изјасни дали ја прифаќа понудата или не. Откако целата оваа работа ќе била договорена, следувал чинот на прстенување, односно свршувачката. Бракот во минатото подразбирал живеење во традиционално семејство, каде мажот и постарите членови го имале главниот збор. Мажот ја поседувал жената, нејзиниот живот и нејзините одлуки. *„Илјадници години луѓето имале многу мал избор во однос на тоа дали и со кого да стапат во брак и скоро немале избор кога станува збор за одгледувањето деца"* – истакнува Стефани Кунтс во своето дело „Брак: Историја" (Coontz, 2006).

Во минатото брачните партнери биле помлади, односно постоела поголема возрасна граница помеѓу мажот и жената. Социјални атрибути кои влијаеле на годините на стапување во брак биле: репродуктивна зрелост и плодност на партнерите, нивната работна способност, како и односот на моќ и рамноправност (Abot, 2014).

Според Елизабет Абот (2014) во Европа во минатото постоеле три брачни модели, кои се делат врз основа на возраста на партнерите при склопување на прв брак:

1. **Западен модел -** Мажите и жените се венчале релативно доцна и немало голема разлика во возраста на партнерите. По бракот, тие најчесто основале нуклеарно домаќинство, иако постоеле и проширени семејства (во кои биле вклучени и слугите и селаните кои работеле на семејниот имот). Застапеноста на проширените семејства полека се намалила по Француската буржоаска револуција.

2. **Источен модел –** Овој модел е обратен од западниот. Луѓето најчесто стапувале во брак помлади и се приклучувале на постоечкото проширено семејно домаќинство (повеќе брачни парови во сродство), вообичаено на тоа на младоженецот. Не било вообичаено основање на засебно домаќинство по бракот.

3. **Медитерански модел -** Помлади невести биле мажени за постари младоженци. Тие најчесто живееле во проширено домаќинство по бракот, слично како кај источниот модел. Секако овие брачни модели се разликувале и по други културни, економски и општествени карактеристики.

### Бракот денес

Живееме во модерно време со брзо темпо на промени кои стихијно го менуваат начинот на живот. Процесот на глобализација и усовршувањето во светот направи огромна промена во начинот на живеење кај сите луѓе, особено кај младите. Глобализацијата води кон големи промени во општеството, влијае на сè и на сите. Голем број социолози посочуваат дека глобализацијата е нешто што нè засега сите нас веднаш, на еден или на друг начин. „Тоа е комплекс на процеси, а не само еден процес“ (Gidens, 2003). Помеѓу сите променливи процеси кои се случуваат во светот, најважни се промените кои имаат влијание врз бракот и брачниот живот. Доколку нашите баби се мажеле на 19, нашите мајки на 24, денес на девојките воопшто не им се брза сè до 30-тата година од животот. Не само што многумина го одложуваат стапувањето во брак, туку некои и воопшто не се одлучуваат на овој чекор. „*Бракот никогаш не се случувал толку доцна и толку ретко во историјата.* Причина за ова, делумно, е тоа што на жените повеќе не им е неопходен бракот заради сигурност“ (Traister, 2016). Бракот денес претставува само еден од можните

избори на младите. Многу од младите луѓе бракот го заменуваат со образование и кариера. Жените, но и мажите прво сакаат да се изградат себеси пред да стапат во брак. Бракот денес подразбира рамноправни односи помеѓу мажот и жената, за разлика од порано.

**БРАКОТ НИКОГАШ НЕ СЕ СКЛУЧУВАЛ ТОЛКУ ДОЦНА И ТОЛКУ РЕТКО ВО ЧОВЕКОВАТА ИСТОРИЈА**

Бракот како институција денес е исправен пред огромен предизвик. Кариерата и образованието претставуваат ,,напад" врз бракот и брачните односи помеѓу младите. Сè поголем број млади го заменуваат бракот со успешна кариера и професионално издигнување. Модерната жена верува дека мора да направи избор меѓу две нешта – бракот и успешна кариера, верувајќи дека двете нешта не одат заедно. Многу жени се одрекуваат од бракот и децата поради кариерата. Иако денешното општество им наметнува на жените дека „мораат" да бираат меѓу кариерата и бракот, со оглед на тоа што се смета дека е невозможно да се постигнат двете нешта, сепак истражувањата покажуваат дека тоа мислење е многу погрешно. Најновите студии покажале дека всушност токму мажените жени се оние кои најмногу и најбрзо напредуваат во кариерата (Goldin, 2021). Сепак, сведоци сме на сè поголем број жени кои доцна стапуваат во брак, кои во триесеттите години се сами или воопшто не сакаат да стапат во брак. Според Владимиров (2018) ,,Жените сè повеќе тежнеат да стапат во брак во подоцнежните години, а статистиката покажува дека и жените и мажите доцна стапуваат во брак, а се разведуваат уште во првата година од бракот". Жените и мажите фокусот на барање на партнер и основање семејство го префрлиле на вработувањето. И на девојките, но и на момчињата им е поважна кариерата. Тие се запишуваат на факултет, а по завршувањето на факултетот нивниот живот го насочуваат кон наоѓање успешна и стабилна работа. Желбата за успешна кариера, а со тоа и постигнување лична финансиска стабилност се многу важни постигнувања за младите денес. Младите стравуваат дека нема да можат да живеат убав живот и да ги одгледуваат нивните деца на најдобар можен начин доколку не се посветат на кариерата и да станат економски независни. Тие сакаат да изградат успешна кариера, да си обезбедат стабилно и сигурно работно место, па потоа да размислуваат за брачен живот. Се претпоставува дека насекаде во европските држави владее кариеризам (невидена трка за престижна титула, кариера и стекнување на материјални добра),

при што се губат други приоритети, а семејството и бракот трпат последици.

Тезата за индивидуализација на Бек и Бек-Гернхајм нуди друга слика за промената на бракот и брачниот живот, што укажува на тоа дека новата модерна ера ги замени старите очекувања и сигурност на индустриското општество, носејќи со себе нови ризици и можности. Тие тврдат дека овие промени фундаментално го измениле искуството на љубовта, сексуалноста и семејниот живот, ставајќи интимност во срцето на нетрадиционалниот живот. Ослободени од прописи и конвенции поединците стануваат автори на сопствените животни патишта, но колку овој процес на „индивидуализација“ ги ослабува и предизвикува традиционалните општествени врски на сродство и брак, толку љубовта и интимноста се секогаш повеќе барани за олеснување на изолацијата. За поединци кои треба да измислуваат или да ја најдат нивната сопствена социјална сличност, љубовта станува централно место што им дава смисла на нивниот живот (Beck & Beck-Gernsheim, 2010).

Во современото општество сѐ повеќе е застапен разводот, особено кај младите двојки. Многумина бракот не го разбираат како сериозен чин во животот. Не сфаќајки ги општествените промени, најчесто се смета дека семејството пропаѓа затоа што се уриваат неговите патријархални темели. Секако дека промените во брачните и семејните односи со кои треба да се совладуваат објективните, материјални пречки зафаќаат долг и историски процес кој со себе носи внатрешни судири, што доведуваат до индивидуални проблеми (развод на брак, вонбрачни деца итн.), кои добиваат карактер на општествени појави (Петроска, 1998). Денес во РСМ сѐ повеќе има куси бракови и брзи разводи што укажува на интензивните промени што се случуваат во македонското општество за разлика од минатото.

**Развод**

Кога станува збор за разводот тој претставува начин на престанок на полноважен брак. Причините за развод настануваат во текот на брачната заедница, односно кога брачните односи ќе се нарушат до таа мерка што натамошниот заеднички живот станува неподнослив, а разводот се јавува како единствено решение. Бракот може да се разведе само заради причините што се предвидени со законот (Трајковски, 2005).

Причините за развод на брак настануваат по склучувањето на брак, во текот на заедничкиот живот на брачните другари, каде се појавуваат одредени околности определени со закон, врз основа на кои судот донесува одлука за развод на брак. Разводот на брак всушност претставува единствен излез од состојбата на тешката нарушеност на брачните односи, односно спас од лошиот брак. Последиците на развод на брак на двајцата брачни другари се однесуваат на: престанок на бракот и брачната заедница, презимето на брачниот другар, каде брачниот другар може да бара промена на презимето доколку го зел или го дал своето презиме, доделување на издршката на децата од разведениот брак, право на барање на издршка од страна на необезбедениот брачен другар, имотните односи на брачните другари, наследувањето на преживеаниот брачен другар (Закон за семејство, 2010).

Разводот на брак, како пропатна појава на современиот брак, стана актуелен проблем што се појави во општеството, пред сѐ заради брзиот пораст и заради последиците што ги остава разводот. Карактерот на сопружничките односи влијае на тоа дали сопрузите се задоволни со животот, какви односи ќе воспостават со децата и со другите членови од општеството и дали бракот ќе се одржи или растури. Од тоа недвојбено произлегува дека тие односи треба да се поставени на едно коректно рамниште со присуство на толеранција и разбирање. Меѓутоа, кај многу бракови таквата толеранција не може да се воспостави од различни причини и бракот се разведува. Така, во последните неколку децении, во целиот свет се шири бран на разводи. Таа појава е поизразена во поразвиените земји, но не ги заобиколува и земјите во развој и земјите во транзиција, каква што е и Република Северна Македонија. Големиот пораст на разводите во светот, но и кај нас загрижува од повеќе аспекти, при што меѓусебните односи меѓу сопружниците сѐ повеќе слабеат, што укажува на фактот дека оние елементи кои семејството го правеле цврста хомогена група, губат на сила, а наспроти нив јакнат тенденции на егоизам и индивидуализам, кои при непостоење на посилни интегративни фактори можат да имаат негативен одраз на општеството.

Причините за развод можат да бидат различни. Пред сѐ, разводот може да биде последица на лош избор на партнер. Голем број разводи произлегуваат од заедничко живеење со родителите, нерешеното станбено прашање на младиот брачен пар, малите или никакви приходи. Причини за развод може да бидат и алкохолизмот, брачното насилство, нарушените меѓусебни односи, вмешувањето на родителите, љубомора и др.

Говорејќи за причините за развод на бракот, најголем број социолози, кои се занимаваат со оваа проблематика нив ги групираат во 3 групи:

**-правни причини**, во кои влегува пред сè либерализацијата на семејното законодавство и можноста полесно да се раскине брачната заедница.

**-општествено-економски причини**, се истакнува влијанието на променетите услови на економско-социјалното подрачје (брза урбанизација, миграции, рушење на патријархалните односи, промена на менталитетот на жената, индивидуализација, променети ставови кон сексуалниот живот).

**-психолошки причини**, при што посебно се истакнува масовната невротизација во современите услови, која овозможува соодветно прилагодување, без што нема успешен брак (Стојановска-Иванова, 2012).

Правно гледано, бракот може да се разведе само заради причините што се предвидени во законот. Тоа произлегува од општественото значење на бракот како институција заради што државата е заинтересирана да го институционализира бракоразводниот режим. Така, волјата на брачните другари, иако се работи за нивна приватна односно лична одлука, е битен услов за развод на брак.

*Развод на брак поради душевна болест*

Душевната болест како бракоразводна причина често е придружувана од неспособност за расудување како причина за развод на брак, но не мора да биде така во случај кога се појавува само неспособност за расудување. Душевната болест претставува одредено заболување, односно одредена здравствена состојба кога заболеното лице ја губи моќта свесно да управува со своите постапки како и да врши одредени брачни должности. Меѓутоа не секоја душевна болест може да биде причина за развод, т.е. оваа причина за да претставува бракоразводна причина, треба да настане по склучување на бракот и ваквото заболување треба да биде од неизлечлива природа, што значи дека треба подолго да трае (неизлечлива - законски термин) бидејќи медицината не го прифаќа терминот неизлечлива болест. Воедно во секој ваков случај каде што душевна болест се појавува како причина за развод на брачна заедница за докажување на фактите потребно е мислење на лекар специјалист како вешто лице (психијатар).

*Неподнослив заеднички живот*

Бракот, во принцип треба да претставува хармонична заедница во која брачните другари живеат во слога и заемна љубов, создавајќи пријатна атмосфера за живот и работа, но и услови за одгледување, воспитување и стручно оспособување на своите деца. Но, во одредени случаи, од низа на субјективни и објективни околности и разни причини, може да дојде до тешко и трајно нарушување на брачните односи, што доведува до развод на брак каде основни причини за тој развод се недоразбирање, нетрпеливост, чести кавги и неподнослива животна средина. При ова, брачната заедница ја губи својата цел и смисла, па оттука во сите брачни права во нашата земја неподносливиот заеднички живот, односно тешкото и трајно нарушување на брачните односи претставува причина за развод на брак.

*Неверство*

Неверство се случува кога еден од брачните другари има доброволни сексуални односи со други лица надвор од брачната заедница. Неверството всушност се појавува како една од најстарите и најзастапените причини за развод на брак, односно како санкција против брачниот другар кој згрешил кон должноста на заемна верност. Во правната теорија, неверството се дефинира како доброволен и свесен сексуален однос на еден од брачните другари со лице од спротивен пол надвор од бракот. Тоа значи дека брачниот другар ќе стори неверство само ако доброволно и свесно стапи во сексуален однос, па доколку до неверство дојде под присилување (силување) или состојба во која без своја вина брачниот другар не можел да даде отпор или на тоа бил поттикнуван од другиот брачен другар од користољубиви или други нечесни намери, тоа најчесто не може да претставува причина за развод на брак.

*Посегање врз животот*

Во Македонија, во брачната заедница брачните другари се должни заемно да се помагаат па токму затоа посегнувањето врз живот на брачниот другар се смета како бракоразводна причина, односно претставува повреда на обврските за морална помош што брачните другари се должни во сите моменти на животот еден на друг да си ја даваат. Посегнувањето врз животот на брачниот другар се јавува како бракоразводна причина ако еден од брачните другари со смисленост, а не од небрежност или под принуда или заблуда преземе такви дејствија со кои се доведува до прашање животот на другиот брачен другар.

*Малтретирање, тешки навреди и нечесен живот*

Малтретирањето, тешките навреди и нечесниот живот претставуваат секоја за себе основа, врз која може да се побара бракоразводна постапка. Сите овие околности, иако постојат посебно секоја како причина за развод на брак, меѓусебно скоро секогаш се поврзани, па на еден или на друг начин може и да бидат предизвикани меѓусебно правејќи го брачниот живот неподнослив. Малтретирањето, како причина, претставува лош однос на едниот брачен другар кон другиот и може да биде манифестирано со физичко пресметување, нанесување телесни повреди или пак постојан психички притисок и заканување како и постојани навреди, префрлување пред трето лице и јавно покажување симпатии кон трето лице. Скоро сите претходно наброени околности можат да се вбројат и во тешка навреда на брачниот другар. Нечесниот живот на брачниот другар се манифестира, на пример, со чести пијанства, трошење пари на коцкање, безделничење, но и со дејности со кои се загрозуваат основите на општествено-економското уредување на нашата земја.

*Злонамерно или неоправдано напуштање на брачен другар*

Заедницата на живот на брачните другари е основа врз која се темели бракот, а бракот претставува трајна животна заедница и тоа значи дека должност на двата брачни другари е да живеат заедно и да градат хармонична средина за живот. Ако дојде до едностран прекин на таа заедница се создава можност за развод на бракот. Тоа значи, за да може напуштањето на брачниот другар да предизвика прекин на бракот со развод потребно е тоа да биде сторено злонамерно или неоправдано, т.е. да биде сторено без оправдани причини, а од напуштањето на брачната заедница да изминале шест месеци. Оваа причина за развод на брак спаѓа во апсолутните причини за развод на брак.

*Исчезнување*

Со исчезнувањето на еден од брачните другари се доведува до прекин на брачната заедница, односно може да претставува основа за развод на брак, под услов да од денот на исчезнување изминало некое време и нема никакви вести за него. За да може исчезнувањето на еден брачен другар биде основа за развод на брак, потребно е исчезнатиот брачен другар да не се знае каде престојува, односно да не се знае дали е жив. До исчезнување на брачниот другар може да дојде за време на војна, исто така миграција на населението и друго (Димковска, 2020).

Иако стапките на развод се значително помали од европските земји, како што веќе напоменавме, на разводот се гледа полиберално за разлика од минатото. Денес и разводот станува нешто што е нормално, особено жените сè помалку се доживуваат како ,,обележани“, разводот се врши брзо и едноставно, иако сè уште разводот на ,,македонски начин“ може да добие драматична завршница, во која и поблиските роднини имаат по некоја улога за истиот (Ацевски, 2013). Распаѓањето на бракот не секогаш е формализирано со развод. Во македонското општество разводот е често заменет со разделување, што значи физичко раздвојување на брачните партнери или т.н. ,,празни бракови“ во кои сопружниците живеат заедно, остануваат пред законот во брак, но тој брак постои само на хартија. Социолозите и психолозите тврдат дека за тој проблем се одговорни промените на улогата на жената, поинаквиот однос на половите што го донесе модерното време, достапноста на информации, како и поголемата можност на самохраните родители, односно поголемата можност на избори. Сепак податоците покажуваат дека постојат 5 најчести причини за развод што немаат голема врска со поднебјето, културата и со традицијата (Радуловиќ, 2014).




**Сл. 8** Пет најчести причини за развод кои не се поврзани со поднебјето, културата и традицијата

Истражувањата покажале дека најголемите проблеми во бракот се случуваат кога ***паротне се согласува околу главните работи во животот,*** односно околу приоритетите. Ако, на пример, едниот сака да има дете, а другиот не сака, проблемите се неизбежни. ***Различните очекувања*** се убедливо на првото место на листата за развод. На второ место е ***недостатокот на љубов,*** односно брак склучен од интерес. Дури 95 проценти од браковите без љубов завршуваат со развод, а психолозите тврдат дека во таквиот тип на брак, жените најчесто се впуштаат поради материјална сигурност, а мажите за да добијат деца. Третата причина на листата е ***„недостатокот на идентитет“.*** Тоа значи дека многу парови што прават сè заедно многу брзо стануваат незадоволни, бидејќи го губат идентитетот, личните интереси, немаат време да се посветат на себе... На тој начин се создава нездрава зависност од партнерот, која на крајот резултира со развод во голем процент од случаите. Податоците покажуваат и дека овие бракови најлошо се разведуваат, односно дека за време на разводот може да се кажат најгрди зборови, со меѓусебно обвинување, а многу ретко сè се завршува со помош на судот. Четвртата и најчеста причина е ***претераното соживување во родителската улога***. Некои парови, кога ќе станат родители, целосно ја занемаруваат улогата на партнерот, сексуалните односи, социјалниот живот и пријателите, што брзо резултира со незадоволство и со депресивна состојба. И на петтото место се наоѓа ***сексот/сексуалните односи.*** Сексот, како најважниот зачин за успешна врска, односно неговото отсуство, лесно го растура бракот, а истражувањата покажуваат дека брачните партнери што се незадоволни од сексуалниот живот имаат дури 87 % веројатност дека ќе се разведат. Понатаму на листата се наоѓаат ***финансиите и семејните несогласувања.*** Интересен е фактот дека сексуалното неверство не котира многу високо, така што дури ***67 % од изневерените сопружници простуваат и се обидуваат да го спасат бракот.***

Покрај овие 5 основни причини за развод, исто така, важни се и причините за развод кои се наведени во законот, а погоре беа детално анализирани: неподнослив заеднички живот, брачно неверство, посегање врз животот на другиот брачен партнер, неизлечива душевна болест и неспособност за расудување, злонамерно и неоправдано напуштање на брачниот другар, исчезнување на брачниот другар, осуда за кривично дело (Славкоски, 2013).

## 2.5 Промени на родителството

*„Parenting is the easiest thing in the world to have an opinion about, but the hardest thing in the world to do.“* - Matt Walsh

Родителските практики еволуираа, како одраз на промените во општествените вредности и културните норми. Сѐ поголем е акцентот на позитивните родителски пристапи, како што се комуникацијата, емоционалната поддршка и негувањето на развојот на децата. Родителите често се повеќе вклучени во животот на нивните деца, учествуваат во активности, поддржуваат образовни определби и даваат приоритет на нивната благосостојба.

Создавањето на модерното семејство доведе до радикално менување на статутот на децата, до формирање на свеста за потребата од посебно внимание на најмладите членови на семејството. Наместо на периферијата, детето се наоѓа во центарот на семејството, тоа станува основна преокупација на родителите (Мицковиќ, 2008). Родителството претрпе забележителни промени во современото општество, одразувајќи ги промените во општествените норми, родовите улоги и семејната динамика. Еве неколку клучни промени во родителството забележани во последно време:

*Активно татковство:* Има значителна промена кон поактивно и вклучено татковство. Татковците сѐ повеќе ги преземаат обврските за грижа, учествуваат во задачите за воспитување деца и активно се вклучуваат во животот на нивните деца. Оваа промена ги предизвикува традиционалните родови улоги и промовира заедничко родителство.

*Заедничко родителство и заедничко старателство:* Заедничкото родителство стана поприсутно, особено во случаи на развод или разделба. Аранжманите за заедничко старателство, каде што и двајцата родители имаат значителен ангажман во воспитувањето на нивните деца, добија на сила. Заедничкото родителство поттикнува соработка и заедничко одлучување помеѓу родителите, со цел да им се обезбеди на децата поддршка и вклученост на двајцата родители.

*Самохрано родителство:* Зголемен е бројот на домаќинства со самохрани родители, предводени првенствено од самохрани мајки. Самохраните родители се соочуваат со уникатни предизвици во балансирањето на работата, грижата за децата и финансиските обврски. Системите

за поддршка, како што се социјалните програми и мрежите на заедницата, се појавија за да одговорат на потребите на самохраните родители и нивните деца.

*Одложено родителство*: Многу поединци и парови го одложуваат родителството за да се фокусираат на образованието, кариерата или на личните цели. Факторите како што се зголемениот пристап до контрацепција, промената на општествените очекувања и желбата за финансиска стабилност придонесоа за овој тренд. Одложеното родителство може да влијае на стратегиите за планирање на семејството и на возраста на која поединците стануваат родители (Yaning, 2019).

*Помошни репродуктивни технологии*: Напредокот во технологиите за асистирана репродукција, како што се ин витро оплодување (ИВФ) и сурогат мајчинство, ги проширија опциите за родителство. Овие технологии им овозможија на поединците и на паровите кои се борат со проблеми со плодноста или на истополовите парови да имаат биолошки деца. Ова ги предизвика традиционалните поими за биолошкото родителство и ја прошири дефиницијата за семејство.

*Стилови на родителство и образование*: Зголемен е фокусот на позитивните родителски пристапи кои им даваат приоритет на емоционалната поддршка, отворената комуникација и поттикнувањето здрав развој кај децата. Програмите и ресурсите за едукација за родителство станаа подостапни за да им дадат насоки и поддршка на родителите во навигацијата на различни родителски предизвици.

*Рамнотежа помеѓу работата и животот:* Постигнувањето рамнотежа помеѓу работата и животот стана значајна грижа за родителите. Урамнотежувањето на барањата на работата и родителските обврски може да биде предизвик. Се појавија флексибилни работни аранжмани, политики за родителско отсуство и напори за промовирање на интеграцијата помеѓу работата и животот за да се поддржат родителите во управувањето со нивните професионални и семејни обврски (Гарсон, 2010).

## Родителството како најголем предизвик за бракот на младите

Бракот е љубовен сојуз со кој две личности се обединуваат во едно, сојуз кој треба да е исполнет со љубов, почит и разбирање и кој кога е изграден врз здрави темели, може да биде совршена институција. Во последната деценија многу млади партнери го избегнуваат бракот поради стравот од секојдневниот заеднички живот и можноста за стекнување на нова животна улога – родителство. Тие свесно го одбегнуваат бракот и

родителството, знаејќи дека нивниот живот и слобода би биле ограничени. Помислата за родителството често пати претставува задршка кај младите за стапување во брак. Младите се плашат дека со родителството ќе ја загубат можноста за забава, слободното време за себе и постојано ќе треба да се грижат за новото бебе. Поради тоа што не се подготвени за родителската улога, тие не се подготвени ниту за стапување во брак. Во замена за тоа тие го избираат слободниот живот, кој не ги ограничува и со партнерот се посветени само на себе. Од друга страна, тие се силно поврзани со нивните родители и тешко се одделуваат од примарното семејство за да формираат ново. Посесивноста на родителите, нераскинатата врска помеѓу родителите и децата односно во семејствата каде процесот на осамостојување сè уште не е завршен е чест пример кај македонските семејства. Има родители кои тешко се одвојуваат од своите синови и ќерки, па тоа е плус уште еден предизвик со кој се соочуваат младите во врска со бракот. Во повеќето северни и западни земји членки на ЕУ, во просек, младите луѓе заминуваат од дома во своите рани дваесетти години, додека во јужните и источните земји членки на ЕУ просечната возраст за напуштање на домот е во доцните дваесетти или раните триесетти години. Мажите на возраст под 30 години не го напуштаат семејното гнездо во многу медитерански земји во Европа. Во просек, младите мажи го напуштаат семејниот дом подоцна од младите жени (Latkoviḱ et al., 2019). Во Република Северна Македонија, младите најчесто го напуштаат родителскиот дом после навршени триесет години, а дури 72 % од младите Македонци живеат со нивните родители (Евростат, 2022).

Многу често, од друга страна пак, младите знаат да стапат во брак поради соочување со непланирана бременост. Непланираната бременост принудува многу парови да го променат својот љубовен статус од „во врска" во „во брак". Веста за растењето на нов живот често дава старт на свадбени подготовки, без да им остави простор на паровите да размислат за иднината. Навистина е логично партнерите да стапат во брак откако ќе се слушне веста за бебето, но не по секоја цена. Друг предизвик со кој се соочуваат младите е отчукувањето на биолошкиот часовник. Многу од нив стапуваат принудно во брак затоа што ја навршиле триесетта година од животот и време е за раѓање на првото дете (Дамовска, 2017). Но, стапувањето во брак значи да се пронајде вистинската личност со која ќе се сподели остатокот од животот и со која ќе се изгради здрава семејна средина за растење среќни деца. Стапувањето во брак само поради тоа што времето изминало и време е за раѓање на првото дете, за потоа да не биде доцна може да биде причина за лош и несреќен брак без љубов.

**ПОДЕДНАКВО ПОДЕЛУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ И СПРАВУВАЊЕТО СО НИВ Е ЕДИНСТВЕНИОТ НАЧИН ЗА ДА СЕ НАДМИНАТ ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА РОДИТЕЛСТВОТО БЕЗ ПАРТНЕРИТЕ ДА НАВЛЕЗАТ ВО СЕРИОЗНИ КОНФЛИКТИ**

Младите брачни партнери кои се подготвени да се остварат во родителската улога, често пати не се свесни за предизвиците кои со себе ги носи родителството, а тие треба да се справуваат соодветно со нив. Новата животна улога со себе носи бројни предизвици како што се непроспиените ноќи, воспитувањето на децата, промените на навиките и многу други. Неретко, новите родители забораваат на себеси, на своите потреби, но и на потребите на партнерот, па љубовниот живот секогаш е во втор план. Станувањето родител подразбира намалено слободно време за себе, но и константен замор од непроспиените ноќи што во голем случај може да резултира со заладен однос помеѓу партнерите. Во многу „тазе бракови“ и врски, односот помеѓу партнерите страда бидејќи сè што прават родителите, го прават за нивното дете. Всушност, ова е најчестата грешка на новите родители – забораваат кои биле пред раѓањето на нивното дете. Комуникацијата помеѓу партнерите е исклучиво важна за детето, неговиот успех или неуспех, затоа не е препорачливо родителите да престанат да бидат пријатели и љубовници и да се фокусираат само на новата улога. Од друга страна пак, кога младите брачни парови ќе го добијат своето прво дете, таткото по традиција продолжува да ја работи својата работа и кариера надвор од домот, може повеќе да се дружи и забавува, додека мајката е таа која останува најдолго време во домот грижејќи се за бебето и за останатите домашни обврски. Кога жената ќе стане мајка, нејзината положба претрпува значителни, коренити промени. Тоа значи дека на некој начин таа се откажала од својот независен женски идентитет поради својата улога на мајка. Голем предизвик е одржувањето на партнерскиот однос без мешање со родителската улога. Од овој период зависи каква ќе биде динамиката и длабочината на односот. Овој период исто така е многу интензивен и физички и емотивно бидејќи бара дополнителен напор за разбирање помеѓу партнерите и прифаќање на тежините што новата животна фаза им ги става како предизвик. Квалитетниот љубовен однос не настанува самиот од себе и потребно е напорно да се работи за него. Не треба да се заборава љубовната врска со партнерот, само поради доаѓањето на новиот член. Бебето не треба да биде причина за оддалечување, туку за зближување на партнерите. И покрај раѓањето на бебето, младите партнери треба да знаат да го урамнотежат нивниот

приватен љубовен живот со родителството. Отворената комуникација помеѓу партнерите е исклучива за одржување на блискиот однос. Подеднакво поделување на обврските и справувањето со нив е единствениот начин за да се надминат предизвиците на родителството без партнерите да навлезат во сериозни конфликти. Младите треба секогаш да одвојат време за себе и да се потсетат на тоа како е да бидат само партнери, да шетаат сами, да одат во кино и слични активности кои ги правеле претходно. „Секој пар треба подеднакво да биде посветен и на детето и на партнерот. Меѓусебната поддршка, блискост и честото изразување на емоциите го зајакнуваат партнерскиот и љубовен однос на родителите" (Petrovska, 2018, pp. 10-24).

# III Глава

# Најголемите предизвици на современото македонско семејство

# 3

## 3.1. Економски предизвици

*„Our very survival depends on our ability to stay awake, to adjust to new ideas, to remain vigilant and to face the challenge of change.“* – Martin Luther King Jr.

Економската нестабилност, високите стапки на невработеност и ниските плати може да претставуваат значителни предизвици за македонските семејства. Финансискиот притисок влијае на нивната способност да ги задоволат основните потреби, да си дозволат здравствена заштита, да обезбедат квалитетно образование за своите деца и да планираат за иднината. Северна Македонија има релативно високи стапки на невработеност, особено кај младите. Во Република Северна Македонија општествените трендови не одат во прилог на младите. Истражувањата покажуваат слаба присутност на младите во сите општествени текови. Тоа се изразува во ниското ниво на креативност, незначителното учество во активности на граѓански здруженија, мал интерес за училишни активности вон наставата, отсуство на студентски иницијативи и слично. Анализите водат кон заклучокот дека „младите се социјално невидливи“ што ја артикулира потребата од инклузивни иницијативи (Ѓуровска, 2023: 98). Ограничените можности за работа им отежнуваат на поединците да најдат стабилно вработување и да обезбедат постојан приход за издржување на нивните семејства. Стапката на невработеност достигна најниско ниво од независноста во 1991-вата година од околу 14 % во 2022-рата година. Стапката на невработеност кај младите во Република Северна Македонија е 34,91 % (O'Neill, 2023) и е најниска досега, меѓутоа сепак, просекот на земјите во Европската Унија е значително понизок и изнесува 11,3 % (Unemployment rate varied widely across EU regions, 2023).

Многу семејства во Северна Македонија се борат со ниските плати и нееднаквоста во приходите. И покрај економскиот раст, платите не држат чекор со зголемените трошоци за живот, што претставува предизвик за семејствата да ги задоволат своите основни потреби и да го подобрат нивниот животен стандард. Нееднаквостите во приходите меѓу урбаните

и руралните области дополнително придонесуваат за нееднаквоста на семејните приходи.

Стапките на сиромаштија остануваат значајни во Северна Македонија, особено кај ранливите групи како што се децата, постарите лица и малцинското население. Семејствата кои живеат во сиромаштија се соочуваат со тешкотии во пристапот до основните ресурси и услуги, вклучително и здравството, образованието и соодветното домување. Околу 21,5 % од населението во Северна Македонија е под прагот на сиромаштија, што значи дека повеќе од 450.000 македонски граѓани страдаат од сиромаштија. Околу 9,1 % од македонските граѓани живеат со помалку од два долари дневно (Thelwell, 2020). Инциденцата на сиромаштијата и социјалната исклученост кај децата (на возраст од 0 до 17 години) во Северна Македонија во 2020-тата година изнесува 46,3, што е речиси двојно повисоко од просекот на ЕУ.

Системот за социјална заштита во Северна Македонија се соочува со предизвици во обезбедувањето соодветна поддршка за семејствата на кои им е потребна. Покриеноста и нивото на социјалните бенефиции, како што се бенефиции за невработеност, семејни додатоци и здравствени услуги, најчесто не се доволни за да се задоволат потребите на семејствата кои се соочуваат со економски тешкотии.

Достапното домување е грижа за многу семејства во Северна Македонија, особено во урбаните средини. Високите трошоци за домување во однос на нивоата на приход може да ги оптоварат семејните буџети, и е предизвик да се обезбеди безбедно и соодветно домување за нивните домаќинства. Некои семејства во Северна Македонија се соочуваат со тешкотии во пристапот до опции за кредит и финансирање заради финансиска неписменост или неисполнување на условите за кредитирање како на пример вработувањето на неопределено време, и ова претставува предизвик за семејствата да инвестираат во образованието, да започнат бизниси или да управуваат со неочекувани трошоци.

Нееднаквостите меѓу руралните и урбаните области претставуваат економски предизвици за семејствата во руралните региони. Ограничените можности за работа, несоодветната инфраструктура и намалениот пристап до услуги може да влијаат на егзистенцијата и економските перспективи на семејствата кои живеат во руралните области.

## 3.2 Рамнотежа помеѓу работата и семејството

*„Striking the right balance between work and life is the art of living well. It's not about choosing one over the other; it's about making both dance to the rhythm of your heart.“ - Michelle Obama*

Урамнотежувањето помеѓу работата и семејните обврски е заеднички предизвик за многу македонски семејства. Долгите работни часови, недостатокот на флексибилни работни аранжмани и ограничениот пристап до достапни и квалитетни опции за згрижување на деца може да им отежнат на родителите да жонглираат со нивните професионални и семејни обврски.

Многу вработени во Северна Македонија работат многу часови, што може да им отежне на поединците да одвојат доволно време за нивниот личен живот и за семејните обврски. Долгите работни часови може да доведат до замор, стрес и ограничено квалитетно време на располагање за семејните активности и врски. Флексибилните работни аранжмани, како што се далечински работи, флексибилни распореди или работа со скратено работно време, не се широко достапни во сите индустрии и занимања во Северна Македонија. Ограничениот пристап до таквите аранжмани може да биде предизвик за родителите да ги балансираат работните и семејните обврски, вклучително и распоредот за грижа за децата и училиште.

**ДОЛГИТЕ РАБОТНИ ЧАСОВИ МОЖЕ ДА ДОВЕДАТ ДО ЗАМОР, СТРЕС И ОГРАНИЧЕНО КВАЛИТЕТНО ВРЕМЕ НА РАСПОЛАГАЊЕ ЗА СЕМЕЈНИТЕ АКТИВНОСТИ И ВРСКИ**

Ограничен пристап до прифатлива и квалитетна грижа за деца е исто така предизвик за многу македонски семејства. Достапните и квалитетни опции за згрижување деца може да бидат ретки во некои области на Македонија. Ова врши дополнителен притисок врз родителите, особено врз мајките кои работат, да жонглираат со своите работни обврски со грижата за своите деца. Тешкотиите во изнаоѓање соодветни договори за згрижување деца може да влијаат на работните распореди и да додадат стрес на семејствата (Radulovikj & Todorova, 2020).

Традиционалните очекувања за родовата улога во семејството сè уште постојат во македонското општество, што може да изврши дополнителен притисок врз жените да ги исполнуваат домашните обврски, а истовремено да ја задржат својата кариера. Ова може да биде предизвик

за жените да постигнат задоволителен баланс помеѓу работата и животот и да ги следат професионалните аспирации (Todorova & Radulovik, 2020). Постојните кампањи за јакнење на улогата на жената во семејството и во општеството не се доволни за да ги променат свеста и јавното мислење за важноста од надминување на стереотипите и перцепциите за жените. Сликата за жените претприемачки, политичарки, директорки, лидерки итн. сè уште е под превезот на традицијата. Родовата еднаквост почнува дома, во семејството, па затоа клучна е потребата за промоција на еднаква распределба на улогите во домот (Радуловиќ 2023 :94).

Во однос на родовиот јаз во платите може да се заклучи дека состојбите бавно се менуваат (Европска комисија, 2021). За нееднаквата позиција на мажите и жените говорат и податоците според кои жените во Република Северна Македонија заработуваат за 12,5 % помалку од мажите, а овој јаз се зголемува и до 28,4 % кај лицата со пониско образование. Во 2019-тата година, 26,7 % од работодавците биле жени, наспроти 73,3 % мажи. Како вработен за своја сметка се 78 % мажи, наспроти 22 % жени. 61,8 % неплатени семејни работници се жени, наспроти 38,2 % мажи. Жените се мнозинство во секторите образование, услужни дејности, нега и грижа, туризам, здравство, социјална заштита, но и во преработувачката индустрија како што е текстилната индустрија, каде што работат 24 проценти од вработените жени и најголемиот број од нив (87 %) земаат плати пониски од просечната плата во земјата. Над 40.000 ден. плата земаат само 22,4 % од жените (Државен завод за статистика, 2021).

Отсуството или ограничената достапност на политики погодни за семејството, како што се родителско отсуство, флексибилно работно време и установи за згрижување деца на работното место, може да го попречат балансот помеѓу работата и животот за македонските семејства. Недостатокот на политики за поддршка може да биде предизвик за родителите адекватно да ги исполнат своите работни и семејни обврски.

## 3.3 Пристап до квалитетно образование

*„Family is the cornerstone of a child's education, and quality education is the foundation of a bright future. Together, they empower the next generation to reach for the stars.“* - Malala Yousafzai

Пристапот до квалитетно образование, особено во руралните области, може да биде предизвик за македонските семејства. Нееднаквостите во образовните ресурси, ограничените воннаставни активности и

несоодветните услуги за поддршка за учениците со посебни потреби може да влијаат на образовните резултати и на можностите на децата. Во некои области на Македонија има недостиг од установи за згрижување деца, вклучувајќи ги и дневните центри, предучилишните установи и јасли. Оваа ограничена достапност може да создаде предизвици за родителите во изнаоѓање соодветни и удобни опции за грижа на нивните деца. Во Северна Македонија речиси 41.000 деца – околу 61 % од децата на предучилишна возраст [3 - 6 години] не биле запишани во предучилишното образование во 2019-тата година кога Владата се обврза да преземе мерки да го намали овој процент (УНИЦЕФ, 2019). Во наредните години се забележува намалување на овој процент. Па така, вкупниот број на деца во сите видови на установи за згрижување деца во 2021-вата година изнесува 31 293, што претставува зголемување од 17,7 % на уписите споредено со 2020-тата година. Според Државниот завод за статистика (2021), во 2021 година 12,5 % од децата на возраст од 0 до 2 години биле запишани во формална грижа за деца. Сепак, вкупниот процент од 36,5 % од деца на возраст од 3 до 5 години кои биле дел од формална грижа за деца во 2021, покажува дека процентот од 63,5 кои не биле вклучени, останува висок. Според податоците на Државниот завод за статистика (2022), во установите за згрижување и воспитание на деца – детски градинки/центри за ран детски развој се регистрирани 35 932 деца, што претставува зголемување од 14,8 % во однос на 2021-вата година. Со годишните извештаи во 2022-рата година се опфатени 113 установи за згрижување и воспитание на деца, што е за 8,7 % повеќе во однос на 2021-вата година.

Услугите за детска грижа може да бидат скапи, а трошоците за квалитетна грижа за децата може да предизвикаат значителен финансиски товар на семејствата. Високите трошоци за згрижување на децата им отежнуваат на некои родители, особено на оние со ниски примања, да си дозволат квалитетна грижа за своите деца, а истовремено да ги исполнат и другите финансиски обврски. Обезбедувањето стандарди за квалитет во услугите за згрижување на деца е од суштинско значење за благосостојбата и за развојот на децата. Сепак, одржувањето на висококвалитетна грижа за децата може да биде скапо и може да бара обучени професионалци, соодветни капацитети и едукативни материјали. Ограничениот пристап до квалитетна грижа за децата може да ги загрози можностите за раното учење и развој на децата.

Недостатокот на флексибилни опции за вработување е присутен во Северна Македонија. Флексибилните аранжмани за згрижување деца,

како што е нега со скратено работно време или грижа надвор од редовните работни часови не се многу достапни и тоа претставува предизвик за родителите со нестандардни работни распореди да најдат соодветна грижа за своите деца.

Во Северна Македонија пристапот до прифатлива и квалитетна грижа варира во зависност од географската локација. Семејствата кои живеат во рурални или оддалечени области се соочуваат со дополнителни предизвици поради ограничената инфраструктура за згрижување деца и помалку достапни опции во споредба со урбаните области. Во руралните средини значително помалку деца на возраст од 36 до 59 месеци посетуваат услуги за рано образование (19,9 %) во споредба со стапките на посетеност од 46,6 % во урбаните средини (Nikoloski, 2023).

## 3.4 Стареење на населението и грижа за стари лица

*„In the tapestry of life, the care we give to our elders is the golden thread that binds generations together, weaving love, wisdom, and cherished memories.“* - Maya Angelou

Со стареењето на населението, македонските семејства се соочуваат со предизвици поврзани со грижата за постарите членови на семејството. Ограничениот пристап до услугите за нега на стари лица, недостатокот на поддршка за семејните старатели и напорот за обезбедување грижа додека се балансираат другите одговорности може да бидат значајни предизвици. Стареењето на населението доведува до промени во старосната структура на едно општество, при што поголем дел од населението се постари возрасни лица. Оваа демографска промена може да има импликации за различни аспекти на општеството, вклучително и здравството, пазарите на трудот, системите за социјална заштита и меѓугенерациската динамика. Стареењето на населението поставува зголемени барања за здравствените системи, бидејќи постарите поединци генерално бараат повеќе здравствени услуги и третмани. Ова вклучува управување со хронични состојби, болести поврзани со возраста и обезбедување услуги за долгорочна нега. Зголемената побарувачка може да ги оптоварува ресурсите за здравствена заштита и да влијае на пристапноста и достапноста на здравствената заштита и за постарите и за општата популација.

Стареењето на населението доведува до намалување на големината на работоспособното население. Трендот на миграциите и намалувањето на раѓањата создаваат сериозни импликации за работната сила во иднина. Ова може да создаде предизвици за одржување на економската

продуктивност и поддршка на системот за социјална заштита во Северна Македонија. Со помала работоспособна популација, се заканува недостиг на работна сила, зголемени коефициенти на зависност (бројот на издржувани лица по работник) и потенцијални оптоварувања на системите за пензиско и социјално осигурување. Финансиската одржливост на пензиските системи може да биде засегната бидејќи бројот на пензионери се зголемува во однос на бројот на активни придонесувачи. Можеби ќе бидат потребни прилагодувања за да се обезбеди соодветност и одржливост на пензиските системи во светлината на демографските промени. Демографската промена кон стареењето на населението може да влијае на динамиката меѓу генерациите. Помладите генерации може да се соочат со економски притисоци и одговорности за грижа за нивните постари родители или баби и дедовци. Урамнотежувањето на потребите и аспирациите на различни возрасни групи во рамките на семејствата и општеството може да стане покомплексно.

**УДЕЛОТ НА ЛИЦА ПОСТАРИ ОД 65 ГОДИНИ ВО ВКУПНОТО НАСЕЛЕНИЕ ВО ПОСЛЕДНАВА ДЕЦЕНИЈА СЕ ЗГОЛЕМИЛ ЗА 5,3%, ШТО Е НАЈГОЛЕМ РАСТ ВО ЕВРОПА**

Како и многу земји во светот, Северна Македонија се соочува со стареење на населението. Процентот на постари лица (65 години и постари) се зголемува, додека процентот на помлади возрасни групи се намалува. Уделот на лица постари од 65 години во вкупното население на Северна Македонија во последнава деценија се зголемил за 5,3 %, што е најголем раст во Европа. Според проценките на статистичката агенција на Европската Унија, во земјава 11,8 % од населението било постаро од 65 години во 2012-тата година, додека десет години подоцна уделот на население над 65 години изнесувал 17,1 % (Eurostat, 2023). Оваа демографска промена доведува до предизвици и импликации за здравствената заштита, системите за социјална заштита и меѓугенерациската динамика.

## 3.5 Социјална нееднаквост и дискриминација

„*Social isolation and discrimination shatter the bonds of family. To build a world of unity and equality, we must mend these rifts, for in the embrace of family, we find our strength and our humanity.*“ - Desmond Tutu

Социоекономските разлики и дискриминацијата влијаат на македонските семејства, особено на оние од маргинализираните заедници.

Дискриминацијата врз основа на етничка припадност, пол или социоекономски статус ги ограничува можностите и пристапот до ресурси за да ги овековечи социјалните нееднаквости во семејствата и општеството. Обезбедувањето еднакви можности за сите граѓани обезбедува предуслов за инклузивност што овозможува рамномерен економски развој. Сеопфатна законска рамка за недискриминација при вработување е социјалната политика воспоставена во Северна Македонија. Во 2022-рата година, донесена е новата Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година. Според оваа стратегија, Северна Македонија е јасно решена да промовира превенција и елиминација на стереотипите и предрасудите. Оваа стратегија е поставена на воспоставување еднакви можности за сите луѓе во сите сфери на јавниот и приватниот живот. И покрај овие можности, нееднаквите можности продолжуваат да постојат по различни линии на поделба во општеството, како на пример нееднаквости меѓу мажите и жените, постарите и понови генерации итн., што доведува до неповолна положба на одредени сегменти од населението.

### 3.5.1 Предизвици на семејство со дете со попреченост

*„True strength is found in families who embrace every member's unique ability, for in their love and acceptance, they discover the limitless potential of the human spirit.“* – Helen Keller

Семејството е прв и најважен фактор за социјализација на детето и обезбедување на соодветни услови за негов нормален и правилен развој. Во рамките на семејството детето ги формира првите емоционални врски, го развива чувството на припадност и започнува да го учи светот околу себе, односно ја гради својата личност. Сѐ она што важи за семејството и за улогата на родителите во развојот на детето без попречености, важи и за родителите што имаат дете со пречки во развојот, со тоа што родителите на ова дете имаат и специфични проблеми кои другите родители ги немаат или ги немаат во толкав обем, тежина и разноликост.

Раѓањето на дете со попреченост предизвикува промена на основниот план на семејството. Клиничките искуства покажуваат дека најчесто се променува динамиката на семејните односи, односно намалување на спонтаноста помеѓу членовите на семејството, зголемена напнатост, премореност, раздразливост и изразито пренагласување на развојните проблеми на детето.

Многу истражувања предупредуваат на неповолното влијание од раѓањето на дете со пречки во развојот во семејството врз животот на целото семејство (Stanulović):

- Се нарушуваат социјалните контакти на семејството (со роднините, пријателите, докторите, наставниците и со други стручни лица);
- Многу често се нарушени и меѓусебните односи во семејството, најмногу помеѓу сопружниците, а не ретко доаѓа и до развод.
- Родителите се неодлучни во понатамошното проширување на семејството. Постоењето и на најмал ризик може да биде причина да не се одлучат за друго дете или пак раѓањето на второ дете го доживуваат како дополнителна помош во грижата и негата на детето со попреченост, особено по нивната смрт.
- Голем број на родители не ја прифаќаат првичната процена за развојните тешкотии на нивното дете. Тие вложуваат многу труд, напор и трошат значајни финансиски средства за прегледи од разни стручњаци и не престануваат да се надеваат дека ова процена ќе биде оспорена. Често постои и несогласување во однос на лечењето и грижата за детето.

Живеење со дете со попреченост со себе носи значителни финансиски, емотивни и воопшто животни предизвици. Во последните неколку децении целокупниот третман кон овие лица е целосно променет. Историски гледано, литературата во односот родител - дете се фокусирала на психолошкото влијание на родителот врз детето, а од поново време, фокусот полека се преместува кон проучување на психолошкиот ефект што детето може да го има врз родителите (Sofronoff & Farbotko, 2002).

Во Република Северна Македонија постојат ограничени истражувања во однос на состојбата на семејствата со дете со попреченост, но генерално лимитираниот број на студии упатува на слични заклучоци. Според истражувањето на Кескинова (2021), семејствата кои имаат дете со попреченост во Република Македонија се соочуваат со сериозни финансиски предизвици, кои влијаат врз нивните секојдневни случувања, како и врз можноста за адекватен, квалитетен и навремен третман за нивните деца со попреченост. Во 2019 година беше донесен нов закон за социјална заштита со нови промени кои имаа за цел да го унапредат квалитетот на живот на овие семејства, но резултатите покажале дека е потребно ревизија на полезноста на дело од предвидените промени.

Во однос на институционалната поддршка во нашата земја, наодите откриваат високо незадоволство кај родителите. Финансиските бенефиции што ги доделува државата се оценети како недоволни за мнозинството родители, додека образовните институции се критикувани за нивната неможност да ги задоволат потребите на децата со попреченост. Семејствата ја нагласува важноста од сеопфатна координација помеѓу медицинските, образовните и социјалните институции за да се обезбедат соодветни услуги кои ефективно ги поддржуваат во секојдневните предизвици.

Врз основа на наодите од истражување на предизвиците и перспективите на родителите, Кескинова (2023) предлага неколку препораки кои можат да ја подобрат поддршката и услугите што им се даваат на семејствата на деца со попреченост:

- **Зголемување на институционалната поддршка**: Клучно е да се одговори на очигледното незадоволство кај родителите во однос на институционалната поддршка. Треба да се направат напори за да се зголеми достапноста на услугите за поддршка, како што се советувањето и информациските ресурси, особено преку соработка помеѓу здравствените, образованите и социјалните институции.

- **Подобрување на координацијата помеѓу системите за поддршка:** Родителите се особено загрижени поради недостатокот на координација помеѓу различните системи за поддршка. Воспоставувањето ефективна комуникација и мрежи за соработка меѓу здравствените, образовните и социјалните работници ќе обезбеди сеопфатен и интегриран пристап за поддршка на семејствата и задоволување на различните потреби на децата со попреченост.

- **Проширување на програмите за образование на родители**: Со оглед на високиот процент на родители кои не се соодветно информирани во однос на потребите на нивното дете, од суштинско значење е да се развијат и имплементираат образовни програми специјално дизајнирани за родители на деца со попреченост. Овие програми треба да опфатат различни аспекти, вклучувајќи разбирање на предизвиците, ефективни стратегии за родителство, пристап до соодветните ресурси и поттикнување на развојот на нивното дете.

- **Зголемување на свеста за постоењето на здруженијата за поддршка:** Треба да се направат напори за подигање на свеста за овие здруженија и нивните услуги преку насочени информативни кампањи, стимулирање соработка со институциите и нивно вклучување во информативните ресурси што им се даваат на родителите.

- **Поголеми финансиски бенефиции**: Финансиските бенефиции што ги добиваат родителите се недоволни. Потребно е да се одредат дополнителни финансиски бенефиции за поддршка на семејствата на деца со попреченост, кои ќе помогнат во задоволување на различните потреби на нивните деца.

- **Промовирање на социјалното прифаќање:** Подигнување на јавната свест, промовирање на инклузивност во локалната заедницата и борбата против стигматизација и дискриминација може да придонесат за создавање поприфатлива и поддржувачка средина за семејствата и нивните деца со попреченост.

- **Подобрување на достапноста на дневните центри:** Потребен е поголем број на дневни центри кои се грижат конкретно за потребите на децата со попреченост. Проширувањето на достапноста на таквите центри ќе им обезбеди на родителите одмор, простор за лична нега и индивидуален развој.

- **Поддршка за подобрување на менталното здравје:** Со оглед на стравувањата што ги изразуваат родителите во врска со иднината на нивното дете и нивната сопствена ментална благосостојба, од клучно значење е да ѝ се даде приоритет на поддршката за менталното здравје и за родителите и за децата. Обезбедувањето советодавни услуги, групи за поддршка од врсници и достапни ресурси за ментално здравје може да помогнат во ублажување на стресот и подобрување на целокупната благосостојба на семејствата.




**Сл. 9** Препораки кои можат да ја подобрат поддршката и услугите што им се даваат на семејствата на деца со попреченост

## 3.6 Еднородителски семејства

*„Family is not defined by the number of parents, but by the love, support, and connection shared under one roof.“* - J. K. Rowling

Кога станува збор за еднородителско семејство, во нашето законодавство сѐ уште не постои единствена правна дефиниција за овој поим. Нашето општество, кое постојано ги менува облиците на секојдневното живеење и функционирање, тешко дозволува да постои критериум врз чија основа ќе се утврди кога едно лице или семејство го добива овој статус. Според ова, тешко е да се донесе една генерална дефиниција која ќе ги опфати сите елементи на еднородителските семејства.

Во последно време од една гледна точка настанува трансформација во начинот на функционирањето на семејствата, со што од тие причини, традиционалните семејства се расцепкуваат на тој начин што се создаваат еднородителските семејства. Тие се резултат на субјективни и објективни причини.

**САМОХРАНИТЕ СЕМЕЈСТВА СЕ ВО ПОРАСТ**

Според статистиката на ЕВРОСТАТ, базата за статистички податоци на Европската комисија, со седиште во Луксембург, самохраните семејства се во пораст. Дефиниција за тоа што претставува самохрано семејство, може да се најде низ литературата и анализите посветени на овие прашања. Па така, Европскиот институт за родова еднаквост (2019), ова семејство го дефинира како „семејство со еден родител кој се грижи за развојот и подигнувањето на своето дете/деца, кој живее без партнер и во заедничко домаќинство со своите деца“.

Проблеми со кои се соочуваат самохраните родители

Според досегашните статистики, можеме да издвоиме неколку конкретни проблеми на еднородителските семејства:

- Недоволна запознаеност со прописите како и со организациите кои им нудат помош на таквите семејства;
- Умореност и презафатеност;
- Тоа што мораат сами да ја преземат одговорноста за одгледување на детето;
- Постојаната загриженост за тоа дали ќе ги одгледа добро своите деца и каква ќе биде иднината на нивните деца;
- Отсуство на контакти или лоши контакти со другиот родител;

- Осаменост;
- Неусогласување на работното време и можноста за чување на децата;
- Неможност да им го пружат на децата она што тие го сакаат или им треба;
- Да објаснат каде е другиот родител;
- Проблеми во решавање на правата за алиментација;
- Нерешено станбено прашање;
- Невработеност.

Разликата во стапката на вработеност меѓу самохрани мајки и самохрани татковци е широка до 9 проценти (78 % за самохрани татковци и 69 % за самохрани мајки). Помладите мајки и жени со мали деца се најневработената група во овој дел (Ruggeri & Bird, 2014).

13 % од самохраните мајки и 9 % од самохраните татковци се невработени, а 18 % од самохраните мајки и 13 % од самохраните татковци ниту се вработени, ниту бараат работа. Самохраните мајки, за да бидат жени и да бидат единствени заработувачи, се соочуваат со двоен предизвик. Поради можните тешкотии во балансирањето на работата и семејниот живот, тие се соочуваат со дополнителни ограничувања за да најдат добри работни места.

Жените се склони кон влегување на пофлексибилни, но сепак пониско платени работни места, како и помалку безбедни работни места со неповолни позиции, скратено работно време или работни места со привремени договори (European Comission, 2014).

Ова дополнително ги влошува предизвиците со кои се соочуваат самохраните мајки. Неплатените домашни обврски и грижи и стереотипното припишување на секакви обврски за жените исто така играат значајна улога во семејствата на еден родител: 32 % од самохрани татковци и 44 % од самохрани мајки кои работат со скратено работно време (помалку од 30 часа неделно), не успеваат да работат повеќе поради домашните обврски, грижи и одговорности (Maldonado & Nieuwenhuis, 2015).

Во споредба со самохраните мајки, самохраните татковци имаат помалку и постари деца, со поголема веројатност тие да се веќе во училиште или градинка. Да се има работа не е секогаш доволно за да се гарантира економската благосостојба на самохраните родители и да ги задржи надвор од сиромаштијата. 33 % од мажите и жените, добиваат личен приход од работа што сепак останува под националната линија на сиро-

маштија. Во исто време, еднородителските семејства на чело со жени исто така се двојно повеќе материјално лишени од оние на чело со мажи (20 % наспроти 9 %). Родителската сиромаштија, исто така, може да има силно влијание врз личниот развој и врз образованието на децата во домаќинството, што може да продолжи да влијае врз нив во текот на целиот живот.

Поголемиот дел од самохраните мајки (71 %) и 41 % од самохраните татковци сметаат дека е предизвик да се соочат со неочекувани финансиски трошоци (во споредба со 40 % од сите жени и 36 % од сите мажи во ЕУ-28). Она што самохраните мајки, како и самохраните татковци имаат тенденција од недостиг, се финансиска сигурност и заштеда за поголеми или неочекувани трошоци, отколку за специфични предмети, како телефон или телевизија. 26 % од самохраните мајки и 16 % од самохраните татковци имаат тешкотии во плаќањето на сметки за комуналните услуги. Самохраните родители почесто немаат доволно ресурси да трошат на себе, особено самохраните мајки. Само 55 % од самохраните мајки велат дека можат да трошат мала сума на пари секоја недела за себе (во споредба со 78 % од самохраните татковци) (European Comission, 2021).

## 3.7 Хомосексуални партнерства

*„Equality means more than passing laws“* - Barbara Gittings

,,Според една анкета на македонскиот Хелсиншки комитет за човекови права изработена со неколку партнерски невладини организации, 9,6 % од населението во Македонија е нехетеросексуално“ (Гејзаедницата во Македонија, 2007). Во Северна Македонија владеат предрасуди за хомосексуалните бракови и партнерства. Република Северна Македонија сè уште е традиционална држава, во која се почитуваат семејните вредности и на бракот се гледа како заедница помеѓу маж и жена. Многу луѓе сметаат дека прифаќањето на истополовиот брак претставува лош пример за помладите генерации. Во државата нема изразена агресивност кон истополовите партнерства, но тоа е така бидејќи хомосексуалците во Северна Македонија сè уште поради стравот од неприфаќање се невидливи во јавноста и во средината. Во Република Северна Македонија не се легализирани истополовите партнерства и бракови. Меѓутоа во последните неколку години поинтензивно се либерализираат ставовите на младите лица и се забележува поголемо прифаќање и одобрување на хомосексуалните заедници (Радуловиќ, Авировиќ- Бундалевска, Кескинова, 2022).

Првата земја во Европа која ги легализираше истополовите бракови беше Холандија во 2001-вата година, а по неа следуваа уште 34 држави во светот, со различни права во однос на посвојувањето деца. Со цел зголемување на правата и видливоста на припадниците на ЛГБТ- заедницата, во 2019-тата година во РСМ се одржа првата парада на гордоста „Прајд Скопје", која доби голема поддршка од активистите во регионот, странски амбасадори и политичари, но поради опасност од инциденти беше спроведено полициско обезбедување, а истовремено се одржуваше и паралелен марш за зачувување на традиционалните вредности. Досегашните истражувања посочуваат дека хомофобијата е присутна кај порелигиозните и традиционални општества и кај повозрасните луѓе за разлика од младите (Mitchell, Fries, 2016).

Едно квалитативно истражување спроведено во РСМ во 2019-тата година за прифаќањето и перцепцијата на три нови модели на семејства (вонбрачни заедници, хомосексуални заедници и мултиетнички семејства) заклучува дека хомосексуалните заедници се најмалку прифатен модел на семејство во македонското општество од страна на испитаниците од урбана средина од две старосни групи (45 - 60 години и 20 - 35 години). Половина од вкупно 62 испитаници изразиле негативно или неутрално мислење кон нив. Поконкретно, мнозинството млади испитаници не ги поддржува хомосексуалните заедници, најчесто од верски побуди. Исто така, дел од испитаниците, покрај тоа што не ги поддржуваат овие заедници, истите ги осудуваат. Понатаму, повозрасната група испитаници не ги прифаќа хомосексуалните заедници, бидејќи според нив, не може да се изврши репродуктивната функција. Дури и оние испитаници кои ги прифаќаат хомосексуалните заедници, претпочитаат тоа да не им се случи на нивните деца или пак да не им се дозволува посвојување деца (Авировиќ-Бундалевска, 2020).

Од сите нови модели на семејства во РСМ, хомосексуалните заедници се најчест предмет на дискриминација и не се целосно прифатени во нашето современо општество и за нивната бројка не постојат официјални податоци. Од тие причини, сметаме дека потребни се повеќе истражувања на оваа тема.

## 3.8 Семејно насилство

*„The only thing more unthinkable than leaving was staying; the only thing more impossible than staying was leaving."* — Elizabeth Gilbert

Семејното насилство е намерно заплашување, физички напад, тепање, сексуален напад и/или друго навредливо однесување како дел од систематската шема на моќ и контрола извршена од еден интимен партнер против друг. Тоа вклучува физичко насилство, сексуално насилство, емоционално/психолошко и економско злоупотребување. Фреквенцијата и сериозноста на семејното насилство драматично варираат.

Семејното насилство е распространето во секоја заедница и ги погодува сите луѓе без разлика на возраста, социоекономскиот статус, сексуалната ориентација, полот, расата, религијата или националноста. Физичкото насилство често е придружено со емоционално навредливо и контролирачко однесување како дел од многу поголем, систематски модел на доминација и контрола. Семејното насилство може да резултира со физичка повреда, психичка траума, па дури и смрт. Разорните последици од семејното насилство можат да поминат низ генерации и да траат цел живот.

Семејното насилство претставува специфичен предизвик и бара специјализирани пристапи од давателите на социјални и здравствени услуги. Пред ефикасно и вешто решавање на жртвите кои се борат со семејно насилство, давателите на услуги неопходно е првично да ја разберат суштината и потеклото на проблемот, како и неговите реперкусии врз жртвите, децата и заедницата во целост. Ова поглавје ја поставува основата за таквото разбирање со испитување на дефиницијата и основните причини за семејно насилство, заедно со фокусирање на специфичните сложености поврзани со превенција и третман на истото.

### Дефиниција на семејно насилство

Семејното насилство може да го сретнеме под разни термини: злоупотреба на брачен партнер, агресија, насилно однесување, интимно насилство, напад на жена, тепање итн. Најчесто употребата на различни термини се користи со цел да се адресира и образложи проблемот, но понекогаш употребата на специфичен термин упатува на укажување на полот на жртвата (пр. напад на жена). Надвор од оваа низа терминологии, постојат различни бихевиорални и правни толкувања на семејното насилство. Со такво изобилство на термини и дефиниции, се јавува потенцијален недостаток на јасност околу точната суштина на семејното

насилство. Овој недостаток на јасност придонесува кон разлики во препознавањето, оценувањето и интервенирањето во такви случаи, како и неусогласеност во наодите од истражувања.

Според Обединетите нации семејната злоупотреба, односно „семејно насилство“ или „насилство од интимен партнер“, може да се дефинира како модел на однесување во која било врска што се користи за стекнување или одржување на моќ и контрола врз интимниот партнер. Злоупотреба се физички, сексуални, емоционални, економски или психолошки дејствија или закани за дејствија кои влијаат на друго лице. Ова ги вклучува сите однесувања што заплашуваат, тероризираат, манипулираат, повредуваат, понижуваат, обвинуваат или повредуваат некого. Домашната злоупотреба може да му се случи на секого од која било раса, возраст, сексуална ориентација, религија или пол. Може да се појави во низа врски, вклучувајќи парови кои се во брак, живеат заедно или излегуваат. Семејното насилство ги погодува луѓето од сите социоекономски средини и нивоа на образование.

Според бихевиоралниот пристап семејното насилство е модел на навредливо и принудно однесување, кое вклучува физички, сексуални и психолошки напади, како и економска принуда, која ја користат возрасните или адолесцентите против нивните интимни партнери. Во литературата, дефинирани се пет клучни елементи на семејното насилство (Ganley.A, 2008):

1. Несоодветно однесување извршено од возрасни или од адолесценти против нивните интимни партнери во сегашни или во поранешни романтични врски, брачни или кохабитирани заедници на хетеросексуални или хомосексуални парови.

2. Шема на навредливи и принудни однесувања, кои вклучуваат физички, сексуални, психолошки напади, како и економска принуда.

3. Семејното насилство има разни вариетети, некои однесувања нанесуваат физички повреда, а некои поинаков вид на болка; некои се кривично дело, додека други не. Овој циклус на дејства се повторува често, а понекогаш и на дневна основа.

4. Комбинацијата на физички напад, заедно со теророт, доминацијата и контролата што ги користат сторителите резултираат со страв, како и со физичка и психичка повреда на жртвите и нивните деца.

5. Шемата на однесување на сторителот е насочена кон контрола на жртвата.

Законодавното право во нашата Република забранува секаков вид на насилство па така според Законот за семејство во Република Северна Македонија се забранува секаков вид на насилство меѓу членовите на семејството, без оглед на пол и возраст. Семејното насилство е уредно дефинирано во македонското законодавство со Законот за семејство, Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, Законот за социјална заштита и Кривичниот законик.

Според Законот за семејство под семејно насилство се подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв. Семејното насилство најчесто се случува во семејната заедница било да станува збор за брачна или за вонбрачна заедница во којашто партнерите имаат деца, заеднички деца добиени во брак, надвор од брак, помеѓу брачните и вонбрачните партнери, постарите лица во семејството или пак помеѓу роднинските релации кои произлегуваат од семејните релации и норми (Закон за семејство, 2014).

## Циклус на семејно насилство

Ленор Вокер, американски психолог и истражувач, даде значаен придонес на полето на семејното насилство. Во 1979 година, таа го воведе концептот на „Циклус на насилство“, кој оттогаш стана основна рамка за разбирање на динамиката на навредливите односи. Моделот ги разгледува повторените дејства на сторителот и како овие дејствија и оневозможуваат на жртвата да го напушти сторителот.

### *Фаза 1 – Фаза на зголемување на напнатоста*

*Зголемување на тензијата:* Оваа фаза се карактеризира со постепено зголемување на тензијата и на конфликтот во врската. Во овој период може да дојде до мали расправии и вербална злоупотреба. Жртвата често се обидува да го смири насилникот за да спречи ситуацијата да ескалира понатаму. Комуникацијата се прекинува, а атмосферата станува сè понестабилна.

*Застанување:* Оваа фаза може да биде многу застрашувачка за луѓето кои се злоупотребуваат. Тие се чувствуваат како ситуацијата да експлодира ако направат нешто погрешно. Однесувањето на насилникот се интензивира и достигнува точка каде што ослободувањето од тензијата е неизбежно.

### *Фаза 2 - Акутна експлозија*

Во оваа фаза, тензијата го достигнува својот врв, што резултира со насилен излив или епизода на физичка, емоционална или сексуална злоупотреба. Насилникот ја губи контролата и станува физички насилен, нанесувајќи ѝ штета на жртвата. Оваа фаза често е обележана со интензивен страв и опасност за жртвата.

### *Фаза 3 - Меден месец*

*Каење:* Во овој момент, насилникот може да почне да се срами. Тој може да стане повлечен и да се обиде да ги оправда своите постапки пред себе и кон другите. На пример, тој може да рече: „Знаеш дека ме лути кога го кажуваш тоа“.

*Потрага:* За време на фазата на потрага, сторителот може да вети дека никогаш повеќе нема да биде насилен. Тие може да се обидат да го објаснат насилството со обвинување на други фактори како што се алкохолот или стресот на работа. Сторителот може да биде многу внимателен кон лицето кое доживува насилство, вклучително и купување подароци и помагање низ куќата. Може да изгледа како сторителот да се променил. Во овој момент, лицето кое го доживува насилството може да се чувствува збунето и повредено, но исто така и олеснето што насилството е завршено.

*Фаза на негирање*: И двајцата во врската може да негираат за сериозноста на злоупотребата и насилството. Интимноста може да се зголеми во оваа фаза. И двајцата може да се чувствуваат среќни и да сакаат врската да продолжи, па можеби нема да ја признаат можноста насилството да се повтори.

**Сл. 10** Циклус на насилство




Извор: Walker, 1987

## Видови семејно насилство

### *Физичко насилство*

Физичкото малтретирање опфаќа низа дејства, од плукање, гребење и гризење до грабање, тресење, туркање, задржување, фрлање, извртување, шлаканица (со отворена или затворена рака), удирање, гушење, палење, па дури и ракување со оружје (како што се предмети за домаќинството, ножеви или пиштоли) против жртвата. Резултатите од овие физички напади може да варираат, понекогаш да резултираат со повреди, а во други моменти да не оставаат видливи штети.

Понекогаш, навидум помалку тешки форми на физичко малтретирање, како туркање или влечење, може да доведат до најтешки повреди. Агресорот може насилно да ја турне жртвата во предмети како кауч, ѕид, по скали или дури и надвор од возило во движење - ситуации кои можат да предизвикаат различни степени на траума, вклучувајќи модринки, фрактури или оштетување на 'рбетниот мозок, па дури и смрт на жртвата (Ganley. A, 2008).

### *Сексуално насилство*

Одредени насилници се впуштаат во сексуална злоупотреба врз нивните жртви, однесување кое опфаќа широк спектар на дејства. Ова може да вклучи принуден секс со манипулација или закана, физички принуден секс или сексуален однос пропратен со насилство. Жртвите може да бидат принудени да се вклучат во несакани сексуални дејствија, како што: вклучување на трето лице во сексуалните активности, физички болен секс, учество во навредливи сексуални активности, поднесување вербална дегградација за време на сексот или изложување на сексуално насилен материјал. Таквите дела може да се случат кога жртвата е во ранлива состојба (изнемоштена, болна, пред деца, по физички напад или додека спие).

Во некои случаи, сторителите ги напаѓаат гениталиите на жртвата користејќи физички удари или оружје. Дополнително, одредени сторители ја контролираат жртвата со тоа што не ѝ дозволуваат пристап до контрацепција или заштита од сексуално преносливи болести. Со ова навредливо однесување сторителите имаат за цел да им укажат на жртвите дека тие немаат автономија над нивните тела. Одговорите од жртвите може да варираат: некои може да се спротивстават и последователно да се соочат со казна, додека други не покажуваат отпор со надеж дека брзо ќе стават крај на сексуалната злоупотреба.

Сексуалната злоупотреба остава длабоки рани по менталното здравје на жртвите и многу од нив тешко дискутираат за истото. Некои жртви не се сигурни дали ова сексуалното однесување е навистина злоупотреба, додека други тоа го гледаат како ултимативно предавство (Ganley. A, 2008).

*Физичките и сексуалните напади* или заканите за нивно извршување се најочигледните форми на семејна злоупотреба и насилство и обично се дејствија што им овозможуваат на другите да станат свесни за проблемот. Иако нападите може да се случат само еднаш или повремено, тие влеваат страв од идни насилни напади и му дозволуваат на насилникот да ја преземе контролата врз животот и околностите на жртвата.

Тркалото за „Моќ и контрола“ е особено корисна алатка за разбирање на целокупниот модел на навредливи и насилни однесувања, кои се користат од страна на насилникот за да воспостави и одржува контрола врз неговиот/нејзиниот партнер или врз која било друга жртва во домаќинството. Многу често, еден или повеќе насилни инциденти може да бидат придружени со низа од други видови на злоупотреба, истите се помалку видливи, но сепак цврсто воспоставуваат шема на заплашување и контрола во врската.

**Сл. 11** Тркало за моќ и контрола




Извор: Domestic Abuse Intervention Project, Duluth, MN

***Психолошко насилство***

Постојат повеќе видови на психолошко насилство:

**1) Закани за насилство и повредување** – Овој вид на насилство вклучува употреба на вербални или на невербални изрази кои соопштуваат непосредна или потенцијална опасност за физичката, емоционалната или менталната благосостојба на жртвата. Иако овие закани не секогаш може да резултираат со непосредна физичка повреда, тие нанесуваат значителна психолошка вознемиреност и вршат контрола врз жртвата преку страв и заплашување. Заканите може да имаат различни форми, почнувајќи од експлицитни вербални изјави (на пр. „Ќе те убијам“, „Никој нема да те има“, „Мајка ти ќе плати за ова“, „Не можам да живеам без тебе“...), невербални знаци и гестови кои имплицираат на повреда на жртвата, до преземени акции за повреда на жртвата (демнење, прикажување оружје, киднапирање, убиство и/или самоубиство). Сторителите може да се закануваат дека физички ќе ја повредат жртвата, нејзините најблиски, соседите и други важни личности на жртвата. Сторителот може да ја принуди жртвата да се вклучи во незаконски активности (како што се проституција или кражба) и последователно да ѝ се заканува дека ќе ја разоткрие, или може да издаде лажни обвиненија против неа (како што се пријавување до социјалните служби, службите за заштита на деца, полиција и слично).

**2) Напади против имот или домашни миленици и други акти на заплашување** – Насилното однесување насочено кон имот и домашни миленици не се случајни. Сторителот го уништува опкружувањето на жртвата: ѕидот на кој е потпрена жртвата, вратата зад која бара засолниште, нејзиниот негуван порцелан, како и нејзиното домашно милениче - сето тоа се уништува, односно повредува/убива пред очите на жртвата. Често при насилството сторителот ја обвинува жртвата: „Види што ме натера да направам“, а скриената порака е „Ти можеш да бидеш следна“ (Ganley. A, 2008).

**3) Емоционално насилство -** Емоционалната злоупотреба функционира како стратегија на манипулација, која опфаќа широка низа вербални напади и понижувачки дејства. Овие дејствија претставуваат повторливи вербални напади насочени кон личната вредност или кон улогите на жртвата, без разлика дали е родител, член на семејството, пријател, соработник или учесник во заедницата. Овие вербални напади често ја истакнуваат чувствителноста на жртвата, нагласувајќи ги аспек-

тите како што се минатите искуства како преживеан инцест, лингвистичките способности, родителските вештини, религиозните убедувања, сексуалната ориентација и слично.

Сторителот може да користи психолошка манипулација за да ја поткопа перцепцијата на реалноста на жртвата, како што е експлицитно упатување да изврши некоја задача, само за да негира дека ја дал директивата кога таа ќе ја следи. Емоционалната злоупотреба може да се манифестира и преку принудување на жртвата да извршува понижувачки дејствија, како и понижување на жртвата во присуство на семејството, пријателите или непознати лица (Ganley. A, 2008).

**4) Изолација -** Изолацијата не само што служи како метод на контрола туку и ја засилува динамиката на моќ помеѓу жртвата и сторителот. Препознавањето на изолацијата како форма на семејно насилство е од клучно значење за прекинување на циклусот на злоупотреба и обезбедување ресурси и поддршка на жртвите што им се потребни за да ја вратат својата автономија и да ги обноват своите животи. Насилството вклучува систематско отсекување на жртвата од нејзините социјални врски, мрежи за поддршка и надворешни ресурси, со што се создава средина на зависност и немоќ. Изолацијата може да биде во форма на контролирање на движењата на жртвата, како што е диктирање каде може да оди, кога може да ја напушти куќата или со кого може да поминува време. Сторителот може да ги следи телефонските повици, текстуалните пораки, е-поштата и активностите на социјалните мрежи на жртвата, прегледувајќи ги нејзините интеракции и намалувајќи ја нејзината приватност. Овој надзор поттикнува чувство на постојана контрола и страв. Некои сторители се посесивни за времето и вниманието на жртвата. Често ги обвинуваат за сексуално неверство и на други наводни за неверства, како трошење премногу време со децата, поширокото семејство, на работа или со пријателите. Сторителите тврдат дека семејството или пријателите се обидуваат да ја уништат нивната врска. Оваа љубомора за наводни љубовници, пријатели или семејство е тактика за контрола врз жртвата.

Преку изолација, сторителите имаат за цел да ја нарушат самодовербата и довербата на жртвата, правејќи ги да веруваат дека не се достојни за социјални интеракции или дека не се способни да одржуваат врски. Жртвите често доживуваат чувства на осаменост, очај и беспомошност, кои се намерни исходи од оваа тактика на сторителот. Со текот на времето, жртвите може да ја сметаат својата изолација како нормален аспект на нивната врска, што им отежнува да препознаат дека доживуваат семејно насилство.

**5) Користење на децата** – децата можат да станат и жртви и алатки во контекст на семејното насилство. Децата може директно да доживеат физичко, емоционално, вербално или сексуално насилство. Тие можат да бидат подложени на насилство или да бидат сведоци дека тоа му се случува на родител или старател. Дури и ако децата не се физички повредени, сведочењето на семејното насилство може да остави трајни емоционални лузни. Сторителите може да ги користат децата за да го контролираат својот партнер. Заканувањето дека ќе им наштети или ќе ги одземе децата може да ја принуди жртвата да ги исполни барањата на насилникот.

Децата кои се сведоци на семејно насилство може да доживеат долгорочни негативни ефекти врз нивната ментална, емоционална и психолошка благосостојба. Често кај нив е присутна анксиозност, депресија, страв, вина и траума поради опкружувањето на напнатост и насилство. Можеби ќе пораснат верувајќи дека насилството е нормален дел од односите во едно семејство. Траумата од семејно насилство може да се пренесе од една генерација на друга. Децата кои се сведоци на злоупотреба имаат поголема веројатност да станат или жртви или сторители на злоупотреба во новоизградените врски.

Тркалото за „Злоупотреба на деца“ дава јасна перцепција врз тоа каква може да биде злоупотребата на децата во сите различни видови на злоупотреба: физичка, сексуална, психолошка и економска.

**Сл. 12** Тркало за Злоупотреба на деца




Извор: Domestic Abuse Intervention Project, Duluth, MN

Психолошките закани се моќни алатки за манипулација и контрола. Жртвите често живеат во состојба на постојан страв, очекувајќи исполнување на овие закани. Психолошкиот ефект може да биде тежок, што доведува до анксиозност, депресија, хипербудност и чувство на беспомошност. Кумулативниот ефект на трајните закани може да резултира со изолација на жртвата од пријателите, семејството и мрежите за поддршка. Со постојаното живеење под сенката на заканите, жртвите може да чувствуваат дека ја изгубиле контролата над своите животи. Стравот и заплашувањето предизвикано од овие закани може да ги натера жртвите да се чувствуваат немоќни и зависни од одлуките на сторителот. Траумата предизвикана од постојаните закани може да има долготрајни ефекти врз менталното здравје и целокупната благосостојба на жртвата. Стравот од последиците од зборување за насилството или напуштање на сторителот може да ги спречи жртвите да побараат помош или да пријават злоупотреба. Жртвите живеат во страв дека сторителот ќе ги засили своите закани или дека ќе се одмазди доколку се обидат да избегаат.

***Економско насилство***

Луѓето вообичаено ги користат термините економско насилство (злоупотреба) и финансиско насилство (злоупотреба) како синоними со оглед на тоа што означуваат слично однесување. За подобро разбирање потребно е финансиската злоупотреба да се сфати како поткатегорија на економската злоупотреба (Sharp, 2015). Секако ова е форма на семејна злоупотреба каде што едниот партнер врши контрола врз финансиските ресурси на другиот партнер, често со цел да ја одржи моќта и доминацијата во врската. Овој вид на злоупотреба може да има различни форми и може да има тешки и трајни последици за жртвата.

*Економското насилство* се манифестира преку директна контрола и ограничен пристапот до финансиските ресурси на жртвата, како што се банкарските сметки, приходите и кредитните картички. На тој начин насилникот ја следи секоја финансиска трансакција, правејќи ја жртвата финансиски зависна од него. Понатаму, насилникот може да ја спречи жртвата да работи, да се школува или да напредува во кариерата.

*Финансиското насилство* опфаќа дејствија каде што поединецот манипулира со пари и доминира во сегашните и во идните одлуки на својот партнер, како и во неговата автономија. Ова може да вклучи неовластено користење кредитна картичка, ставање финансиски одговорности во име на партнерот или коцкање со семејните финансии. Тоа може да резултира со ограничен пристап до лични банкарски сметки, недостаток

на независен приход и товар на долгови натрупани од партнерот насилник под името на жртвата. Дури и откако жртвата ќе го напушти домаќинството, насилникот може да продолжи да врши финансиска контрола, особено во однос на издршката и одгледувањето на децата (Sharp, 2015).

Економското семејно насилство може да има сериозни емоционални и психолошки ефекти врз жртвата. Тие може да доживеат чувство на беспомошност, вознемиреност и ниска самодоверба поради нивната финансиска зависност од насилникот.

**Сл. 13** Тркало за економска злоупотреба




Извор: Sharp, N., 2008

### Зошто е тешко да се напушти насилникот?

Најважното објаснување што го наведуваат жртвите на семејно насилство за останување или враќање кај насилникот, или за непридржување кон советите на давателите на заштита, е стравот од насилство и отсуството на остварливи безбедносни опции, особено кога се вклучени

деца. Овој страв е добро основан. Истражувањето на поединци подложени на семејно насилство открива дека ризикот од смртоносно насилство од сторителот често ескалира кога сторителот верува дека жртвата размислува да ја напушти врската или веќе го сторила тоа (Campbell, J., 1992; Wilson & Daly, 1993). Во литературата објаснети се неколку индикатори кои може да го зголемат ризикот од убиство врз жртвата – фемицид. Овие показатели вклучуваат интензивна фиксација на сторителот кон жртвата, историја на ескалација на физичко насилство, пораст на ризичното однесување од страна на насилникот, експлицитни закани дека ќе ја убие жртвата и себеси, проблеми со злоупотреба на супстанции и присуство на огнено оружје во домаќинството (Campbell, J., 1992).

Според Ганлеј (2008) некои насилници постојано се закануваат или имаат вистински обиди да ги убијат или да им нанесат тешка штета на нивните жртви, нивните деца или дури и на други кога жртвите се обидуваат да ја напуштат врската. Сторителите ретко дозволуваат жртвите доброволно да ја напуштат врската. Тие користат насилство и мноштво контролни тактики за да ја задржат својата доминација во врската. Важно е да се потенцира дека жртвите не остануваат со сторителите затоа што уживаат да бидат злоупотребувани. Дури и во случаи кога жртвата доживеала злоупотреба во детството, погрешно е да се претпостави дека жртвата бара насилство или сака да биде малтретирана. Во многу ситуации, останувањето или враќањето во врската може да се сфати како побезбедна алтернатива од обидот за напуштање, со оглед на многу реалните и смртоносни закани што ги упатува насилникот (A. L. Ganley, 2008).

Причините за останување во насилна врска се повеќекратни и варираат во различни околности. Тие вклучуваат:

1) Страв од насилство од страна на сторителот;

2) Имобилизација со психолошка и физичка траума;

3) Поврзување со сторителот преку неговиот пристап до децата;

4) Болести (на пример, ХИВ, МС) и зависност од сторителот во користење на здравствена заштита;

5) Верување во културни/семејни/верски вредности кои го поттикнуваат одржувањето на семејна единица по секоја цена;

6) Постојана надеж и верување во ветувањата на сторителот дека ќе се промени и ќе престане да биде насилен;

7) Верување дека сторителот не може да преживее (на пример, поради некоја тешка болест) или ќе се самоповреди ако жртвата замине;

8) Недоволно финансирање и ресурси на национално ниво кои резултираат со недостаток на засолништа и програми за застапување на жртвите на семејно насилство;

9) Немање реални алтернативи за вработување и финансиска помош, особено за жртвите со деца;

10) Недостаток на прифатлива правна помош неопходна за добивање развод, старателство, како и наредби со ограничувања;

11) Недостаток на прифатилишта за заштита на жртвите и нивните деца;

12) Убедувања од страна на сторителот, советниците, судовите, полицијата, министрите, семејството или пријателите дека насилството е вина на жртвата и дека жртвата може да ја запре злоупотребата едноставно со исполнување на барањата на сторителот. Во овие случаи, жртвите учат дека системите нема да им веруваат и нема да интервенираат за да ги заштитат. Така, жртвите се принудени да се усогласат со сторителите во надеж за запирање на злоупотребата.

### Семејно насилство во Република Северна Македонија

Република Северна Македонија е меѓу првите земји кои ја потпишаа Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, која во декември 2017 година беше ратификувана од страна на Парламентот (Службен весник на Република Македонија бр. 198/2017). Следствено по ратификацијата следуваше Акционен план за имплементација кој имаше три основни цели:

- Усогласување на правната рамка со одредбите на Конвенцијата;
- Воспоставување општи и специјализирани служби за унапредување на заштитата на жртвите на родово базирано насилство и жртвите на семејно насилство;
- Спроведување на активности за спречување на родово засновано насилство и семејно насилство.

Врз основа на активностите кои произлегуваат од Првата стратешка цел на Акцискиот план за имплементација на Конвенцијата, во 2021 година беше донесен Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 24 /2021). Членот 3 од Законот опфаќа физичко насил-

ство, психичко насилство, следење, економско насилство, сексуално насилство и силување, сексуално вознемирување, сексуално вознемирување преку интернет, принуден брак, осакатување на женски гениталии, принуден абортус и присилна стерилизација и присилна контрола врз жените. Притоа, овој закон ја дефинира и обврската на полицијата, центрите за социјална работа, обвинителите и судиите да направат проценка на ризикот по животот и телесниот интегритет на жртвата, проценка на ризикот од повторување на насилството со цел управување со ризикот и обезбедување мерки за координирана помош и заштита на жртвата (член 50).

Меѓутоа и покрај законските измени и акцискиот план, според статистичките анализа на Министерството за внатрешни работи во периодот од 2017 до 2022 година забележано е зголемување на семејното насилство, што секако може да се должи и на охрабрување на жртвите да побараат помош, но секако станува збор за голема бројка која алармира на потребата од системски и ефикасни решенија. Анализата во последните пет години е прикажана на наредната табела.

Табела бр. 3: Состојби во областа на семејно насилство (2017-2022)

**Состојби во областа на семејно насилство - кривични дела од 2017 до 2022 година**

| **Година** | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен** број на кривични дела во врска со семејно насилство | 904 | 1,006 | 989 | 992 | 1,056 | 1,117 |
| **Регистрирани** сторители | 925 | 1,037 | 1,013 | 1,025 | 1,097 | 1,154 |
| **Пријавени** жртви | 977 | 1,081 | 1,061 | 1,051 | 1,155 | 1,191 |
| Стапка на 100.000 жители | 49,22 | 54,77 | 53,85 | 54,01 | 57,49 | 60,82 |

Според податоците стапката на семејно насилство константно се зголемува низ годините. Најинтензивен пораст има за време на пандемијата со КОВИД-19, односно кога се преземаа најрестриктивните мерки како карантин и полициски час.

Во 2022 година регистрирани се 1.117 кривични дела по основ семејно насилство, од кои во 95 % сторителот бил од машки пол (сопруг, поранешен сопруг, партнер, татко и син). Во 913 случаи семејното насилство се реализирало преку физичка сила и закани, а кај 589 случаи нанесена е и конкретна физичка повреда. Понатаму во однос на поплаки, во 2022 година во Министерството за внатрешни работи пристигнале вкупно 4 421 поплаки за семејно насилство, од кои најголемиот број биле конкретно за психолошко насилство, и тоа 3.912 или 88 %.

Во наредниот графикон презентирана е дистрибуцијата на семејното насилство во однос на видот и регионот каде е пријавено.




**Сл. 14** Семејно насилство според видот и регионот

Според податоците на графиконот може да заклучиме дека најголем процент на семејно насилство генерално имаме пријавено во Скопје, но висок е бројот и на пријави во другите градови особено ако се земе предвид дека се значително помали во однос на бројот на жители во споредба со Скопје.

Во однос на фемицидите, односно убиствата на жени и девојчиња, согласно со извештаите на Министерството за внатрешни работи, во изминатите четири години, од 2018 до 2022 година, во Македонија имало кривично гонење во 17 случаи на фемицид заради убиство на 19 жени. Повеќето од жртвите биле или тековни или поранешни интимни партнери на сторителите или имале семејни врски со нив. Од испитуваните 17 судски постапки, судот во 14 случаи утврдил дека сторителите се виновни и ги осудил на затворски казни.

За вистински да се справиме и да го искорениме семејното насилство и фемицидот, мораме да работиме заедно како општество, да ја промовираме свеста, да донесуваме силни закони и да обезбедиме системи за поддршка за преживеаните, обезбедувајќи секој поединец да живее ослободен од страв и насилство.

# IV Глава

# Услови во кои се развива македонското семејство

# 4

## 4.1. Влијание на глобализација

*„Realize that everything connects to everything else“* — Leonardo da Vinci

Еден од најважните феномени на нашето време е глобализацијата, која можеме да ја дефинираме како „реконфигурација на општествената географија обележана од растот на транспланетарните и наттериторијалните поврзувања меѓу луѓето. Таа се развива со најголема брзина, во највисок степен, со најголеми размери и со најзначителни влијанија почнувајќи од средината на дваесеттиот век“ (Шолте 2008:35). Глобализацијата пред сè подразбира брз техничко-технолошки развој, развој на комуникациско-информациската технологија, олеснети комуникации, мобилност, достапност. Меѓутоа, ако во минатото под глобализација единствено подразбиравме ширење на слободен и интегриран пазар, мултинационални компании, односно глобална економија, денеска глобализацијата е присутна во сите сфери и во секое општество. Глобализацијата е видлива во политиката, образованието, културата, на начинот на којшто живееме и мислиме. Предизвикува трендови како меѓународно движење на стоки, пари, услуги, информации. Луѓето низ светот патуваат, соработуваат и разменуваат стоки, пари, мисли и навики. Глобализација води кон големи промени во општеството, влијае на сè и на сите.

Глобализацијата има позитивно и негативно влијание на современите општества, како на пример олеснување на меѓународната трговија и културната размена, спроведување меѓународни политички договори, но истовремено ги истакнува нееднаквоста и предизвиците на животната средина (Giddens, 2009:110). Глобализација, денес, доведе до креирање глобална култура која произлегува од: (1) влијанието на телевизијата и ширењето пред сè на британската и на американската култура; (2) појава и развој на глобална економија и меѓународни компании чии структури и пазар се протегаат на различни држави и континенти; (3) појава на глобални граѓани, кои поради мобилноста на работата или на образованието минуваат повеќе време надвор од границите на својата држава и се идентификуваат повеќе со космополитска култура отколку

исклучиво со својата; (4) основање меѓународни организации, мултинационални банки, здравствени, политички организации итн. и (5) појава на интернетот и на современиот технолошкиот развој кои овозможуваат инстант комуникација на луѓето низ светот (Giddens, 2009: 143-144).

Глобализацијата е нешто што нè засега сите нас веднаш, на еден или на друг начин. Тоа е комплекс на процеси, а не само еден процес (Albrow 1990; Held at al. 1999; Nash 2000; Giddens,2003). Глобализацијата отвора многу прашања во социолошката наука, особено што се однесува до нејзината природа, но, и до општествените промени кои се јавуваат под нејзино влијание (Дракуловска-Чукалеска, 2015:12). Оттаму, глобализацијата како процес има силно влијание врз семејството и врз неговиот развој од повеќе аспекти. Имено, економските промени кои се резултат на процесите на глобализација (како на пример, поврзување и интегрираност на пазарот на трудот на светско ниво) отворија нови работни можности и го проширија пазарот на трудот со што им овозможија на индивидуите, но и на семејствата да работат вон рамките на нивната држава или пак континент. Истовремено, овие промени резултираа со зголемена работна несигурност и нееднаквост на платите (Bauman, 1998, Giddens, 2009:125-126), што во одредени делови на светот доведе до збогатување на мал процент на луѓето, а осиромашување на голем дел од народот. Глобализацијата, исто така, ја засили миграцијата и географската мобилност на населението и семејствата, што доведе до зголемен број на интеркултурни семејства низ светот. Миграцијата претставува емоционален и психолошки предизвик за семејствата, кои се особено изразени во периодите на сепарација на членовите на семејствата и адаптација на новата средина.

Поаѓајќи од економските промени, па продолжувајќи со мигрантските процеси, глобализацијата ја поттикнува различноста и културната размена. Најмногу преку процесот на миграција, семејствата се судираат со нови културни норми и вредности, традиции, различни животни стилови итн. Комуникацијата и мешањето на семејствата со различни култури, ги збогатува семејствата, ја зајакнува толеранцијата и прифаќањето на различни луѓе. Но, истовремено, при процесот на асимилација во новата средина, може да доведе до ерозија на одредени традиции и вредности, па поради тоа, втората или третата генерација иселеници целосно се одделува од својата матична култура, јазик и обичаи.

Промените во општеството што настануваат под влијанието на глобализацијата неизбежно влијаат на семејството како примарна општествена група. Глобализацијата носи позитивни промени, но исто така

и голем број негативни последици врз семејството како заедница, и на улогата и местото на семејството во општеството. Односно, глобализацијата на современото општество наметна услови за трансформација на семејството и на неговата класична структура, улога и значење. Според Гиденс: „Меѓу сите промени кои се случуваат во светот, ниту една не е поважна од она што се случува во нашите лични животи - сексуалноста, во односите, во бракот и во семејството“ (2003:48). Семејството во денешно време се соочува со предизвикот да стане модерно, современо, но и со многубројни тешкотии и проблеми да го задржи приматот на прибежиште кое гарантира љубов, топлина, разбирање и сигурност (Радуловиќ, 2015).



**Сл.15** Илустрација на глобализацијата

Глобализацијата има влијание врз македонските семејства на ист начин како и врз семејствата низ светот. Со зголемената мобилност, поврзаност и дигитална комуникација, македонските семејства имаат можност за пристап до глобални информации и се изложени на различни култури, идеи и стил на живот. Позитивните аспекти на глобализацијата

за македонските семејства се: подобри економски можности, подобри образовни можности, изложеност на различни перспективи. Но, исто така може да донесе и предизвици, како притисокот да се прифатат глобалните норми и вредности, потенцијални културни разлики, влијание врз традиционалните вредности. Дополнително, глобализацијата може да доведе до емиграција на Македонците, при што луѓето би барале подобри животни можности во странство, што би резултирало со разделени семејства и потреба од адаптација на нови начини на одржување на семејни врски на далечина.




**Сл.16** Клучни влијанија на глобализацијата врз македонските семејства

**Економски промени** - Глобализацијата донесе економски промени кои ги погодија македонските семејства. Зголемената глобална трговија и странските инвестиции влијаеја на пазарот на труд, што доведе до промени во шемите на вработување, сигурност на работните места и разлики во приходите. Некои семејства доживеаја економски можности и подобрен животен стандард, додека други се соочија со предизвици како што се губење на работа и економска нестабилност (Alderson & Nielsen, 2002).

**Миграција и транснационални семејства** - Важен дел од глобализацијата е движењето на поединците во општествата и преку националните граници. Миграцијата најчесто се поврзува со барање нова работа и можности, но поединците и семејствата често мигрираат поради политички и други социјални причини. Поради растечките економски

разлики во и меѓу општествата, голем број на поединци се движат од руралните во урбаните средини, а од земјите во развој во индустријализираните земји, во потрага по можности и ресурси. Меѓународната миграција доведе до нов тип на семејна форма, познат и како транснационални семејства во кои жените се емигранти. Транснационалните семејства се карактеризираат со задржување на корените во својата земја, а истовремено и создавање нови врски во други земји. Повеќето поединци мигрираат како семејства или во групи и тоа влијае на семејната динамика, меѓутоа и на општествата во кои мигрираат (Castels & Miler, 2003). Глобализацијата ја олеснува зголемената мобилност и миграција, што доведува до формирање на транснационални семејства во Македонија. Многу поединци и семејства бараат можности за вработување во странство, што резултира со одвојување на членовите на семејството во различни земји. Ова создава уникатни предизвици за семејствата во однос на одржувањето на односите, родителството од далечина и управувањето со културната интеграција. Овој предизвик веројатно ќе биде поизразен откако Република Северна Македонија ќе стане членка на Европската Унија и ќе биде овозможено слободно движење на луѓето и можности да живеат и да работат во земјите членки.

**Културна размена и идентитет** - Глобализацијата ги изложува македонските семејства на различни културни влијанија од целиот свет. Ширењето на глобалните медиуми, забавните и комуникациските технологии го зголеми пристапот до различни културни вредности, начин на живот и перспективи. Ова влијае на формирањето на хибридни идентитети, бидејќи поединци и семејства се движат помеѓу традиционалната македонска култура и глобалните културни трендови (Abela & Walker, 2013).

**Промена на родовите улоги** - Глобализацијата одигра улога во менувањето на родовите улоги во македонските семејства. Зголемениот пристап до образование и можностите за вработување на жените, како и промената на општествените ставови, ги предизвикаа традиционалните родови норми. Жените сè повеќе влегуваат во работната сила, продолжуваат со високо образование и бараат поголема родова еднаквост во семејната динамика. Особено, глобалниот прилив на жени во формалната и во неформалната работна сила и нивното растечко образовно ниво, имаа длабоки импликации за семејниот живот. Репродуктивното однесување се совпаѓа со социокултурните промени и промените на животниот стил, кој имплицитно значи модернизација, а економскиот пораст

е еден од тие компоненти. Висока негативна корелација е забележена помеѓу учеството на жената во процесот на образование, индексот на човечкиот развој, степенот на урбанизација и БДП по глава на жител (Драговиќ, 2013:215). Во светот, сведоци сме на пораст на домаќинствата со два приходи и способноста на жените да ја намалат нивната зависност од мажите како во нивните домаќинства, така и во заедницата. Овие трендови се придружени со пораст на стапките на разводи, подоцнежна возраст на брак и зголемена способност на жените да ги ограничат раѓањата. Традиционалната структура на патријархалната власт полека се напушта под дејство на глобализацијата (Castels, 2004).

**Технологија и комуникација** - Глобализацијата и напредокот во технологијата ја трансформираа комуникацијата и поврзувањето во македонските семејства. Семејствата сега можат да одржуваат редовен контакт со далечните роднини преку различни дигитални платформи и социјални медиуми. Можат да добијат целосна претстава како живеат луѓето во светот и да земат примери од семејниот живот на различни семејства глобално.

**Семејни вредности и традиции** - Глобализацијата донесе изложеност на различни вредности, верувања и начин на живот, кои влијаат на традиционалните семејни вредности и практики во Македонија. Одредени семејни традиции исчезнуваат и се заменуваат со нови вредности карактеристични за други земји (Радуловиќ, 2014).

**Пристап до информации и образование** - Глобализацијата го подобри пристапот до информации и до образовните можности во Македонија. Семејствата сега можат да пристапат до онлајн ресурси, програми за учење на далечина и глобални мрежи за образовен и напредок во кариерата. Ова има потенцијал позитивно да влијае на семејните аспирации и на социоекономската мобилност.

Глобализацијата, воопшто, може да има позитивни и негативни влијанија врз семејствата. Од една страна, таа ги зголемува економските можности што доведува до подобар животен стандард и олеснет пристап до добра и услуги. Исто така, зголемената мобилност придонесува до поголема културна размена помеѓу луѓето, а со тоа до разбирање и прифаќање на луѓе и семејства со различно потекло, религија и националност, што е од особено значење за македонското општество кое е мултикултурно. Од друга страна, глобализацијата може да претставува предизвик за семејствата. Зголемениот обем на работа во капиталистичките општества или пак можностите за работа на далечина како и честите патувања и отсуства поради работата може да доведе до често и продолжено

одвојување на членовите на семејствата, а тоа пак влијае негативно на нивната емотивна благосостојба. Дополнително, глобализацијата носи влијанија од други култури и потенцијално влијае на традиционалните семејни вредности или на семејната динамика. Така, на пример, под влијание на западноевропската култура во Македонија сè почесто младите парови се одлучуваат да живеат во вонбрачна заедница пред да стапат во брачна заедница или пак некои воопшто не стапуваат во брак. За разлика од минатото, кога вонбрачните заедници во РСМ беа застапени исклучиво во урбаните средини, денес се сè почеста појава и се прифатени од младите парови (Авировиќ, 2017). За некои родители оваа практика е прифатлива, но други може да се противат претпочитувајќи младите да го следат традиционалниот обичај на веридба и брачна церемонија пред за започнат живот во заедница, односно домаќинство. Според едно квалитативно истражување за вонбрачните заедници во РСМ од 2019-тата година за ставовите на различни генерации кон новите модели на семејства (вонбрачна заедница, мултиетнички семејства и хомосексуална заедница), вонбрачната заедница е прифатена од мнозинството млади (од 20 до 35 години), додека повозрасните (од 40 до 65 години) имаат генерално позитивен став кон неа, иако ја претпочитаат брачната заедница (Авировиќ-Бундалевска, 2020).

Сумарно, влијанието на глобализацијата врз семејствата зависи од културните, економските и индивидуалните фактори и од суштинско значење е да се анализираат и придобивките и предизвиците кога се изучува овој феномен. Во таа насока, едно истражување од 2002/2003 година на 55 средовечни жени од урбана средина во Кина за влијанието на глобализацијата врз кинеските семејства покажува дека тие промени придонеле до конфликт помеѓу различни генерации. Промените кои настанале по воведувањето на пазарната економија која го заменила социјалистичкиот економски систем во Република Кина силно влијаел врз кинеските семејства. Новите предизвици најмногу ги погодило повозрасните генерации кои биле принудени да ги редефинираат своите вредности, верувања и идентитет. Наспроти хедонизмот и личната слобода на младите генерации се наоѓало искуството и животниот стил на старите генерации диктиран според кинеската традиција, особено што се однесува на начинот на формирање партнерски врски и склучување брак. За разлика од постарите генерации, младите Кинези не толерираат несреќен брак, разводот е повеќе прифатен, како и предбрачните сексуални односи и вонбрачни заедници (Yang, Neal, 2006). Во овој случај можеме да говориме за негативно влијание на глобализација, доколку го гледаме

од аспект на ерозија на локалните традиции и практики, што може да доведе до непријатност и помеѓу членовите на семејството кои може да имаат различни гледишта кон новините или воопшто да не ги прифаќаат.

Конечно, степенот на влијание на глобализацијата врз семејствата зависи од повеќе фактори, вклучувајќи ги социоекономскиот статус, културниот контекст, политиките на државите и личните избори на семејствата и индивидуите. Семејствата треба да се адаптираат на промените и да се справат со предизвиците на глобалниот свет најдобро што можат за да овозможат најдобар можен живот за сите членови на семејството. Со оглед на тоа дека глобализацијата може да има и позитивно и негативно влијание врз семејствата, како во светот така и во РСМ, клучно е општествата да се стремат да ги максимизираат бенефитите од овој процес, а да ги минимизираат можните негативни последици врз семејствата.

## 4.2 Влијанието на Европската Унија

*„I believe the European Union's influence on family development is a testament to the power of unity. By promoting shared values, policies, and opportunities, the EU has strengthened the bonds within our families, fostering a brighter future for generations to come.“* - Angela Merkel

Со оглед на фактот што Европската Унија го смета семејството за извор на економски просперитет, таа ги стимулира државите членки семејната политика да ја вградат во своите економски и социјални политики. Инсистира семејствата да се третираат подеднакво, без оглед на нивната структура и тип на кој припаѓаат. Посебно внимание е насочено спрема потребите и заштитата на децата, со акцент на децата во еднородителските семејства и од сиромашните домаќинства како и на промовирањето на еднакви можности за мажите и жените, за превенција на насилството во семејството и злоупотребата на децата. Во последните неколку години, големо влијание врз развојот на заеднички пристап во областа на семејната политика на ниво на Европската Унија има Европскиот семеен сојуз, кој е основан во текот на 2007 година со цел да придонесе за создавање соодветни семејни политики преку размена на идеи и искуства меѓу државите членки и со поттикнување соработка меѓу членките на Унијата. Неговите членови се залагаат за подобра издршка и поголем квалитет на грижата за деца и за постари лица, пофлексибилни работни ангажмани што им излегуваат во пресрет на семејните потреби, како и за поголема родова еднаквост и поголема вклученост на татковците во воспитувањето на децата (European Alliance for Families, 2007).

Мерките коишто ЕУ ги предвидува за поголема усогласеност меѓу семејниот и професионалниот живот се гледаат и во степенот, природата и зачестеноста на помошта и поддршката на родителите, како што се финансиските средства, флексибилно работно време, флексибилни работни ангажмани, различни мерки за поддршка од работодавците со кои се воспоставува рамнотежа и усогласување на семејните и професионалните обврски. Меѓу целите се и гаранциите или барем можностите за задржување на работното место по враќањето од некое од отсуствата поврзани за семејните обврски, потоа и обезбедување можности за напредување на работното место и во кариерата воопшто. Во тековната економска криза, од особена важност се политиките кои овозможуваат интересите на жените да не се тргнат на страна (European Comission, 2015). За семејствата се обезбедуваат различни бенефиции:

- Потребите и заштитата на децата се во прв план, затоа неизбежна е помошта во пари, во вид на социјални давања и/или даночни олеснувања кои претставуваат надоместок на трошоците кои се поврзани со подигнување на децата;

- Потоа, усогласувањето на семејниот и професионалниот живот подразбира и унапредување на образованието и на благосостојбата на сите членови на семејството. Предвидена е помош во натура или услуги во областа на образованието, грижа и чување на мали деца (овие мерки можат да бидат во форма на директно давање услуги и/или давање субвенции за различни услуги, што, пак, може да биде во форма на даночни олеснувања или парични давања со што им се помогнало на семејствата да платат определени услуги);

- Семејно отсуство и други давања наменети за родителите кои се грижат за своите деца (породилно отсуство, отсуство за татковци, родителско отсуство, отсуство заради посебна грижа за болно или за хендикепирано дете и слично). Помошта во форма на давачки за отсуства, пред сè има цел да ја заштити мајката пред раѓањето на детето, како и да ѝ помогне во целост физички и психички да закрепне по породувањето, незапоставувајќи ги во исто време и потребите на детето за нега и воспоставување близок однос со двајцата родители. Бидејќи и таткото има потреба да воспостави близок однос со штотуку родено дете, предвиден е и финансиски надоместок за негово отсуство. Со оваа мерка се поддржува рамноправната поделба на родителските должности и улогите меѓу половите. Шемата на отсуства, односно породилното отсуство, отсуството за татковци, родителското отсуство и отсуството заради посебна

грижа за детето опфаќа временски период во кој родителите отсуствуваат од работа поради грижа и нега на детето и во повеќето земји се практикуваат парични давања како компензација за немањето заработувачка во периодот на отсуство (European Comission, 2004).

Постоењето на различни облици на семејно отсуство е едно од централните прашања на Европската Унија. Овие отсуства се составен дел на мерките заради воспоставување рамнотежа помеѓу семејниот и професионалниот живот. Тие, исто така, се еден од начините на кои родителите, посебно мајките се обидуваат да се справат со индиректните трошоци за подигнување и грижа за децата, настојувајќи времето кое го посветуваат на подигнувањето и воспитувањето на своите деца да не претставува пречка во нивното напредување во кариерата. Иако најпрвин е поставено и развиено како мерка за поддршка на родителите со цел да им се олесни враќањето на работа или повторното вклучување во процесот на трудот, родителското отсуство претставува мерка за поттикнување на рамноправноста на половите. Меѓутоа, отсуството може да ги засили тешкотиите со кои одделни родители, најчесто мајките се соочуваат при обидите да ја задржат работата или повторно да се вклучат во процесот на трудот. Политиката на отсуства има цел да ја заштити мајката пред раѓањето на детето, како и да ѝ помогне во целост физички и психички да закрепне по породувањето, незапоставувајќи ги во исто време и потребите на детето за нега и воспоставување близок однос со двајцата родители. Исто така, оваа мерка ја респектира и потребата таткото да воспостави близок однос со штотуку роденото дете и со тоа ја поддржува рамноправната поделба на родителските должности и улогите меѓу половите. Шемата на отсуства, односно породилното отсуство, отсуството за татковци, родителското отсуство и отсуството заради посебна грижа за детето опфаќа временски период во кој родителите отсуствуваат од работа поради грижа и нега на детето и во повеќето земји се практикуваат парични давања како компензација за немањето заработувачка во периодот на отсуство (European Foundation for the Improvement of Living and Working Conditions, 2007).

Мерките коишто Унијата ги презема заради приспособување на работното време кон семејните потреби на работниците се во форма на уредувања за работното време кои вклучуваат различни можности како на пример: колективно намалување на работното време, поединечно право за намалување или приспособување на работното време од семејни причини. Потоа, програмите за флексибилно работно време и шемите за „додавање време“ (т.н. сметки за работно време) кои им дозволуваат на

работниците да имаат различни часови на работа, врз основа на поединечната семејна состојба. Сè со цел да им се овозможи на работниците потребното време и флексибилност за справување со нивните семејни одговорности, политиките на ЕУ ја предвидуваат и можноста работниците „телекомуникациски" да се поврзат со работното место од дома и така полесно да ги комбинираат семејните и работните обврски на дневно ниво (European Foundation for the Improvement of Living and Working Conditions, 2006).

По прогласувањето на независноста во јануари 1991 година, Република Северна Македонија го истакна членството во Европската Унија како една од нејзините стратешки интереси. Република Македонија има трајна надворешнополитичка определба и ориентација да стане редовна, рамноправна и активна членка на Европската Унија. Државата од 2005 година има статус на земја кандидат, што подразбира следење, прифаќање и примена на политиките на ЕУ во нашиот правен, политички и воопшто општествен систем и простор. Бездруго, тоа се однесува и на европската концепција и проекции за семејството во целина, и за сегменти од семејниот живот. Тука може да се вбројат редица документи кои произлегуваат и од органите и телата на организациската структура на ЕУ и од Советот на Европа, како широк облик на поврзување на европските држави. Станува збор за документи кои се означуваат како директиви, конвенции, упатства, препораки и други форми кои се однесуваат на делови од постоењето, статусот и развојот на семејството (Андревски, 2019: 262).

Република Македонија ги прифаќа овие документи и низ својот правен, политички, образовен, социјален систем ги вградува во сопствената нормативна регулатива и програмска ангажираност.

Ваквата линија, всушност, претставува мошне моќен канал на влијание на европската концепција и практика во семејниот живот врз македонските состојби, движења и ориентации во однос на семејството.

Освен тоа, населението, а во рамките на тоа и семејствата се во постојана проширена комуникација со процесите на Европа, низ медиумскиот систем во најширока смисла, потоа преку непосредни, директни соодноси низ образовно-воспитниот систем, кои го зафаќаат семејството, па прифаќаат и практикуваат делови на европските искуства. Дотолку повеќе што модерните случувања во Европа, во основа, имаат видлива поддршка во општеството и евентуалните новини полесно се осознаваат, се вреднуваат и се остваруваат во семејните односи и процеси во Република Македонија.

**ЕВРОПСКАТА УНИЈА ИМА ЗНАЧИТЕЛНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ МАКЕДОНСКИТЕ СЕМЕЈСТВА ПРЕКУ НЕЈЗИНИТЕ РАЗЛИЧНИ ПОЛИТИКИ, ПРОГРАМИ И ИНТЕГРАТИВНИ ПРОЦЕСИ**

Дел од европските процеси во нашата земја навлегуваат спонтано, низ секојдневниот живот, еден дел се инкорпорираат со општествени акции, промоции, па и низ облици на задолжителна примена.

Република Северна Македонија веќе подолго време се наоѓа во процес на подготовка на пристапување кон Европската Унија и во моментот очекува отворање на претпристапни преговори со Унијата. Како дел од тој процес, таа е подложна на постепено приближување на сопствениот правен систем кон правото на Унијата, со цел да се овозможи нејзината „правна интеграција“, или „европеизација“ на правниот поредок со оглед на барањата на поредокот на ЕУ, како неопходен предуслов за целосно и ефективно вклучување на европскиот правен простор во моментот на зачленување во Унијата. Во центарот на таа постапка, меѓу другото, се наоѓа процесот на усвојување на правото на Европската Унија преку усогласување или хармонизација на нејзиното законодавство со европското прао (acquis), што се одвива подолго време во рамки утврдени со Спогодбата за стабилизација и асоцијација склучена помеѓу Република Македонија и европските заедници и нивните држави членки, со важност од 2004 година, како основен правен инструмент. Во тие рамки, бројни одредби на правото на Унијата се веќе навлезени (и навлегуваат) во македонскиот поредок како транспонирани во домашното законодавство, според динамиката договарана и надгледувана од институциите на ЕУ. Остварувајќи ја оваа определба, Република Македонија се легитимира како партнер од доверба и сојузник на Европската Унија, кој мина низа етапи во односите, приближувањето и интегрирањето на ЕУ.

Оттука, може да се заклучи дека Европската Унија има значително влијание врз македонските семејства преку нејзините различни политики, програми и интегративни процеси. Постојат неколку клучни влијанија на Европската Унија врз македонските семејства.




**Сл.17** Влијанието на ЕУ врз македонските семејства

**Правна и политичка рамка** - Аспирациите за членство во ЕУ ја поттикнаа Македонија да ги усогласи своите закони и политики со стандардите на ЕУ, вклучително и оние поврзани со семејното право, социјалната заштита и работничките права. Ова усогласување имаше влијание врз законодавството поврзано со семејството, како што се регулативите за брак и развод, старателство над деца, родителско отсуство и заштита од дискриминација.

**Родова еднаквост и правата на жените** - ЕУ ја промовира родовата еднаквост и правата на жените како основни вредности. Преговорите за членство и усвојувањето на директивите на ЕУ придонесоа за напредок во мерките за родова еднаквост во Македонија, вклучително и зголемена заштита од родово базирано насилство, подобрен пристап до услуги за згрижување деца и поддршка за учество на жените на пазарот на трудот. Овие мерки имаат импликации за улогата на жената во македонските семејства

**Социјална заштита и поддршка на семејството** - ЕУ ги охрабрува земјите членки, вклучително и потенцијалните членки како Македонија, да ги развијат и да ги зајакнат системите за социјална заштита

кои ги поддржуваат семејствата. Ова доведува до имплементација на социјални политики и програми насочени кон унапредување на семејната благосостојба, како што се семејни додатоци, родителски надоместоци и поддршка за ранливите семејства. Средствата од ЕУ се доделуваат и за иницијативи кои се однесуваат на социјалната вклученост и намалувањето на сиромаштијата, кои индиректно ги користат македонските семејства.

**Можности за образование и вработување** - Интегративните процеси во ЕУ ги олеснуваат можностите за образование и вработување за македонските граѓани. Преку програми како Еразмус+ и истражувачки грантови, македонските студенти и професионалци добиваат пристап до европските универзитети, пазарите на работа и проектите за соработка. Оваа изложеност на меѓународно образование и можности за вработување може да влијае на семејната динамика, аспирациите и изборот на кариера.

**Прекугранична мобилност и миграција -** Членството во ЕУ и слободното движење на луѓето им овозможија на македонските семејства да имаат корист од зголемената прекугранична мобилност. Ова вклучува можности за работа, образование и културна размена во рамките на ЕУ. Миграцијата на поединци од Македонија во земјите на ЕУ во потрага по вработување, исто така влијае на семејниот живот преку создавање транснационални семејства, барајќи адаптација на новите семејни динамики и предизвици. Ваквата состојба веројатно ќе биде поизразена откако Македонија ќе се стекне со статус на земја членка.

Кога Северна Македонија ќе стане членка на ЕУ, може да има неколку потенцијални придобивки за семејствата како на пример зајакнати економски можности. Членството во ЕУ може да донесе зголемени економски можности за семејствата во Северна Македонија. Тоа може да доведе до подобрен пристап до единствениот пазар на ЕУ, олеснување на трговијата и инвестициите, што може да создаде работни места и да го стимулира економскиот раст (Министерство за финансии, 2023). Ова потенцијално може да резултира со подобри изгледи за вработување, повисоки приходи и подобрен животен стандард за семејствата. Членството во ЕУ ќе им овозможи на македонските семејства право на слободно движење и престој во рамките на ЕУ. Ова им овозможува на членовите на семејството да патуваат, живеат, студираат и работат во други земји членки на ЕУ без ограничувања (Здружение за развој, Центар за управување со промени, 2023).

Самиот процес на усогласување на законодавството ќе доведе до подобрувања во областите како што се човековите права, работничките права, заштитата на потрошувачите, еколошките стандарди и политиките погодни за семејството. Семејствата можат да имаат корист од зајакната правна заштита, подобрени социјални услови и поголеми права и права. Пристапот до финансирање од ЕУ ќе биде полесен. Членството во ЕУ обезбедува пристап до многу различни програми за финансирање на ЕУ и финансиска помош. Семејствата во Северна Македонија може да имаат зголемени можности да имаат корист од проекти и програми финансирани од ЕУ насочени кон промовирање на социјалната вклученост, образованието, развојот на инфраструктурата и други области од општествено значење. Овие средства можат да придонесат за развој и благосостојба на семејствата во земјата (Ресурсна платформа за граѓани и медиуми, 2023). Членството во ЕУ ја поттикнува регионалната соработка меѓу земјите членки. Ова може да доведе до зголемена соработка, споделување на најдобрите практики и заеднички иницијативи во области како што се образованието, културата, здравството и социјалната заштита. Семејствата во Северна Македонија може да имаат корист од засилената регионална соработка и размена, создавајќи можности за културна различност и социјална интеграција.

Европската Унија има имплементирано различни стратегии и иницијативи кои се релевантни за прашања поврзани со семејството и социјалната заштита. Еве неколку важни стратегии на ЕУ кои се однесуваат на аспектите поврзани со семејствата:

**Европски столб за социјални права:** Европскиот столб за социјални права е сеопфатна рамка која има за цел да промовира фер и инклузивни општества во ЕУ. Тој ги опфаќа принципите и правата поврзани со вработувањето, социјалната заштита, образованието и еднаквите можности. Столбот вклучува одредби кои имаат за цел да ги поддржат семејствата, како што се пристап до квалитетна здравствена заштита, рамнотежа помеѓу работата и животот и заштита од сиромаштија и социјална исклученост (European Commission, 2017).

**Стратегија за родова еднаквост:** Стратегијата на ЕУ за родова еднаквост ги поставува визијата и целите на ЕУ за унапредување на родовата еднаквост во различни домени. Таа се стреми да се справи со родовото насилство, да промовира еднаква економска независност, да го намали родовиот јаз во платите и да обезбеди еднакво учество и застапеност во процесите на донесување одлуки. Оваа стратегија има за цел да

создаде средина каде што семејствата ќе можат да напредуваат со еднакви можности за сите членови (European Institute for Gender Equality, 2020).

**Директива за рамнотежа помеѓу работата и животот:** Директивата за рамнотежа помеѓу работата и животот, усвоена во 2019 година, има за цел да ја подобри рамнотежата помеѓу работата и животот и родовата еднаквост преку воведување нови минимални стандарди низ земјите членки на ЕУ. Вклучува одредби за родителско отсуство, флексибилни работни аранжмани и отсуство на старателите за поддршка на вработените родители и поединци со одговорности за грижа. Оваа директива ја препознава важноста од балансирање на работниот и семејниот живот за благосостојбата на поединците и на семејствата (European Parliament, 2019).

Рамнотежата меѓу приватниот и професионалниот живот е една од клучните димензии на семејната политика на Европската Унија и се очекува дека Република Северна Македонија ќе ги овозможи инструментите за остварување на оваа рамнотежа. Законот за работни односи со кој би се предвиделе овие инструменти е во подготовка и се очекува набрзо да ја помине собраниската процедура со што ќе биде внесена Директивата на ЕУ 2019/1158 за рамнотежа меѓу приватниот и професионалниот живот. За соодветна имплементација на Директивата на ЕУ 2019/1158 за рамнотежа меѓу приватниот и професионалниот живот неопходно е да постојат капацитети за згрижување на децата од претшколска возраст. Во текот на последниве две години беа отворени поголем број јавни установи (4 детски градинки и доградени 5 нови објекти во состав на постојни градинки и извршени реновирања) (Радуловиќ, 2023:94).

**Европска детска гаранција** - Европската детска гаранција е иницијатива предложена од Европската комисија за да се осигура дека секое дете кое има потреба има пристап до основните услуги и поддршка. Се фокусира на справување со детската сиромаштија и со социјалната исклученост преку обезбедување пристап до образование, здравствена заштита, исхрана, домување и грижа и образование во раното детство. Во март 2021 година, Европската Унија ја покрена Европската гаранција за деца од ранливи категории, иницијатива за универзален пристап до здравствена заштита, образование, детска грижа, пристојно домување и адекватна исхрана (European Comission, 2021). Целта е да се осигура дека сите деца, без оглед на социоекономската ситуација на нивното семејство, имаат еднакви можности да напредуваат.

Програма Еразмус+ - Програмата Еразмус+ е иницијатива на ЕУ која поддржува образование, обука, млади и спортски активности (European Comission, 2023). Промовира мобилност и соработка меѓу учениците, наставниците и образовните институции во ЕУ и пошироко. Со обезбедување можности за размена, учење и соработка, програмата придонесува за личниот и професионалниот развој на поединците, вклучувајќи ги родителите и семејствата.

Во Македонија програмата Еразмус плус ја спроведува Националната агенција за европски образовни програми и мобилност која е формирана со закон донесен од страна на Собранието на Република Северна Македонија. Целта на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност е да работи на промоција и спроведување на европските програми во областа на образованието, обуката, младите и спортот во Република Северна Македонија. Националната агенција со остварување на овие програми придонесува во развојот на заедницата како општество засновано на напредно знаење, со одржлив економски развој, повеќе и подобри работни места и поголема социјална кохезија, истовремено обезбедувајќи заштита на средината за идните генерации, а особено размена, соработка и мобилност во областа на образованието и обуката (Национална агенција за образовни програми, 2023). Корисници на програмите можат да бидат: ученици, студенти, наставници, професори обучувачи и друг персонал кој е вклучен во кој било дел од образовниот процес, претпријатија и други правни лица вклучувајќи ги и трговските друштва, стопанските комори и други здруженија на правни лица од областа на индустријата, истражувачки центри и тела како и здруженија на граѓани и фондации.

Европски социјален фонд плус (ЕСФ+)- ЕСФ+ е финансиски инструмент кој ги поддржува земјите членки на ЕУ во спроведувањето на социјалните политики и справувањето со социјалните предизвици. Тој има за цел да ја зајакне социјалната кохезија и да промовира вработување, образование и социјална вклученост. Фондот може да се користи за поддршка на иницијативи поврзани со семејни услуги, грижа за деца, стручна обука и борба против сиромаштијата и социјалната исклученост (European Commission, 2021).

Овие стратегии и иницијативи на ЕУ ја покажуваат посветеноста на ЕУ за промовирање на социјалната кохезија, родовата еднаквост и благосостојбата на семејствата и поединците. Тие обезбедуваат рамка за земјите членки да работат на подобрување на квалитетот на животот на семејствата и создавање поинклузивни општества.

### 4.3 Влијание на миграцијата и одвојувањето

*„Migration is an expression of the human aspiration for dignity, safety and a better future. It is part of the social fabric, part of our very make-up as a human family.“* - Ban Ki-Moon

Миграцијата како процес, има значајно влијание врз семејствата, како во земјата на потекло на иселениците така и во земјата на иселување. Зголемената миграција во земјите на иселување резултира со поголема **културна разновидност** на населението, како и со побројни мултикултурни домаќинства, односно зголемен број на интеркултурни бракови. Во САД, земја во која најголем процент од населението е со иселеничко потекло, од 1960-тите до почетокот на 21-виот век интеркултурните бракови пораснале за 1.000 проценти. Пораст на интеркултурни бракови има и во други делови во светот каде има зголемена миграција: Европа (најмногу во Франција), Источна и Југоисточна Азија (претежно во Јапонија, Јужна Кореја и Сингапур), Австралија и Нов Зеланд (Danika, Hiew, Kim and Shuang, 2014, стр. 88).

По формирањето, а подоцна и проширувањето на Европската Унија, се зголеми значително и емиграцијата кон земјите членки на Унијата. Во последните 60 години, некои земји членки ја поддржуваа и поттикнуваа емиграцијата на одредени нации во сопствената земја со цел да ја користат нивната работна сила (на пример Индијците во Англија). На овој начин многу европски земји ја користат работната сила на имигрантските семејства во секторите каде имаат дефицит, а тоа е најчесто физичка работа. Меѓутоа, како резултат на зголемената миграција на глобално ниво, одредени земји кои беа домаќини на доселениците се соочија со проблеми при овозможување на здравствени и социјални услуги на доселениците, што прерасна во осетлива област на јавната политика на секоја земја која прима доселеници. Затоа е значајно миграциите да се анализираат од повеќе аспекти, да се проучи влијанието врз семејниот живот и да се проучат различните шеми на миграција на секоја земји. (Veiga, 2014, стр. 275-287).

Понатаму, миграцијата посредно влијае на семејниот живот и на неговата динамика, на формирањето на партнерства и на родителството. Во земјите на иселување, пак, миграцијата на еден или на повеќе членови на семејството најмногу влијае на нововоспоставената динамика на семејството. Имено, со иселување на еден од родителите, често пати грижата за децата преминува и на поширокото семејство, особено во земјите

(на пример, Филипините) каде карактеристична е миграцијата на жените (Anthias and Lazaridis, 2000; Abela and Walker, 2014, стр. 5-15). Една од највидливите последици од миграцијата врз семејството е токму **сепарацијата** или разделбата на одредени членови на семејството. Иако не можеме да генерализираме за начинот на миграција на сите семејства воопшто, сепак, кога станува збор за семејно иселување, вообичаено е еден член од семејството да се исели прв, а тоа е најчесто мажот во семејството или во минатото главата на семејството. Потоа, останатите членови му се придружуваат или настанува т.н. **семејно соединување** (Avirovic, 2010). Ваквиот начин на иселување е карактеристичен за територијата на Македонија уште од периодот на печалбарството и претставува тежок процес како за членот на семејството што се иселува прв, така и за останатите членови на семејството кои остануваат во земјата на потекло. Додека во минатото членовите на семејствата можеле да останат разделени и по неколку години, денес, развојот на патната инфраструктура и средствата за транспорт и комуникација, овозможуваат забрзан процес на семејно соединување, особено кога иселувањето се случува во некоја од европските земји. Процесот на миграција во прекуокеанските земји може да биде подолг, особено поради административни и легални причини поврзани со регулираниот престој на иселениците. Според едно истражување на Ризанкоска и Трајкоска-Наумоска (2020) направено на 915 испитаници, 45,03 % од македонските иселеници живеат во семејство со деца, што значи дека современата миграција е резултат на семејна одлука или план.

**Сл.18** Илустрација на мапа на светот




Извор: Canva.com

Според Македонската агенција за емиграција, која ги презентира податоците од официјалните статистики на земјите на иселување, во 2009-та година имало 416.030 иселеници од РСМ во светот, од кои 159. 031 во прекуокеанските земји и 211.193 во рамките на Европската Унија. Додека, според наша претходна анализа, од независноста на државата во 1991 до 2009-та година од РСМ се иселиле околу 200.000 луѓе (Avirovic, 2010). Според, поновите достапни податоци од Меѓународната организација за миграции (IOM), емиграцијата од РСМ е дополнително зголемена во последната деценија и во 2018-та година од државата се иселиле 24.000 граѓани, додека во 2019-та година иселени се 26.700 граѓани (Меѓународна организација за миграции, 2022, стр.xvii). Се проценува дека вкупниот број на македонски граѓани кои престојуваат во странство од 2010-тата година до 2020-тата година се зголемил од 527.000 на 700.000 лица, а со оглед на тоа дека вкупното население во РСМ според последниот попис на населението од 2021-вата година изнесува 1.836.713 граѓани (Државен завод за статистика на РСМ, 2022), можеме да заклучиме дека повеќе од една третина од македонското население емигрирало и живее во странство (Меѓународна организација за миграции, 2022, стр.xvii).

Додека во минатото, македонската надворешна емиграција беше ориентирана кон прекуокеанските земји (САД, Канада, Австралија, Нов Зеланд), денес македонското население се иселува најмногу во западноевропските земји. Повеќе истражувања ја потврдуваат Германија како омилена дестинација на нашите иселеници, а по неа следуваат Италија, Швајцарија, Австрија и Словенија (Меѓународна организација за миграции, 2022; Авировиќ-Бундалевска, Иванов, 2020; Авировиќ-Бундалевска, Елези, 2021).

Миграцијата претставува голем предизвик за македонското современо семејство особено за младата популација. Имено, според едно истражување на НВО Инфоцентар од 2016-та година, 83,7 % од испитаниците (млади) изјавиле дека би се иселиле од државата, додека според друго истражување од Институтот за политички истражувања од 2019-та година, повеќе од половина од младите испитаници и една третина од граѓаните кои учествувале на истражувањето размислувале да се иселат од РСМ. Како главни причини во ова истражување наведени се: потрага по подобар животен стандард, односно подобро платена работа („Иселување на младите и квалитет на живот“, 2019). Друго истражување од 2020-та година (Авировиќ-Бундалевска, Иванов, 2020) ги посочува следниве причини како фактори кои најмногу влијаат на современата македонска миграција: економски фактори и невработеност, политичка нестабилност,

семејно обединување, незадоволство од услугите во јавното здравство и социјална заштита, можности за образование итн. Всушност, една од најчестите причини за иселување на македонското население во странство, како во минатото, така и денес, е обезбедување подобри егзистенцијални услови за своето семејство, односно иселување од **економски причини**, но сè почесто иселувањето настанува и поради подобри образовни, здравствени и социјални можности што се нудат во странските земји.




**Сл.19** Причини за миграција на македонското население

Денес, демографските карактеристики на иселениците се поразновидни: многу е поголем бројот на иселеници кои се образовани или висококвалификувани кадри, за разлика од минатото кога иселениците беа најчесто сиромашни и неквалификувани (Abela, Walker, 2014, стр. 5-15). Подобрите економски можности во земјата на иселување (повисоко платени работни позиции, но и пристап до подобро образование) може да имаат позитивни ефекти на целокупното семејство и да овозможат подобра иднина и услови за живот, особено за децата. Денес, многу семејства од РСМ се иселуваат иако и двајцата родители се вработени и имаат можност за прифатлив живот во својата татковина. Сепак, можноста за раст и развој во странските земји е сè уште примамлива и особено одредени професии се многу повеќе платени отколку во нашата земја (Авировиќ-Бундалевска, Иванов, 2020).

Според две микроистражувања за миграцијата на населението од Источна и од Северна Македонија од 2020-тата и 2021-вата година, современиот македонски иселеник емигрира во западноевропските земји, најчесто во Германија, во потрага по економска и финансиска стабилност, но, и општествена односно институционална стабилност, професионален и образовен развој, динамика на социјалниот живот (Авировиќ-Бундалевска, Иванов, 2020; Ризанкоска и Трајкоска-Наумоска, 2020).




**Сл.20** Илустрација на најчестите миграции на македонскиот народ

Сè почесто, како причина за иселување се јавува и отсуството на перспектива како клучна за иселување особено на младото македонско население. Чувството на бесперспективна иднина е последица на економската, социјалната и политичката нестабилност на РСМ во изминатите децении, недостатокот на континуиран општествен развој, високиот степен на невработеност како и незадоволството од можностите за професионален развој во РСМ. Понатаму, македонската современа миграција е вообичаено трајна, и најчесто од РСМ се иселуваат млади лица до 30 години кои формираат семејства во новите држави (Авировиќ-Бундалевска, Елези, 2021).

Сумарно, профилот на македонскиот современ иселеник денес е изменет. Тој варира во зависност од различни аспекти, како возраст, образование, професија и лични потреби. Денес, од РСМ се иселуваат мажи (58 %) и жени (42 %), (Ризанкоска и Трајкоска-Наумоска, 2020), потеклото на иселениците е од рурална и од урбана средина, за разлика од минатото кога предоминантни биле машки иселеници од руралните краишта. Понатаму, економските причини, иако доминантни, се заменуваат постепено со желба за поквалитетен живот, подобри здравствени, образовни и можности за професионален раст и развој (Авировиќ-Бундалевска, Иванов, 2020; Авировиќ- Бундалевска, Елези, 2021). Современиот македонски иселеник има најчесто високо образование и е стручно оспособен, тој има различни видови занимања и професии, иако во последните години значително е зголемен бројот на медицински персонал и лица од ИТ-индустријата кои се иселуваат од РСМ (Ризанкоска и Трајкоска-Наумоска, 2020).

Иселувањето во странска држава за едно семејство значи и културно и општествено прилагодување на новите услови, односно **асимилација** во новата средина и секако овој процес влијае на сите членови на иселеното семејство. Асимилацијата е комплексен процес кој варира во зависност од повеќе фактори како: земјата на потекло, законите на земјата на иселување, економската состојба и културната динамика на иселеникот. Процесот на асимилација или прифаќањето на културните обележја од мнозинското население во земјата на иселување од страна на малцинската односно мигрантската група е неизбежен (Alba, Nee, 1997, стр. 829). Најчести тешкотии при иселувањето, во зависност од земјата на иселување, може да бидат: значителни културни разлики, јазична бариера, невообичаени или непознати традиции, промени кои може да предизвикаат тешкотии па дури и стрес при процесот на адаптација на новата средина. Некои иселеници тежнеат кон задржување на своите јазични и културни традиции, некои пак се асимилираат во културата на земјата во која емигрирале. Степенот на асимилација, пак, се мери според нивото на усовршување на јазикот во земјата на иселување, степенот на образование, работниот статус, општествените интеракции, културни практики и формирање на идентитетот. Една студија на Portes и Rivas (2011) за адаптирањето на младите иселеници со азиско и латиноамериканско потекло во САД покажува разлики при адаптирањето на овие групи иселеници, кое се должи на нивното потекло и расна припадност. Во овој контекст, а земајќи го предвид фактот дека македонските иселеници

припаѓаат на белата раса, во досегашните иселенички студии не се најдени посебни карактеристики на нашите иселеници при процесот на асимилација во земјата на иселување. Генерално, втората генерација иселеници полесно ги пребродува предизвиците на иселувањето, го совладува јазикот и се асимилира во културата на земјата на иселување, притоа без целосно да ги изгуби вредностите, традициите и јазикот од земјата на потекло. Следствено, втората генерација иселеници има поголем прогрес од првата, на културно ниво и од социоекономски аспект (Portes, Rivas 2011). Во случајот на македонските иселеници, постојат подеднакво индивидуи кои лесно се адаптираат во новата земја и постигнуваат значителни професионални и приватни успеси и достигнувања во новото општество. Истовремено, постојат и иселеници кои живеат во затворени кругови и не го прифаќаат новиот стил на живеење и одбиваат да го научат дури и официјалниот јазикот на земја во која се иселиле (сопствено согледување на авторот при теренско истражување на македонската дијаспора во Мелбурн, Перт и Сиднеј, Австралија, 2013).

Иселувањето, несомнено, ја менува динамиката на која семејството била навикната во земјата на потекло, а тоа вклучува повеќе фактори меѓу кои најзначајни се: работните часови на родителите, новата училишна средина на децата, растојанието и времето потрошено за патување до училиштето, помош од проширеното семејство околу домашните обврски или грижата за децата итн. Новата **семејна динамика**, може да доведе до промена на улогите во семејството, како и до поинаква полова поделба на домашните обврски, поголема вклученост за сите членови кон грижата во домот, но и на најмладите членови на семејството, а со тоа креирање на еден вид нова семејна структура и семејни врски помеѓу членовите. Долгогодишни студии во САД (Lamanna, Riedmann, 2010) заклучуваат дека миграцијата ги менува половите улоги во домот, особено семејната динамика помеѓу мажот и жената. Многу често мажите во новите земји го губат статусот на глава на семејството, особено ако потекнуваат од патријархални општества, и често пати се случува да бидат принудени да работат и на пониски позиции, особено во првите години од иселувањето. Од друга страна, пак, жените, добиваат зголемена автономија и независност, особено доколку во земјата на потекло не биле во работен однос, а во земјата на иселувањето се вработени. Македонските иселенички семејства не се многу погодени од овие промени, со оглед на тоа дека македонското современо општество во изминатите децении сè повеќе го губи својот патријархален карактер кој е повеќе карактерис-

тичен за минатото. Структурата на семејствата на македонските иселеници е разнообразна, а тоа ја отсликува и состојбата на македонското современо општество во кое имаме сè почесто нови модели на семејства, иако нуклеарното останува доминантно (Авировиќ-Бундалевска, Елези, 2021).

Понатаму, кога настанува иселување на семејството од една во друга држава, не може да се занемари и **менталното здравје** на сите членови на семејството. Сепарацијата на членовите во првата фаза на миграција, приспособувањето на новата култура, економската транзиција и слични фактори може да доведат кој било член од семејството да се соочи со депресија, анксиозност или со други проблеми поврзани со менталното здравје. Токму затоа, важно е иселеничките семејства да имаат институционална и структурна помош во земјата на иселување, која ќе им помогне процесот на адаптација да биде полесен и со помалку последиците членовите. Македонските иселенички семејства се на ист начин погодени од промените кои резултираат по миграцијата како и сите останати семејства и досегашните истражувања немаат покажано посебни проблеми поврзани со ова прашање.

Конечно, миграцијата како процес, може да има истовремено и позитивно, но и негативно влијание врз иселеничките семејства. Во повеќето западноевропски земји постојат центри и организации кои ги поддржуваат семејствата во нивниот иселенички процес, особено поврзано со административните процедури за добивање дозволи за престој. Училиштата имаат најчесто специјални програми и тутори наменети за децата кои потекнуваат од иселенички семејства и се соочуваат со јазични и културни бариери. И секако не треба да се заборави и заедницата. Македонската дијаспора е распространета во многу држави низ светот и има формирано многубројни друштва и здруженија, кои може да им помогнат на новите иселеници во периодот на адаптација во новата средина, но и во понатамошното одржување на македонските културни обележја, јазикот и традициите.

Од демографски аспект, миграцијата од РСМ претставува голем проблем за државата, особено поради иселувањето на младата популација. Младите од РСМ денес, имаат многу повеќе можности за мобилност отколку во минатото. Патувањата и престојот во земјите членки на ЕУ е олеснет благодарение на визната либерализација од 2010-тата година. Студентите од РСМ имаат можност да ги користат програмите на образовна мобилност како Еразмус и да изучуваат еден семестар од своите студии во една од европските земји. Понатаму, во изминатата деценија младите често одат на сезонска работа во текот на летото во Германија,

Италија или во Хрватска, а исто така многу е популарна и програмата Work and Travel USA која нуди работен ангажман и патување во САД за време на летниот период. Многу често и овие привремени престои во странство на нашите млади прераснуваат во желба и можност за понатамошно нивно трајно иселелување.

Од горенаведената анализа, можеме да заклучиме дека потребно е да се подобрат многу аспекти од современото македонско општество за да се намали бранот на иселеници кој постојано се зголемува, особено што се однесува на младото и работоспособното население. Со цел да се спречи понатамошно иселување на населението потребно е да се посвети поголемо внимание на реалните проблеми, односно причини поради кои тие се иселуваат. Иако во државата постојат повеќе тела и организации кои ја третираат оваа проблематика, сепак сметаме дека одговорот на владините институции во врска со иселеничките бранови од изминатите години не беше адекватен. Конечно, потребно е да се направат дополнителни напори за да се спречи понатамошно иселување на населението и да се создадат истовремено подобри услови за работа на граѓаните во државата. Сите претходни истражувања за македонската емиграција, укажуваат на тоа дека единствено држава со стабилна политичка ситуација, каде има доверба во клучните инвестиции како здравството и судството, држава во која граѓаните имаат можност за вработување според своите способности и образование, како и можност за дополнителен професионален развој е единствена опција за место на живеење.

## 4.4 Влијанието на државата врз семејните политики

*„As society changes, so does the definition of family, but its importance as a foundation remains unchanged.“* - Laura Schlessinger

Државите преку своите политики, закони и социјални програми можат да ја обликуваат целокупната средина во која функционираат и се развиваат семејствата. Ова влијание може да биде мошне интензивно и да ги дефинира промените и развојот на семејството, да ги обликува семејните политики и да има клучна улога во обезбедување поддршка за олеснување на позитивниот развој на семејството и поттикнување на здраво општество. Од суштинско значење е да се забележи дека влијанието на државата може значително да варира во различни земји и региони поради варијациите во политичките идеологии, културните норми и социоекономските фактори. Државата користи различни процеси за да влијае врз семејниот развој и врз промените во семејството генерално, но

сепак како позначајни ќе ги издвоиме: (1) Законите и законските регулативи за семејство; (2) Социјалните програми за поддршка; (3) Отсуство за родителство и рамнотежа помеѓу работата и приватниот живот; (4) Образовни политики; (5) Здравствени политики; (6) Домување и урбанистичко планирање; (7) Финансиски политики; (8) Сервиси за семејна поддршка; (9) Сервиси за заштита на децата и нивната благосостојба; и (10) Културни и социјални норми.




**Сл.21** Илустрација на влијанието на државните политики врз семејството

### (1) Законите и законските регулативи за семејство

Државата воспоставува правни рамки со кои се регулира бракот, разводот, старателството над децата, посвојувањето и другите прашања поврзани со семејството. Овие закони можат да влијаат на структурата и стабилноста на семејствата, како и да влијаат на одлуките во врска со формирањето и расформирањето на семејството. Универзалната декларација за човекови права, донесена уште во 1948 година, во член 16 го дефинира правото на брак и развод: „Мажите и жените полнолетни, без никакво ограничување поради раса, националност или религија, имаат

право да стапат во брак и да основаат семејство. Тие имаат право на еднакви права како во бракот, за време на бракот и при неговото раскинување.“

Во земјите во Европската Унија и во другите европски земји (според официјалната страница на Your Europe), националните правила за *брак* се разликуваат од една до друга земја, главно во однос на:

- права и обврски на брачните парови: на пример, во однос на нивниот имот или нивното брачно име.
- односот помеѓу верскиот и граѓанскиот брак. Според Евростат, во 15 земји (Кипар, Данска, Естонија, Финска, Грција, Ирска, Италија, Латвија, Литванија, Полска, Словачка, Шпанија, Шведска, Норвешка и Обединетото Кралство) верскиот брак има последици како и граѓанскиот брак, односно верскиот брак е признат од државата како еквивалентен на граѓански брак. Франција наведува дека верскиот брак нема никакви последици за брачниот статус, освен ако не е склучен во странство. Според Законот за семејство (2018 г.), во Република Северна Македонија бракот склучен по верски обичаи не произведува правно дејство.
- можноста истополовите парови да стапат во брак. Следниве земји од ЕУ го даваат ова право: Австрија, Белгија, Данска, Финска, Франција, Германија, Ирска, Луксембург, Малта, Холандија, Португалија, Словенија, Шпанија и Шведска. Истополовите бракови се можни и во Исланд, Норвешка и во Швајцарија.

Во неколку земји на ЕУ може да се официјализира партнерство без парот да стапи во официјален брак и тоа преку граѓанско заедништво или регистрирано партнерство. Ваквото партнерство е признато во 20 земји од Европската Унија, станува збор за истите земји кои ги признаваат истополовите бракови.

*Разводот* е општоприфатен со скоро сите земји низ светот, но прописите и процесите за добивање развод може значително да се разликуваат. Иако разводот може да биде законски признаен на многу места, специфичните закони кои го регулираат разводот може да се разликуваат врз основа на културни, верски и правни фактори во секоја земја.

Во некои земји разводот е релативно едноставен, со закони за развод без вина кои им дозволуваат на паровите да го прекинат бракот со заедничка согласност или едноставно со наведување на непомирливи

разлики. Во такви случаи, и двајцата сопружници не треба да докажуваат вина или неправилност за да добијат развод. Од друга страна, има земји каде што е потешко да се дојде до развод, особено во општества со силни религиозни или конзервативни влијанија. На овие места, разводот може да биде предмет на построги прописи, периоди на чекање или да бараат докази за специфични основи како што се прељуба или злоупотреба. Освен теократската држава Ватикан, Филипините се единствената земја во светот каде разводот е забранет за сите граѓани, освен за муслиманите (Abalos, 2017).

Регулативите за *старателство* и *посвојување деца* многу варираат од една земја до друга, како одраз на различноста на правните системи, културните норми и социјалните политики. Речиси во секоја земја, примарна грижа при овие процеси е најдобриот интерес на детето. Судовите имаат за цел да донесат одлуки кои ја промовираат севкупната благосостојба и развој на детето.

Во Република Северна Македонија, со Законот за семејство (2014) се уредуваат: бракот и семејството, односите во бракот и семејството, одредени облици на посебна заштита на семејството, семејното насилство, посвојувањето, старателството, издржувањето, како и постапката пред судот во брачните и семејните спорови, како и постапката за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство. Согласно со овој закон, член 13, кај нас е регулирана и вонбрачната заедница.

### (2) Социјални програми за поддршка

Пристапот до овие ресурси може значително да влијае на способноста на семејството да ги обезбеди своите членови и да придонесе за нивниот севкупен развој.

Социјалните програми за поддршка може да имаат значително влијание врз развојот на семејството преку обезбедување различни ресурси за помош. Овие програми вообичаено се дизајнирани и имплементирани од владини и од невладини организации за да одговорат на различните потреби на семејствата и да ја промовираат нивната благосостојба. Значајно место заземаат програмите како што се социјална помош, здравствена заштита, помош за домување, субвенции за образование и слично, кои имаат директно влијание врз благосостојбата и развојот на семејството.

Во ЕУ, секоја од земјите е одговорна за креирање на свој систем за социјална сигурност, вклучително и семејни бенефиции (детски надоместоци, додатоци за подигање деца итн.). Во Германија системот за со-

цијална заштита на семејствата им обезбедува неколку видови на бенефиции, меѓу нив најпозната е програмата „Kindergeld“ (Child benefit in Germany, 2023) која е дизајнирана да го олесни финансискиот товар од воспитување на децата и да ја промовира благосостојбата на семејствата во Германија. Програмата е дел од поширокиот систем на социјална заштита во земјата, кој има за цел да ги поддржи семејствата, да ја намали детската сиромаштија и да поттикне позитивен развој на семејството. Слични програми се развиени и во други европски земји: во Данска тоа е програмата „Børnecheck“, во Швајцарија програмата „Familienzulagen“ (семеен додаток), „Prestación por Hijo a Cargo“ (додаток за дете) во Шпанија, во Австрија најпопуларна е програмата „Familienbeihilfe“, во Холандија програмата „Kinderbijslag“ итн.

Социјалните програми за семејна поддршка во Република Северна Македонија се дефинирани со Законот за социјална заштита и со Законот за заштита на деца (детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, родителски додаток за дете, додаток за образование, партиципација). За разлика од програмите за социјална поддршка во другите споменати европски земји, семејната поддршка во нашата земја е насочена конкретно кон семејства во социјален ризик, пред сè кон оние кои се соочуваат со материјални тешкотии, додека во други земји, овие програми за поддршка се наменети за сите семејства без разлика на нивниот социјален статус.

**(3) Отсуство за родителство и рамнотежа помеѓу работата и приватниот живот**

Родителското отсуство и рамнотежата помеѓу работата и животот се клучни фактори за промовирање на позитивниот развој на семејството. Тие ги подобруваат односите родител - дете, придонесуваат за родова еднаквост, го намалуваат стресот и создаваат негувачка и поддржувачка средина за целокупната благосостојба на децата. Дополнително, овие политики имаат корист и за вработените и за работодавците преку поттикнување на задоволството, лојалноста и продуктивноста на вработените.

Од 2022 година сите земји членки на Европската Унија се обврзани да го почитуваат Правилникот за подобрување на рамнотежата помеѓу работата и животот за родителите и старателите, усвоени во 2019 година. Овие правила поставуваат минимални стандарди за татковство, родителско отсуство и отсуство за нега на дете, како и дополнителни права поврзани со флексибилно работно време кое ќе им помогне на родите-

лите во развојот на нивната кариера и семејниот живот без притоа да мора да прават отстапки. Дел од земјите се препознатливи по своите прогресивни семејни политики, особено во балансот помеѓу работата и приватниот живот. Од овој аспект се истакнуваат:

- ❖ Финска: Родителското отсуство трае 320 работни дена, односно приближно 14 месеци. Ако детето има двајца родители, и двајцата имаат право на отсуство од 160 работни дена. Родителот може да му отстапи најмногу 63 дена родителско отсуство на другиот родител на детето. Самохран родител може да ги искористи сите 320 работни дена. Овој пристап промовира родова еднаквост во родителството и рамнотежа помеѓу работата и животот (InfoFinland, 2023).
- ❖ Шведска: Позната е по своите дарежливи политики за родителско отсуство, нудејќи големо отсуство и за мајките и за татковците. Родителите можат да користат до 480 дена платено родителско отсуство, а 90 дена се посебно определени за секој родител (Parental leave in Sweden, 2023).
- ❖ Норвешка: Обезбедува доброразвиен систем за родителско отсуство, нудејќи до 49 недели отсуство со целосна плата или 59 недели со плата од 80 %. Дополнително, родителите можат да земат дополнителни 15 недели одмор со плата од 80 %. Политиките на Норвешка имаат за цел да поттикнат активно вклучување на двајцата родители во грижата на детето (European Commission, 2023).
- ❖ Исланд: Независното право на секој родител за родителско отсуство е 6 месеци, со дозвола за доделување до 6 недели на другиот родител. Затоа, збирно, родителите имаат 12 месеци родителско отсуство. Политиката е флексибилна, овозможувајќи им на родителите да го поделат отсуството како што им одговара, поттикнувајќи балансиран пристап кон работата и семејниот живот (Family & Social Welfare, 2023).

Гледано во светски рамки значајни програми за баланс помеѓу работата и приватниот живот се имплементираат во Канада, каде првиот дел од породилното отсуство трае 15 недели. Понатаму може да се користи родителско отсуство кои може да трае 50 недели при што родителот добива 55 % од просечната заработка или 76 недели со 33 % од просечната заработка (Guide to Maternity Leave, 2023).

Во Република Северна Македонија отсуството за родителство е определено со Законот за работни односи, член 165, според кој работничка за време на бременост, раѓање и родителство има право на платено отсуство од работа во траење од девет месеца непрекинато, а доколку роди повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе) една година. Висината на надоместокот на плата за време на отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство изнесува 100 % од основицата на надоместокот на плата. Се очекува донесување на нов Закон за работни односи во кој би имало унапредување на родителските права, односно наместо досегашното породилно отсуство, се предвидува поделба на отсуството на мајчинско, татковско и родителско отсуство. Мајката има пет месеци мајчинско и четири месеци родителско отсуство. Но, дополнително, тука се и четири месеци на родителско отсуство на таткото. Ваквите измени ќе имаат влијание врз порамномерна распределба на домашните обврски, еднаков придонес во грижата за децата и присуство на двајцата родители на пазарот на трудот, што е особено значајно за родовата рамноправност помеѓу работниците.

**(4) Образовни политики**

Образовниот систем и семејството се поврзани, при што си влијаат меѓусебно. Поддржувачкиот и инклузивен образовен систем кој ја препознава и почитува важноста на семејствата, игра клучна улога во обликување на вредностите, ставовите и приоритетите на децата, со што неминовно го зајакнува функционирањето на семејството и придонесува за позитивен развој на детето. Училиштата кои активно го поттикнуваат родителскиот ангажман и соработка имаат тенденција да поттикнуваат посилни партнерства меѓу семејствата и училиштата, што доведува до подобри академски резултати и севкупна семејна поддршка. Училиштето обезбедува информации и насоки за семејствата во врска со напредокот на детето, воспитните вредности, неговите академски постигнувања и можности за кариерен развој. Оваа поддршка може да влијае на семејните дискусии и одлуки за иднината на детето.

Меѓутоа, барањата на образовниот систем, вклучувајќи ги училишните распореди, домашните задачи и воннаставните активности, може да влијаат на семејното функционирање и нивото на доживеан стрес, оттука урамнотежувањето на училишните барања со семејното време е важно за балансирање на семејната динамика.

Што се однесува до семејната едукација, многу земји имаат интегрирано семејно образование во нивните наставни програми до различен

степен. Вклучувањето и специфичната содржина на семејното образование се разликуваат помеѓу земјите и истите се обработуваат во различни предметни области или во рамките на посебни курсеви. Најчесто преку наставните предмети социологија, граѓанско образование, здравствено образование, етика, и домаќинство, се обработуваат важни теми поврзани со семејството, како: комуникација, решавање конфликти, градење на семејни односи, разбирање на семејната динамика, родова еднаквост, семејни вредности и традиции, емоционална интелигенција и сл. Дополнително, училиштата организираат работилници, семинари или воннаставни активности кои се фокусираат на семејната едукација и на важноста на семејството. Вакви позитивни примери може да сретнеме во наставните програми во земјите кои важат со најдобро организирани образовни системи како Финска, Естонија, Холандија, Белгија, Франција, Норвешка, Шведска, Данска, Австрија итн.

Во Република Северна Македонија, согласно со наставните програми за деветгодишно основно образование, семејната едукација се реализира преку соодветни теми кои се обработуваат во првите години од одделенската настава на учениците. Теми од областа на семејната едукација се обработуваат по наставната програма за Општество во прво и второ одделение, како и во наставната програма за Животни вештини од прво до трето одделение. Во понатамошниот дел од образовниот процес, иако се изучуваат задолжителни или изборни наставни предмети кои би можеле да ги опфаќаат овие теми, како: Граѓанско образование, Етика, Воспитание за околината, Унапредување на здравјето, Општество и Животни вештини (од трето до деветто одделение), истите воопшто не се опфатени.

### (5) Здравствени политики

Здравствените политики кои даваат приоритет на пристапноста, достапноста и квалитетот на здравствените услуги може да го подобрат функционирањето на семејството преку промовирање на физичко и ментално здравје, намалување на финансискиот стрес и обезбедување неопходна поддршка во тешки времиња. Семејната благосостојба и здравјето се меѓусебно зависни, а здравствените политики кои ги земаат предвид потребите на семејствата како целина може да доведат до попозитивни семејни резултати.

Секако здравствените политики претставуваат еден широк концепт кој опфаќа многу области и дејности во насока на превенција и третман на индивидуално и семејно ниво, како што се:

- *Здравје и развој на детето:* Тоа се критични компоненти на политиките за здравствена заштита кои даваат приоритет на благосостојбата на децата и нивните семејства. Ваквите политики се фокусираат на различни аспекти на здравствената заштита кои се од суштинско значење за промовирање на здрав раст, спречување на болести и решавање на развојните проблеми кај децата. Политиките во оваа област опфаќаат: превентивна грижа, вакцинација, сервиси за рана интервенција, семејно ориентирана грижа за детето, здравствена едукација, нутритивни програми и превенција на дебелина, грижа за менталното здравје, дентална хигиена итн.
- *Родителска благосостојба:* Која е клучна за поттикнување на позитивна и негувана семејна средина. Кога родителите имаат пристап до здравствени услуги и одржуваат добро здравје и благосостојба, тоа позитивно влијае на различните аспекти од семејниот живот и на нивната способност да се грижат за своите деца. За обезбедување на благосостојба на родителите потребно е здравствените политики да се насочат кон промовирање на добро физичко и ментално здравје, поттикнување на емоционална поддршка и градење на здрави емоционални врски помеѓу семејните членови и зголемување на нивната отпорност. Препознавајќи ја важноста на родителската благосостојба, општествата можат да создадат средина каде што семејствата ќе напредуваат, а децата можат да растат во атмосфера исполнета со љубов и поддршка.
- *Долгорочна нега и поддршка:* Обезбедувањето долгорочна нега и поддршка е сложен процес кој бара да се земат предвид физичките, емоционалните и финансиските потреби и на примателот на грижата и на семејните старатели. Креаторите на политиките, организациите за поддршка и заедниците играат витална улога во обезбедувањето ресурси и помош на семејствата кои се соочуваат со предизвици на долготрајна грижа за да им помогнат да одржат урамнотежена и поддржувачка семејна средина.
- *Здравствено образование:* Со нагласување на здравственото образование и превентивните мерки, здравствените политики имаат за цел да го префрлат фокусот од лекување на болести кон промовирање на целокупна благосостојба преку превенција. Кога семејствата се опремени со здравствени знаења и

ресурси, тие можат да преземат проактивни чекори за одржување на добро здравје, спречување на болести и водење поздрав и посреќен живот.

Здравствениот систем на секоја земја има свои уникатни силни страни и предизвици, а здравствените политики се развиваат и менуваат со текот на времето. Ефективноста на здравствениот систем и политиките кои се донесуваат зависат од фактори како што се: финансирање на здравствената заштита, инфраструктурата, работната сила во здравството и севкупните здравствени потреби на населението. Во нашата земја здравствените политики се интерпретирани во последната „Стратегија за здравство на Република Северна Македонија 2021-2030", креирана согласно со Законот за здравствена заштита и со Законот за здравствено осигурување.

**(6) Домување и урбанистичко планирање**

Доброорганизираното домување и урбанистичкото планирање може значително да влијаат врз функционирањето и благосостојбата на семејството. Со обезбедување на безбедни, достапни и поддржувачки средини за живеење, семејствата ќе бидат спремни да градат силни социјални врски во рамките на нивните заедници. Домувањето и урбанистичкото планирање играат суштински улоги во поттикнувањето на семејната кохезивност, здравјето и севкупниот квалитет на живот. Важни компоненти од урбанистичкото планирање кои влијаат врз семејниот живот се: комфорен и безбеден простор; можност за приватност, но и интеракција со околината; пристапност до сервиси; доброорганизиран транспорт; околина која ќе биде исполнета со зеленило, паркови, место за играње и дружење на децата. Урбанистичкото планирање ги зема предвид нивоата на бучава и загадување на воздухот кои секако влијаат врз здравјето и благосостојбата на семејството.

**(7) Финансиски политики**

Интеракцијата на финансиските политики со другите социјални политики може значително да влијае на функционирањето и благосостојбата на семејството. Кога семејствата имаат пристап до соодветни ресурси, финансиска стабилност и социјална поддршка, тие се подобро подготвени да се справат со предизвиците, да ги задоволат нивните потреби и да поттикнуваат позитивна семејна динамика. Од друга страна, финансискиот стрес и несигурноста може да ги нарушат семејните односи и да влијаат на целокупното функционирање на семејството. Финан-

сиските политики кои влијаат врз семејната динамика може да се однесуваат на: поддршка на приходите (социјална помош, бенефиции при невработеност, детски додаток и сл.), даночни олеснувања, пристап до соодветни кредити и заеми, политики кои влијаат на стапките на инфлација и на трошоците за живот, поттикнување на пензиска заштеда, како и политики за финансиска писменост кои ќе им овозможат на семејствата да донесуваат информирани финансиски одлуки и да ја планираат иднината.

Финансиските политики се особено важни за семејствата во ризик или за семејствата кои се соочуваат со економски предизвици. Семејствата во ризик може да вклучуваат семејства со ниски приходи, домаќинства со еден родител, семејства со членови со попреченост или со хронични болести и семејства кои се соочуваат со невработеност или со други финансиски тешкотии. Финансиските политики играат клучна улога во поддршката на овие семејства, помагајќи им да ги надминат економските тешкотии.

### (8) Сервиси за семејна поддршка

Сервисите за поддршка на семејството се низа услуги и програми дизајнирани да обезбедат помош, насоки и ресурси на семејства кои се соочуваат со различни предизвици. Овие услуги имаат за цел да ги зајакнат семејствата, да ја подобрат нивната благосостојба и да промовираат позитивно функционирање на семејството. Услугите за поддршка на семејството може да бидат обезбедени од владини агенции, непрофитни организации, групи во заедницата или приватни субјекти. Специфичните понудени услуги може да варираат во зависност од потребите на семејствата и од достапните ресурси.

Мекоунс (2000) ја дефинира семејната поддршка како чадор-термин кој опфаќа широк опсег на интервенции кои варираат по бројни димензии, во зависност од нивната целна група (како мајки, татковци, мали деца, тинејџери и слично), професионална заднина на давателот на услугата (на пр. семејнолог, социјален работник, психолог, медицинска сестра, родител итн.), ориентација на самата услуга (на пр. терапевтска, развој на детето, развој на заедницата, младинска работа), адресиран проблем (на пр. проблеми со родителството, семеен конфликт, занемарување на детето, образовни отстапувања и сл.), програма на активности (на пр. домашни посети, предучилишна установа, младински клуб, курс за родителство) и поставување услуги (на пр. дома, клиника или заедница).

Самата дефиниција ја опишува комплексноста на семејната поддршка токму поради потребата од индивидуален пристап кон секое семејство во зависност на нивните потреби. Сервисите за семејна поддршка може да опфатат:

- *Образование и поддршка за родителство*: часови за родителство, работилници и групи за поддршка кои обезбедуваат информации, ресурси и насоки на родителите за развојот на детето, стратегиите за дисциплина, комуникација и другите родителски вештини.
- *Советување и терапија:* семејно советување или терапевтски услуги за решавање на семејните конфликти, подобрување на комуникацијата и поттикнување здрави односи.
- *Сервиси при семејно насилство и интервенција во кризи*: услуги за поддршка на семејствата кои доживуваат семејно насилство, злоупотреба или кризни ситуации, вклучително и засолништа за итни случаи и советување.
- *Семејно застапување*: правна помош и застапување за семејните права и потреби.
- *Сервиси при зависност во семејството:* поддршка за семејства кои се соочуваат со зависности (алкохолизам, наркоманија), вклучувајќи советување, третман и програми за закрепнување.
- *Сервиси за мултикултурно и имигрантско семејство:* услуги кои се насочени кон уникатните предизвици со кои се соочуваат овие семејства, како што се јазичните бариери и културната адаптација.

**(9) Сервиси за заштита на децата и нивната благосостојба;**

Услугите за заштита и благосостојба на децата се збир на програми и интервенции дизајнирани да ја заштитат благосостојбата и правата на децата кои можат да бидат изложени на ризик од злоупотреба и запоставување. Овие услуги обично ги обезбедуваат владини агенции, организации за заштита на децата и други професионалци. Примарната цел на услугите за заштита и благосостојба на децата е да се обезбеди безбедност, развој и севкупна благосостојба, притоа вложувајќи го секој напор за да го задржат семејството заедно.

Најважните документи за правата на децата се меѓународните договори и конвенции кои ги прикажуваат основните права и заштита на децата. Овие документи служат како рамка за заштита на децата и обезбедување почитување на нивните права. Конвенција на Обединетите нации за правата на детето (UNCRC): Усвоена од Генералното собрание на Обединетите нации во 1989 година, е најсеопфатниот и најшироко ратификуван меѓународен договор за правата на детето. Ги наведува граѓанските, политичките, економските, социјалните и културните права на децата, нагласувајќи го нивното право на живот, развој, заштита и учество. UNCRC ги поставува темелите за заштита на децата, образованието, здравјето и благосостојбата. Оваа конвенција е ратификувана од страна на Република Македонија во 1993 година.

Злоупотребата на децата може да се категоризира во четири различни типа: емоционална, сексуална, физичка злоупотреба и запоставување. Од сите четири видови на злоупотреба најчесто е запоставувањето на децата (Child Protection and Welfare Practice Handbook, 2011). Детето може да биде подложено на еден или на повеќе форми на злоупотреба во кое било дадено време. Фармер и Овен (1995) во своето истражување откриле дека кај една третина од запоставените деца била присутна и физичка злоупотреба, понатаму кај една петтина од децата кај кои е забележано физичко малтретирање било присутно и запоставување, и кај една четвртина од децата кои страдале од сексуалната злоупотреба било детектирано и запоставување (Farmer & Owen, 1995).

Политиките за заштита на децата во секоја земја зависат од различни фактори, вклучувајќи ја правната рамка на земјата, културните норми, социјалните вредности, економските ресурси, политичките приоритети и специфичните предизвици и потреби поврзани со детската благосостојба. Во однос на сервисите и услугите кои се застапени во различни земји може да ги издвоиме: центри за деца (на различна возраст и во различен ризик), СОС- линии, згрижувачки и интервентни семејства, сервиси за посвојување, центри за застапување на правата на децата, едукација и тренинг на родители и стручни работници, центри за советување и терапија, сервиси за спречување на трговија и експлоатација на деца итн.

Заштитата на децата е континуиран процес кој бара постојана евалуација, адаптација и инвестирање во ресурси и експертиза. За да го креираме најдобриот систем за заштита на децата истиот мора да е сеопфатен, фокусиран на детето, културно чувствителен и да одговара на потре-

бите на децата и на нивните семејствата. Тоа е заеднички напор кој вклучува владини агенции, социјални служби, организации во заедницата и поединци кои работат заедно за да осигурат безбедна и сигурна средина за сите деца.

### (10) Културни и социјални норми

Културните и социјалните норми играат значајна улога во обликувањето на системите и динамиката за поддршка на семејството во рамките на едно општество. Овие норми се непишани правила и очекувања кои ги водат однесувањата, ставовите и интеракциите на поединците и семејствата во рамките на одредена култура. Тие може да имаат големо влијание врз начините на кои членовите на семејството си даваат поддршка еден на друг.

Културните норми влијаат на традиционалните семејни структури и улоги во едно општество. Во некои култури, поддршката од поширокото семејство е високо ценета и повеќе генерации можат да живеат заедно или да бидат тесно вклучени во животот на едни со други. Спротивно на тоа, други култури може да им дадат приоритет на нуклеарните семејни единици и на индивидуалната независност. Во некои култури, постои големо очекување возрасните деца да се грижат за постарите родители, додека во други, формалните сервиси за грижа за постарите се почести. Културните норми многу често влијаат и врз родовите прашања во едно семејство, односно ја диктираат поделбата на одговорностите за грижа, емоционалната поддршка и финансиските придонеси во семејството. Културата и социјалните норми се тесно поврзани и со религијата, и како такви можат да придонесат во обезбедување на семејна поддршка. Религиозните учења може да го нагласат сочувството, емпатијата и грижата за другите, обликувајќи ги семејните вредности и однесувања.

Постојат голем број на истражувања за причинско-последичниот ефект на културата врз економските избори како што се наталитетот, понудата на работна сила и миграцијата користејќи го таканаречениот „епидемиолошки пристап" (Fernandez, Raquel & Fogli, 2009). Користејќи податоци од различни земји, Галасо и Профета (2010) утврдуваат поврзаност помеѓу типот на семејства во едно општество и дизајнот на пензискиот систем. Еугстер и сор. (2011) открива поврзаност помеѓу улогата на културата во побарувачката за социјално осигурување користејќи податоци од Швајцарија.

## 4.5 Влијанието на социјалните медиуми

*„Social media gives one a family to share one's life with."* - Sonu Nigam

Воведувањето на интернетот и на електронската комуникација во нашето секојдневие кон крајот на 20-тиот век можеби е најзначајната современа глобална промена која влијае на семејниот живот, партнерствата и родителството. Денешните генерации се раѓаат опкружени со дигитална технологија во секој аспект од нивниот живот, а тоа пак води кон промени пред сѐ во начинот на комуникација со луѓето. На пример, за разлика од минатото, денес, двојките кои имаат врска на далечина можат да комуницираат секојдневно. Понатаму, партнерите многу често се запознаваат преку социјални мрежи или преку други апликации наместо во живо. Едноставно целата комуникација на младите е префрлена на социјалните медиуми, а таа комуникација не само што излегува од рамките на семејството, туку станува глобална. Импликациите на зголемената комуникација преку кратки пораки, електронска пошта и други медиуми сѐ уште се истражуваат и во наредните години ќе бидеме сведоци на нивните влијанија (Abela and Walker, 2014, стр. 5-15).

Социјалните медиуми се однесуваат на онлајн платформи и апликации кои им овозможуваат на корисниците да креираат и споделуваат содржини во виртуелниот свет. Најпознати платформи денес се Facebook, Twitter, Instagram, LinkedIn и TikTok. Овие платформи им овозможуваат на корисниците да бидат поврзани со пријателите, членовите на семејството, непознати итн., да споделуваат слики, видеа, мисли и да влагаат во дискусии. Социјалните медиуми ја трансформираа комуникацијата, споделувањето информации и вмрежувањето на луѓето. Интернетот, генерално, обезбедува одлични можности, особено за младите луѓе, кои се негови најголеми корисници, но подеднакво воведува и многу ризици: истовремено има негативни влијанија поврзани со приватноста, лажни вести, а прекумерната употреба влијае негативно на менталното здравје (Whitty, 2014, стр. 262-272).

Од досегашните истражувања за влијанието од прекумерната употреба на социјалните мрежи, изложеност на интернет-содржини и воопшто екрани, особено на младите и децата, произлегуваат негативни и позитивни резултати. За децата од претшколска возраст истражувањата најчесто се во насока на времетраењето на изложеноста на дигитални содржини и екрани, додека за повозрасни деца и адолесценти вниманието е осврнато повеќе на содржината на кои тие се изложени. Оттаму, се

јавува и потребата родителите да имаат увид во тоа што нивните деца го гледаат и да ги насочат да го користат интернетот пред сè за информативни цели. И покрај тоа што постојат негативни влијанија од прекумерната изложеност на дигитални содржини и особено на социјалните медиуми, сепак, истовремено постојат и голем број придобивки кои ги нуди современиот дигитален и технолошки развој. Поконкретно, Ливингстон (2009) ги посочува генералните можности и ризици на младите кои го користат интернетот (Whitty, 2014, стр. 262-272), а кои се прикажани на следната слика.

**Сл.22** Потенцијални можности и ризици кои се јавуваат при користење интернет




Извор: Whitty, 2014: 262-272.

Реалноста е дека дигиталниот свет, интернетот и социјалните мрежи обезбедуваат можности и придобивки за младите, но истовремено претставуваат ризик за децата особено во периодот на когнитивен и емоционален развој кога се всушност најранливи (Whitty, 2014, стр. 262-272).

Кога станува збор конкретно за социјалните медиуми, можеме да кажеме дека тие имаат значително влијание врз македонските семејства на ист начин како и врз семејствата низ светот. Позитивни аспекти на

социјалните медиуми за македонските семејства се можноста да бидат поврзани со роднини и пријатели кои живеат далеку, олеснета комуникација, размена на искуства. Исто така, им овозможува на семејствата да слават виртуелно настани и традиции и кога некој од членовите на семејството е физички отсутен. Сепак, социјалните медиуми носат и свои предизвици. Нивната прекумерна употреба може да доведе до намалена комуникација во живо помеѓу членовите на семејството, отсутни родители, отсутни адолесценти итн. со што се нарушува комуникацијата и поврзаноста на членовите.

Социјалните медиуми можат значително да влијаат на семејствата на повеќе начини – позитивно и негативно. Главните влијанија може да се сумираат на следен начин:

1. **Комуникација.** Социјалните платформи им овозможуваат на семејствата да бидат поврзани, да разменуваат новини од нивниот живот, да комуницираат полесно, особено кога членовите на семејството не живеат во ист град или држава. Но, истовремено, прекумерното користење на социјалните медиуми може да резултира со намалена комуникација во живо помеѓу членовите на семејството и затоа е важно изложеноста на овие платформи да биде контролирана и умерена.

Според едно истражување во САД за употребата на медиумите од страна на американските семејства од 2007-ма година, членовите на семејства користат различни медиуми (текстуални пораки, имејл, социјални мрежи, видеоигри) за полесна меѓусебна комуникација, но како и начин да се помине заеднички времето. Поконкретно, 62 % од адолесцентите, 69 % од мајките и 42 % од татковците одговориле дека си пишуваат меѓусебно текстуални пораки еднаш или повеќе пати дневно. Употребата на социјалните медиуми во ова истражување е на ниско ниво бидејќи, во 2007-мата година сè уште не беа распространети најпознатите платформи кои се користат денес и изминативе години (Padilla-Walker et al., 2012). Медиумите, денес, овозможуваат полесна комуникација и со членови на пошироката семејство, како помеѓу баби и дедовци и внуци, братучеди и слично, особено доколку не живеат во ист град или држава (Coyne et al., 2012).

2. **Размена на информации.** Семејствата може да разменуваат информации, вести, слики преку социјалните медиуми и да бидат во тек со меѓусебните секојдневни случувања. На пример, туризмот е област за која се споделуваат најмногу информации помеѓу корисниците на интернет. Во РСМ, конкретно, едно емпириско истражување покажува дека социјалните медиуми имаат огромно значење во туристичката промоција

на земјата и дека младите го користат интернетот како основен извор за добивање информации за патување и престој (Петревска, 2014). Покрај ваков вид информации, семејствата, преку медиумите, споделуваат и други информации, како што се покани за родендени, фотографии од важни настани, рецепти, шеги итн. и дури и кога членовите на семејството се физички разделени од различни причини, медиумите им овозможуваат да бидат во тек со меѓусебните настани.

**3. Предизвик за родителите.** Родителите може да се соочат со тешкотии во прилагодувањето на времето поминато пред екрани на децата или пак изложувањето на насилни содржини и кибернасилство. Според Американската психијатриска академија за деца и адолесценти (2020), децата до 18 месеци треба да бидат изложени на екрани единствено доколку зборуваат преку видеоапликација со некој возрасен член од семејството (на пример родител кој не е физички присутен); за децата од 2 до 5 години насоките се 1 час изложеност на неедукативна содржина во текот на работните денови и 3 часа во текот на викендите; за деца над 6 години потребно е поставување здрави навики за употребата на електронските уреди и надзор, и давање насоки на нивните онлјан активности. Прекумерната употреба на електронски уреди, интернет и социјални медиуми кај децата и младите може да доведе до појава на агресија, креирање ризични видеа за предизвици на социјални мрежи, изложеност на содржина со сексуална конотација, креирање негативни стереотипи за другите или за себе, кибернасилство, изложеност на неточни или лажни информации. Некои од овие последици ќе бидат подетално елаборирани во продолжение.

**4. Менаџирање на времето**. Интернетот дава пристап до свет кој никогаш не спие. Глобализацијата и дигиталниот напредок креираа нова перцепција за времето и поради можноста да бидеме достапни онлајн постојано, работата и слободното време се испреплетуваат. Пораки, мејлови, онлајн повици се секојдневие за сите. За семејствата, технологијата игра улога во дефинирање на значењето на време за семејството (Ponzetti, 2003, стр. 1647-1648) и современите семејства, денес, се соочуваат со тешкотии во воспоставување соодветна рамнотежа помеѓу работата и семејните обврски, па во таа насока неретко се препорачува намалено користење на електронските уреди кога се поминува слободно време со членовите од семејството. Социјалните медиуми може, доколку не се користат правилно, да бидат големи потрошители на време. Неколку начини за ефикасно менаџирање на времето на социјалните мрежи се:

поставување аларми или ограничувања на времето поминато на интернет, да се ограничат известувањата на социјалните мрежи на паметните телефони, да се прават паузи од неколку денови или повеќе од користење на социјалните мрежи доколку е потребно и слично.

**5. Приватност и кражба на лични податоци**. Семејствата треба да бидат претпазливи кога станува збор за споделување фотографии и информации поврзани со нивните деца, поради несакани последици како нелегално користење на тие информации, кражба на лични податоци итн. Секојдневната употреба на социјални медиуми го нормализираше и споделувањето на сегменти од приватниот живот со своите пријатели на овие платформи. Но, неретко, корисниците не се свесни дека прекумерното споделување информации може да доведе до погрешно користење на тие информации, нивна злоупотреба, кражба и слично, особено кога станува збор за електронски адреси, лични информации и фотографии (Whitty, 2014, стр. 262-272). Со цел секоја индивидуа да ја заштити својата приватност на социјалните мрежи и да ги избегне потенцијалните ризици поврзани со споделување на информациите онлајн, потребно е да се контролираат содржините кои се поставуваат на платформите, соодветно да се постави приватноста на профилите на платформите, односно да се регулира кои лица може да имаат пристап до содржините кои се споделуваат, да се ограничат контактите само на лица кои се познаваат и во реалниот живот, да се користат соодветни лозинки за своите профили и секако да се размислува добро пред да се споделат определени лични информации или фотографии.

**6. Споредби, љубомора и депресија.** Едно прашање кое се поставува често кога станува збор за начинот на кој луѓето се претставуваат на социјалните мрежи и дали личноста која се претставува онлајн е иста или се разликува со онаа која живее офлајн, односно во реалниот свет (Miller et al., 2016). Постојаното изложување и споделување слики и содржини на социјалните медиуми може да доведе до непријатни чувства или пак до љубомора помеѓу членовите во семејството или меѓу пријателите. Во последните години многу студии беа посветени на врската помеѓу социјалните медиуми и личното задоволство или среќа на корисниците. Според резултатите, социјалните медиуми може да ја зголемат депресијата, незадоволството, љубомората, негативната перцепција за своето тело и физички изглед и осаменоста. Корисниците може да се чувствуваат игнорирани од своите пријатели или членови на семејството на социјалните медиуми, да го споредуваат сопствениот живот со оној на сво-

ите пријатели и познаници на платформите, може дури и да почувствуваат депресија поради тоа што потрошиле голем дел од своето време на социјалните мрежи непродуктивно (Miller et al., 2016).

**7. Ментално здравје.** Прекумерното користење на социјални медиуми може да доведе до анксиозност, депресија до и други проблеми поврзани со менталното здравје што може да ја наруши индивидуалната и семејната динамика. Едно истражување од Австралија (Hendry, 2020) за начинот на кој младите ја употребуваат платформата *Tumblr* за да ги изразат своите ментални нарушувања заклучува дека состојбата е многу покомплексна отколку што истражувачите и практичарите сметаат и ги охрабрува сите заинтересирани да ги прошират своите видици во врска со начинот на кој менталното здравје е видливо и циркулира на социјалните мрежи.

**8. Задоволство и среќа**. На ист начин како што социјалните медиуми може да предизвикаат негативни чувства и емоции кај корисниците, така, тие може да бидат извор на среќа и задоволство. Имено, една студија направена на Facebook-корисниците (Miller et al., 2016), докажала дека онлајн споделувањето на среќа може да влијае на ист начин како и во живо, односно дека изложеноста на онлајн содржина која предизвикува среќа и радост може да ги направи индивидуите посреќни. Во контекст на нашата проблематика, на пример, членови на семејството може да се израдуваат доколку видат фотографии од своите блиски додека се на одмор, во важни мигови од нивниот живот, поаѓање на училиште, завршување на одредени образовни циклуси и слично.

**9. Образование.** Користењето на интернетот за образовни и информативни цели е позитивно и не треба да се ограничува. Интернетот изобилува со информации кои се бесплатни, но исто така има и веб-страници кои овозможуваат учење странски јазици, совладување мануелни и кулинарски вештини, продлабочување на знаењето на одредени области итн. Многу од тие веб-страници се рекламираат, односни имаат свои профили на социјалните медиуми и нивните следбеници може да добиваат постојано информации за новитетите кои ги нудат. Особено популарно беше офлајн учењето за време на пандемијата со КОВИД-19 и таа практика продолжи да се применува и денес.

**10. Кибернасилство и кибервознемирување**. Кибернасилството претставува намерна штета предизвикана од комуникацијата преку компјутери, мобилни телефони или преку други електронски уреди. Таа комуникација вклучува изразување и предизвикување злобни и непријатни чувства кон други личности, јавно објавување на навредливи

или засрамувачки информации за некоја личност, заплашување, заканување и слично. Досегашните истражувања покажуваат дека мета на кибернасилство почесто се млади лица или жени, додека мажите или момчињата поверојатно е да бидат во улога на насилници. Последиците од кибернасилството и вознемирување најчесто е психолошка штета која може да предизвика кај жрвтите чувство на разочараност, лутина и тага, но и хронични болести и обиди за самоубиство (Whitty, 2014, стр. 262-272).

**11. Педофилија.** Онлајн педофилијата можеби претставува една од најзастрашувачките последици кои се јавија како резултат на глобалната употреба на социјални медиуми. Педофилите, скриени под лажни профили, успеваат да го добијат вниманието на своите жртви - децата, потоа преку онлајн комуникација ја добиваат нивната доверба, за конечно да ги наведат жртвите да имаат средба со нив. Иако педофилијата не претставува нов криминал, сепак интернетот и социјалните медиуми им овозможуваат на овие насилници нови начини да пристапат до децата. Затоа, од исклучително значење е родителите да разговараат отворено со своите деца за ризиците кои ги носи комуникацијата со непознати преку социјалните мрежи и доколку се помали децата, да имаат увид во нивните онлајн активности (Whitty, 2014, стр. 262-272).



**Сл.23** Користење на социјални медиуми

Се чини дека при истражувањето на семејството и на социјалните медиуми една од најважните теми е токму мониторирањето, односно набљудувањето на родителите на содржина на којашто се изложени нивните деца. Родителското набљудување има клучно значење поради повеќе аспекти, вклучувајќи ги училишните успеси на децата, изложеноста на насилство, времетраењето на изложеноста на екраните, превенција за идни закани кон своите деца итн. (Coyne et al., 2012). Поконкретно, набљудувањето може да биде директно, односно родителите физички заедно да ја гледаат содржината што нивните деца ја следат онлајн (доколку се помали) или пак да користат апликации кои овозможуваат следење на содржините на своите деца преку своите електронски уреди. Од друга страна, ваквиот начин на набљудување или проверка претставува директно мешање во приватноста на децата, и е особено проблематично за адолесцентите, затоа се смета дека не е најдоброто решение за превенција од ризици при користење социјалните мрежи и на интернет. Наспроти набљудувањето, се предлага постојан разговор на родителите со своите деца за содржините и искуствата на кои тие се изложени онлајн, следење на дигиталните трендови од страна на родителите и вклученост во нивниот онлјан живот подеднакво како и во реалниот. Секако, потребно е да се донесат и законски рамки и легислативи кои ќе бидат во насока на заштита на корисниците на социјалните медиуми, пред сѐ на децата, како и подигнување на свеста на ризиците на кои корисниците може да бидат изложени (Whitty, 2014, стр. 262-272).

Конечно, за да се регулира влијанието на социјалните медиуми ефективно од основно значење се: отворена комуникација, поставување граници, промоција на соодветно дигитално образование во училиштата, особено што се однесува за онлјан безбедност, дигитална писменост за сите генерации, постојан дијалог помеѓу родителите и децата и постигнување баланс помеѓу онлајн и офлајн комуникацијата. Семејствата треба да бидат свесни на кој начин социјалните медиуми влијаат врз нивниот живот и да ги користат платформите на начин што ќе ги зацврсти врските со децата наместо да им наштети.

# V Глава

# Семејната едукација и нејзиното значење за семејствата

# 5

## 5.1. Поим и карактеристики на семејната едукација

*„It is impossible for a man to learn what he thinks he already knows“* - Epictetus

Семејната едукација може да се дефинира на многу начини во зависност од целта, содржината и за кого е наменета. Генерално, сите дефиниции имаат три основи: 1. Справување со проблемите кои ги засегаат семејствата 2. Превенција на проблемите 3. Развивање на потенцијал за индивидуите и семејствата. Со други зборови, семејната едукација е процес дизајниран да ја зајакне и збогати индивидуалната и семејната благосостојба на семејствата.

Зборовите како **превенција/едукација/соработка** најдобро ја опишуваат семејната едукација. Семејната едукација работи во насока на спречување на проблемите пред да се случат, делува наместо да чека да се развијат проблеми заради кои семејствата страдаат. Спречува проблеми и развива потенцијал.

За да може одредена содржина да се карактеризира како семејна едукација, треба да исполнува услови како долунаведените:

- Се однесува на индивидуи и семејства низ животниот циклус;
- Се базира на потребите на индивидуите и на семејствата;
- Има мултидисциплинарен теоретски пристап и мултипрофесионален практичен пристап;
- Има повеќе едукациски отколку терапевтски пристап;
- Застапува и почитува различни семејни вредности;
- Вклучува квалификувани стручњаци кои ги познаваат семејствата стручно (National Council on Family Relations, 2023).

Семејната едукација се однесува на индивидуи и на семејства низ животниот циклус кој се базира на потребите на индивидуите и на семејствата. Таа има мултидисциплинарен теоретски и мултипрофесионален

пристап, има повеќе едукациски отколку терапевтски пристап, ги застапува и почитува различните семејни вредности, вклучува квалификувани стручњаци кои го познаваат семејството од професионален аспект.

Таа ги спречува проблемите на семејствата со коишто се соочуваат и развива семеен потенцијал. Работи на тоа да ги спречи проблемите пред да се случат односно делува наместо да чека да се развијат проблемите заради кои семејствата страдаат.

Семејната едукација има позитивен ефект врз семејниот живот на паровите каде ги спречува кризните ситуации, ги советува паровите како да го спасат бракот, да ја вратат својата блискост и да го развијат повторно потенцијалот на нивната врска (Duncan & Goddard, 2016).

Програмите за семејната едукација за здрав брак и врски имаат за цел да ја поддржат благосостојбата на семејствата преку учење на вештини за подобрување на комуникацијата и управувањето со конфликти, како да ги препознаат карактеристиките на здравите романтични врски и како да ги зајакнат постоечките врски. Програмите може да се спојат со сродни програма за стекнување на други, слични вештини, како што е индивидуализиран развој на работа, родителски програми или инструкции за финансиско планирање, кои имаат за цел да промовираат економска стабилност. За таквите програми да бидат ефективни, од клучно значење е учесниците да присуствуваат редовно.

Семејната едукација во Република Северна Македонија сè уште не е доволно разработена како концепт.

Семејната едукација ги зајакнува членовите на семејството да развијат знаења и вештини кои ја подобруваат благосостојбата и меѓучовечките односи.

Семејната едукација има познавање од повеќе области, како економија, образование, работа, семејни прашања, родителство, сексуалност, пол и многу повеќе во контекст на семејството.

Некои од целите на семејната едукација се и да создаде подобра домашна средина, да ги реши семејните проблеми и да ги разбере уникатните проблеми со кои може да се соочи семејството (Family Life Education Institute, 2023).

Семејната едукација им помага и ги поттикнува самите семејства да функционираат здраво, да ги спречат или минимизираат проблемите. Таа има за цел да им помогне на поединците и паровите да создадат и одржуваат здрави врски. Стимулира развој на практични комуникацис-

ки техники кои им овозможуваат на паровите конструктивно да управуваат со конфликтот во нивните односи. Учесниците во оваа едукација се учат на вештини и принципи за добри односи вклучувајќи ги и оние за забава, пријателство, сензуалност, очекувања, посветеност и простување. Се работи на главните точки и проблеми со кои се соочуваат паровите.

**Сл. 24** Вештини и знаења потребни за функционирање на семејството




Извор: National Council on Family Relations, 2023

Според Ponzetti (2015) постојат неколку програми на семејна едукација кои го подобруваат семејниот живот како:

- **Програмата за образование за превенција и врски** (PREP) е програма за едукација за когнитивно-бихевиорални односи, чија цел е да им помогне на поединците и на паровите да создадат и одржуваат здрави врски. PREP ја постигнува оваа цел со опремување на учесниците со практични комуникациски техники кои им овозможуваат конструктивно да управуваат со конфликтот во нивните односи. Учесниците се учат на вештини и принципи кои им помагаат да создадат и одржуваат задоволувачки и здрави односи. Опфатени се и принципите фундаментални за добри односи, вклучувајќи ги и оние поврзани со забава, пријателство, сензуалност, очекувања, посветеност и простување. Тука се фокусираат на главните проблеми, ја олеснуваат комуникацијата меѓу паровите и делуваат на решавање на проблемите.

- **ФОКУС** (Олеснување на комуникација, разбирање и проучување на отворен пар) е програма дизајнирана да им помогне на паровите кои се подготвуваат за брак. Свршените парови обично го земаат ФОКУС

како дел од нивната подготовка за брак. Дизајниран е да им обезбеди на паровите индивидуализирани повратни информации за нивната врска за да можат да научат повеќе за тоа, вклучувајќи ги и очекувањата што секој од нив ги има еден за друг. Повратните информации имаат за цел да ја олеснат дискусијата во парот, што треба да му помогне на парот да го продлабочи разбирањето на врската.

- **REFOCCUS** е развиена специјално за брачни парови кои сакаат да ги идентификуваат можните силни страни и области на раст во нивната врска и исто така е развиена за парови кои се веќе во брак и сакаат да работат на збогатување на нивната врска.

- **MML** е програма наменета за нови или за наскоро идни родители со цел полесно да се приспособат на родителството и како да се справат со родителството. Се користат вештини за олеснување на паровите кои се нови родители.

Во програмите PREPARE и FOCCUS, обучените семејни едукатори им даваат на паровите прашалник со прашања за брачниот живот и за очекувањата од него, ги прегледуваат индивидуалните одговори на партнерите со парот, помагајќи им да ги идентификуваат областите на согласност и силата на врската, како и областите на несогласување и потенцијални тешкотии. Понекогаш овие сознанија се надополнуваат со понатамошна дискусија и вежби за да му помогнат на парот да развие заеднички, позитивни и реални верувања и очекувања за врската.

Одговорите што партнерите ги даваат на PREPARE и на FOCCUS ги предвидуваат задоволството и стабилноста на врската на паровите во првите неколку години од бракот (Halford, 2001).

## 5.2. Содржински области на семејната едукација

„*The foundation of every state is the education of its youth.*" - Diogenes Laertius

Содржините кои ги опфаќа семејната едукација најдобро се илустрирани во Рамката на семејната едукација усвоена од Националниот совет за семејни односи (NCFR). Овие содржински области вклучуваат теорија, истражување и практика во областа на семејната едукација и се наменети за четири возрасни групи: детство, адолесценција, зрелост и подоцнежна зрелост. Четирите возрасни групи покажуваат дека семејната едукација е релевантна на индивидуите и на семејствата низ целиот животен век.

Фактот што семејната едукација ги вклучува сите старосни групи, е претставен преку зборовите вредност, различни култури, заедници и индивидуи, и правда кои се проткаени низ целата нејзина основа. Исто така семејната едукација се темели на системско размислување (како што се семејните системи и поголемите екосистеми) и овој системски пристап е претставен преку зборовите ,,во контекстот на семејниот систем“ и ,,заемната интеракција помеѓу семејството и екосистемот“ кои, исто така, се проткаени во основата на оваа област.

Како што е наведено од страна на Националниот совет за семејни односи (National Council on Family Relations) семејната едукација опфаќа 10 содржински области.




**Сл. 25** Области на семејната едукација

## Семејствата и поединците во социјалните контексти

Оваа област се однесува на разбирање на семејствата и нивните односи со други институции, како што се образовни, владини, верски, здравствени и професионални институции во општеството.

Семејството е основна клетка на секое општество и на секоја нација. Оттука, неговиот развој и неговата улога е неопходно да се поддржува од различни аспекти, од општествено-политичкиот, правниот, економскиот и слично. Потребно е да се води грижа за една од основните

улоги на семејството, а тоа е градење на социјализаторската улога на семејството која се заснова на принципите на промовирање на семејните вредности, нивно вградување во начинот на однесување и размислување на личноста, принципот на изградба на хумана личност, прифаќање на социјалната улога на личноста и целосно етаблирање на социјалното однесување на личноста, уште во најраните фази на нејзиниот развој (Трајановска, 2016).

Семејната едукација помага при: културните варијации (семејно наследство, општествена класа), запознавање и излегување на партнерите, меѓукултурен и малцински начин на живот (се подразбира живот на малцинските семејства и начинот на живот на семејствата во разни општества низ светот), демографски трендови, работа\рекреација и семејни односи.

Според Семејниот совет за образование за семеен живот (Family Council on Family life Education), сертифицираните семејни едукатори се подготвени да:

- Ги идентификуваат карактеристиките, разновидноста и влијанието на локалните, националните и глобалните општествени системи врз поединците и врз семејствата;
- Ги идентификуваат факторите (на пример, медиуми, маркетинг, технологија, економија, општествени движења, војна, природни катастрофи, животна средина) кои влијаат на поединците и на семејствата од страна на современите и историските перспективи;
- Ги идентификуваат факторите кои влијаат врз односите помеѓу работата, личниот и семејниот живот;
- Ги идентификуваат општествените и културните влијанија кои влијаат на запознавањето, додворувањето, брачниот избор и односи, составот на семејството и семејниот живот;
- Ја препознаат заемната интеракција помеѓу индивидуите, семејствата и разните општествени системи (на пример, работното место, здравјето, правни системи, образовни, религиски/духовни);
- Го проценат влијанието на демографијата (на пример, класа, раса, етничката припадност, религија, генерација, род, сексуална ориентација) врз современите семејства.

### Внатрешна динамика на семејствата

Секое семејство има своја внатрешна динамика. Тоа значи дека има улоги кои некако се поделени, дефинирани. Сите улоги ги учиме уште во раното детство преку интеракција со другите, пред сè, со родителите.

Во оваа област семејната едукација ги разбира силните и слабите страни на семејствата и тоа како членовите се потпираат и влијаат едни на други.

Каква е комуникацијата помеѓу родител и дете, сопруга и сопруг, како се справуваат со нивните конфликти, како ги поставуваат нивните цели, со какви семејни стресови и кризи се справуваат (разводи, смрт, економска состојба).

Сертифицираните семејни едукатори се подготвени да: (National Council on Family Relations, 2020)

- Ги препознаат и дефинираат здравите и нездравите карактеристики кои се однесуваат на:
    - Семејните односи,
    - Семејниот развој,
- Го анализираат семејното функционирање употребувајќи различни теоретски перспективи;
- Ја проценуваат семејната динамика од системска перспектива;
- Ја анализираат семејната динамика како одговор на нормативните и ненормативните стресори;
- Ја анализираат семејната динамика како одговор на стресот, кризите и траумата;
- Ги олеснуваат (упростуваат) и зајакнуваат комуникациските процеси, управувањето со конфликти и вештини за совладување (решавање) на проблемите;
- Ги развијат, препознаат и зајакнат стратегиите кои им помагаат на семејствата ефикасно да функционираат.

### Човечкиот раст и развој во текот на животниот век

Во оваа област имаме разбирање на развојните промени на поединците кои поминуваат низ целиот животен век, од пренатален период, доенче, рано и средно детство, адолесценција, зрелост и стареење. Бази-

рано е врз познавањето на емоционалните, когнитивните, општествените, моралните и личните аспекти низ сите овие фази (Family Life Education Institute, 2023).

Сертифицираните семејни едукатори се подготвени да:

Ги идентификуваат развојните фази, транзиции (премини), елементи и промени низ целиот животен век. Ги препознаат реципрочните (заемни) влијанија:

- Индивидуален развој врз семејствата;
- Семејниот развој врз поединците;
- Го препознаат влијанието на индивидуалното здравје врз семејствата;
- Им помагаат на индивидуите и на семејствата да имаат ефективни (успешни) развојни транзиции (премини од една во друга фаза).

Всушност, овој дел од содржината на семејната едукација ги оспособува кадрите да употребат соодветни практики базирани на теориите за човековиот раст и развој на индивидуите и на семејствата. Да го препознаат социоеколошкото влијание врз човековиот развој низ целиот животен век (на пример, сексуално/родовиот идентитет, траума итн.) (Family Council on Family life education, 2015).

### Човековата сексуалност низ текот на животниот век

Тука имаме разбирање на физиолошките, психолошките и социјалните аспекти на сексуалниот развој низ целиот животен век, за да се постигне здраво сексуално приспособување.

Тука спаѓаат семејно планирање, сексуално однесување, сексуални вредности и донесување на одлуки, влијание на сексуалното вклучување врз интерперсоналните односи, како и емоционални и психолошки аспекти на сексуалното вклучување.

Сертифицираните семејни едукатори се подготвени да:

- Ги препознаат биолошките аспекти на човечката сексуалност (на пример, сексуалното функционирање, репродуктивното здравје, семејното планирање, сексуално преносливите инфекции);
- Ги препознаат психосоцијалните аспекти на човечката сексуалност;

- Ги препознаат карактеристики на здрави и нездрави сексуални односи;
- Ја препознаат интерперсонална динамика на сексуалната интимност;
- Ги препознаат ризик-факторите (на пример, злоупотреба на супстанции, социјални притисоци, медиуми);
- Ја означуваат човековата сексуалност од вредносни позиции (Family Council on Family life education, 2015).

**Меѓуперсонални односи**

Ова е уште една област на семејната едукација која го опфаќа начинот на комуникација и односите помеѓу членовите на семејството и ги обучува семејните едукатори да бидат подготвени да:

- Го препознаваат влијанието на личноста и стиловите на комуникацијата;
- Ги препознаат развојните фази на односите;
- Ги анализираат интерперсоналните (меѓучовечките) односи користејќи разни теоретски перспективи;
- Ги развијат и имплементираат стратегиите за подобрување и збогатување на односите;
- Ја развијат и имплементираат ефективната комуникација, решавањето на проблемот и стратегиите за управување со бесот и со конфликтите;
- Го препознаат влијанието на насилството и принудата во интерперсоналните (меѓучовечките) односи,
- Го препознаат влијанието на нездравите стратегии за справување (на пример, употреба на супстанции, нарушен начин на исхрана, избегнување) кај интерперсоналните (меѓучовечките) односи.

Семејната едукација помага во оваа област бидејќи таа работи на подобрување на комуникациските вештини (како емпатија, слушање, решавање проблеми итн.).

## Управување со семејни ресурси

Секое семејство мора да стекне знаења за начинот и формите на организирање и управување со семејните ресурси и финансии, обезбедување на семејните ресурси и финансии, рационално користење, планирање на ресурсите и финансиите во семејството, семеен буџет, проблеми во управувањето со семејните финансии (Пејковски, 2017).

Семејната едукација во оваа област има разбирање на одлуките што индивидуите и семејствата ги носат во однос на развојот и распределбата на ресурсите вклучувајќи и време, пари, материјални средства, енергија, пријатели, соседи и простор, за да ги остварат своите цели, исто така ги советува како да развијат стратегии за управување со буџетот и финансиите и како да ги надминат проблемите околу тоа.

Семејната едукација ги подготвува сертифицираните семејни едукатори да:

- Ја препознаат разновидноста на ресурсите што им се потребни на семејствата, стекнување и управување (на пример, лични, семејни, професионални, ресурси на заедницата, еколошки);
- Го препознаат и упростат (олеснат) заемниот однос помеѓу индивидуалните/семејните/во заедницата избори и ресурси;
- Ги применат и упростат (олеснат) процесите на ефективно донесување на одлуките (на пример, проценка на индивидуалните и семејните потреби, идентификација и евалуација на опциите и ресурсите, спроведување на одлуката, евалуација на резултатите);
- Го разберат влијанието на вредностите и целите во процесот на донесувањето на одлуки;
- Ги применуваат организационите стратегии и стратегиите за управување со времето;
- -Ги применуваат основните алатки и принципи за финансиско управување;
- Ги информираат поединците и семејствата за правата на потрошувачите, одговорностите и изборот на акција/застапување (National Council on Family Relations, 2015).

## Родителска едукација и раководење

Образованието за семеен живот е дефинирано од Националниот совет за семејни односи како „образовен напор за зајакнување на индивидуалниот и семејниот живот преку семејна перспектива. Семејното образование е првото образование кое детето го добива, тоа е основно и затоа е најмоќно. Секое следно образование се гради на домашната култура. Образованието во семејството е природен процес, кој произлегува од целокупниот начин на живот во семејството, меѓусебните односи, довербата и љубовта меѓу неговите членови. Образованието во семејството започнува со доаѓањето на детето на свет, што значи порано отколку во другите институции. Бидејќи семејната заедница се заснова на крвни врски, таа зрачи со емоционална топлина и љубов. Семејното образование се заснова на блискост и топлина меѓу членовите на семејството (хармонично семејство) и во него нема никакви формалности, детето може слободно да ги изразува своите желби и интереси бидејќи семејните односи не се хиерархиски, нема строг план и систематичност во воспитно-образовните активности (The Administration for Children and Families, 2022). Напротив, врз децата се влијае спонтано, како што тоа го бараат или им овозможуваат специфичните семејни ситуации. Во оваа област се добива разбирање за тоа како родителите ги учат, водат и влијаат врз децата и адолесцентите, како и на менувањето на природата, динамиката и потребите на односот родител - дете низ целиот животен век. На оние семејства кои имаат проблеми во процесот на воспитувањето, односот родител - дете, проблемите околу родителските улоги, семејната едукација им овозможува советување и помош како да ги решат тие проблеми. Стручните работници кои работат во оваа област треба да имаат вештини да:

- Промовираат здраво родителство од системска перспектива и перспектива од страна на животниот век;
- Промовираат здраво родителство од детска и родителска развојна перспектива;
- Применуваат стратегии врз основа на возраста на детето/степенот на развој за да се промовираат ефективни развојни резултати;
- Ги идентификуваат различните стилови на родителство и нивните поврзани психолошки, социјални последици и последици од однесувањето;

- Анализираат разни видови на програми за родителство, модели и принципи;
- Ја проценат ефикасноста и соодветноста на различните стратегии на родителството;
- Ги препознаат разните родителски улоги (на пример, татко/мајка, баби и дедовци и други старатели) и нивното влијание и придонес кон поединците и семејствата;
- Ги препознаат проблемите на родителството во рамките на разните семејни структури (на пример, самечки, мешани, истополови);
- Го препознаат влијанието на општествените трендови врз родителството (на пример, технологијата, употребата на супстанции, медиумите);
- Го препознаат влијанието на културните разлики и разновидност;
- Ги идентификуваат стратегиите за поддршка на децата во различни околности (на пример, училишта, правен систем, здравствена заштита);
- Ги препознаат различните патеки на родителството и нивните поврзани прашања и предизвици (на пример, потпомогната репродукција, посвојување, породување, мешање) (National Councel on Family Relations, 2023).

### Семејното право и јавната политика

Семејната едукација опфаќа содржини за правните прашања, политики и закони кои влијаат на благосостојбата на семејствата. Како на пример законски регулативи поврзани со бракот, разводот, семејната поддршка, старателство врз детето, заштита на детето и неговите права и семејно планирање. Понатаму закони и законски акти за семејството и социјалните услуги, семејството и образованието, семејството и економијата, семејството и религијата, политиката и семејството (јавна политика која влијае врз семејството, вклучувајќи даночни, граѓански права, социјално осигурување, закони за економска поддршка и прописи) итн. Оваа област ги оспособува идните семејни едукатори да:

- Ги разберат политичките процеси (на пример, формирање на политики, спроведување на политики, евалуација на политиката);

- Ги идентификуваат сегашните закони, јавни политики и иницијативи кои го регулираат и влијаат на професионалното однесување и услуги;
- Ги идентификуваат сегашните закони, јавни политики и иницијативи кои влијаат на семејствата;
- Разликуваат лобирање, евалуација на политиката, анализа, образование и застапување;
- Ги анализираат ресурсите на политиката за доказ за пристрасност (на пример, ненамерно, својствено, политичко, личен интерес);
- Ги информираат семејствата, заедниците и креаторите на политиките за јавните политики, иницијативи и законодавство кои влијаат врз семејствата на локално, државно и национално ниво (National Councel on Family Relations, 2023).

### Професионална етика и практика

Семејната едукација има разбирање за карактерот и квалитетот на човековото општествено однесување и способноста за критичко проучување на етичките прашања и проблеми:

- Како формирање на социјални ставови и вредности;
- Препознавање и почитување на разновидноста на вредности и на комплексноста на изборот на вредности во плуралистичко општество;
- Систематско и објективно испитување на вредносните системи и идеологии;
- Социјални последици од изборот на вредности;
- Препознавање на етичките импликации на социјалните и на технолошките промени;
- Етика на професионална практика итн.

Оваа област овозможува квалификации како:

- Професионални ставови, вредности, однесувања и одговорности кон клиентите, колегите и кон пошироката заедница, кои се одраз на етичките стандарди и практики;
- Разбирање на домените и обемот на практиката за семејните едукатори и улогата на соработка;

- Воспоставување и одржување соодветни лични и професионални граници;
- Личен етички план за поддршка/одраз на стандардите на професијата;
- Способност да се оценат, диференцираат и применат различни пристапи кон етичките проблеми, прашања и дилеми и да се идентификуваат и применат соодветни стратегии за справување со конфликтните вредности;
- Почит кон различните културни вредности.

## Методологија на семејната едукација

Семејната едукација има разбирање на општата филозофија и на широките принципи на семејната едукација во врска со способноста да се планираат, имплементираат и оценуваат вакви едукативни програми:

- Како планирање и спроведување;
- Евалуација (материјали, напредок на студентите и ефективност на програмите);
- Образовни техники;
- Чувствителност кон другите (за да се подобри образовната ефикасност);
- Чувствителност кон интересите и вредностите на заедницата (разбирање на процесите на односи со јавноста).

Оттаму, семејните едукатори се подготвени да:

- Употребуваат разновидни стратегии за да ги идентификуваат и да ги задоволат потребите на различните слушатели;
- Употребат техники и технологии за промовирање на примена на информации во околината на ученикот;
- Креираат средина за учење каде ќе се почитува индивидуалната чувствителност (ранливост), потреби и стилови на учење;
- Покажат (демонстрираат) групни процеси и вештини за упростување;
- Покажат чувствителност кон разновидните потреби, грижи и интереси на заедницата;
- Развијат културно-компетентни едукативни материјали и искуства за учење;

- Идентификуваат соодветни извори на информации базирани на докази;
- Спроведат програми базирани на докази;
- Дизајн на едукативни искуства;
- Проценка на потребите и целите;
- Содржински развој;
- Имплементација;
- Евалуација/мерки на исходот;
- Промоција на образовни програми;
- Имплементираат (спроведат) принципи за образование на возрасни во работата со поединци, родители и семејства (National Councel on Family Relations, 2023).

## 5.3 Развојните периоди во семејството и семејната едукација

„*The family is a dynamic entity, evolving over time. Each developmental stage presents unique opportunities for education and growth.*" - Erik Erikson

Семејната едукација ги зема предвид времето и животните околности затоа што секој дел од животниот циклус има различни специфики и потреби. На пример, вештините за решавање на општите проблеми се важни, но младите двојки кои уживаат во новиот брак можеби нема да почувствуваат дека некогаш ќе се соочат со тешки разлики. Оттука, исто толку важно како и вештините за решавање на проблеми може да бидат и вниманието на времето/периодите за одредени проблеми и прашања, пред сè, на проценката на ризикот и заштитните фактори на врската и разбирањето на основните должности што им ги наметнуваат различни семејни периоди.

Слично на новите брачни двојки, двојките кои се соочуваат со транзицијата кон родителство, се соочуваат со конкретни предизвици, па тука доаѓа до израз потребата од содржини за овој животен период. Паровите кои започнуваат со втор брак, со одговорности за децата од претходниот брак, носат специфични проблеми и предизвици, исто така. Со други зборови, експлицитното внимание кон времето и околностите ја модифицира содржината на семејната едукација. Што повеќе образованите програми и понуди се приспособени до временските и животните околности, поголема е можноста тие да им одговорат на различни семејства.

### Период на адолесценција

Развојно, адолесцентите почнуваат да размислуваат апстрактно за нивната лична иднина. Тие градат свои сопствени идентитети, исполнети со надеж, соништа и стравови. Тие се мошне настроени кон светот на возрасни. Следствено на тоа, ова е период кога почнува да се размислува за создавање врски, брак и оформување семејство. Вештините за здрави врски се главен елемент на овие програми, но се опфаќаат и содржини како основни познавања за бракот, митови, конструктивни ставови за бракот и разводот итн. Адолесцентите денеска растат под влијание на телевизијата и на медиумите кои испраќаат лажни и збунувачки пораки во однос на бракот и здравите интимни односи. Под овие околности, разумно е да се претпостави дека на адолесцентите им недостасува солидно разбирање за тоа што значи бракот, како се градат стабилни и здрави бракови, како општеството има бенефит од бракот и како се одржува. Освен тоа, наставните програми не треба да ги избегнуваат важните прашања на адолесцентите, како што се раното сексуално искуство. Семејната едукација за адолесценти треба да се одвива и во други места и услови, освен во средното училиште. Ефективното семејно образование за адолесцентите може да биде гаранција дека тие ќе направат помалку лоши избори подоцна во животот.

### Рана зрелост

Раниот возрасен период на животниот циклус се појавува како едно од најкритичните времиња за семејно образование, бидејќи во последната третина од 20 век имавме значително издолжување на времето меѓу адолесценцијата и времето кога повеќето поединци сакаат да стапат во брак. Младата зрелост не е период на когнитивност и латентност во однесувањето за бракот и семејната едукација не треба да се одложува сè додека луѓето не размислуваат сериозно за брак со одредена личност. Семејната едукација во овој период треба да вклучува теми како сексуална вклученост, врски, кохабитација, насилство итн. Колеџите и универзитетите треба да бидат главен амбиент за пополнување на образовниот јаз околу овие теми.

Друга образовна можност за време на младиот возрасен период е помагањето на децата при развод, да развијат подобри ментални модели за здрави бракови и поголема доверба дека можат да успеат. Истражувањата покажуваат дека младите возрасни се помалку уверени од претходните генерации за нивните шанси за брачен успех и тоа е уште поголема

причина зошто семејната едукација треба да биде застапена во нивното образование.

### Предбрачен и брачен период

Овој период од животниот циклус е најпогоден за превентивна интервенција, каде двојките се фокусирани на задачата да градат силна основа за нивниот брак. Предбрачната и брачната едукација се важен составен дел од семејната едукација и во овој период се многу важни. Некои програми вклучуваат три таканаречени чекори: ФОКУС, ПОДГОТОВКА, ОДНЕСУВАЊЕ, кои би послужиле да им помогнат на паровите да ги идентификуваат предностите и предизвиците во нивните врски и да поттикнат намерни напори за решавање идентификувани предизвици.

Формалното предбрачно образование може да служи за спречување некои бракови да се случат бидејќи се воочиле сериозни недостатоци во нивните врски. Некои организации назначуваат менторски обучен пар на младите брачни парови, да им биде персонализиран систем на поддршка за време на првите неколку стресни години од бракот. Брачната едукација повеќе е фокусирана на периодот по склучување на бракот и опфаќа различни прашања и совети за функционален брак.

### Ран родителски период

Семејната едукација посветува големо внимание во семејниот животен циклус на предизвиците поврзани со транзицијата кон родителство, во кој преминувањето од партнери во родители има можност да предизвика криза во семејствата. Според истражувањата, денешните брачни парови кои треба да станат родители чувствуваат повеќе пад во нивните односи, во споредба со генерацијата на нивните родители.

Дури и кога не станува збор за семејна криза, транзицијата кон родителство е стресен период за брачните односи за повеќето парови, особено за двојките чии односи биле несигурни пред да стигнат децата. Едноставната свест за замките на родителството може да го намали негативното влијание на брачното задоволство при транзицијата кон родителство. Ова е исто така, период во кој се зголемуваат прашањата околу родовите улоги, семејните одговорности и домашната работа.

Непланираната бременост се покажала како индикатор за брачни проблеми. За многу брачни другари кога преминот кон родителство е неочекуван, еден од партнерите е неподготвен да го преземе тој чекор. Тоа води до незадоволство и дисфункционалност на бракот и родителството.

Семејната едукација во овој период треба да врши корективна работа и поддршка за донесување одлуки, обнова на чувството на партнерство и обнова на моделот на тимска работа меѓу партнерите. Во однос на бременоста која настанала по природен пат, со ин витро оплодување, сурогат мајка или станување родител по пат на посвојување, важно е да се напомене дека секој од овие случаи си има свои специфични потреби и предизвици. Неплодноста и проблемите со зачнување се друг предизвик за кој треба да се зборува во овој период. Според некои социолози, семејното образование за премин кон родителство би можело да биде интегрирано во часовите за породување за кое партнерите се поотворени да го следат.

Многу заедници имаат развиено програми за нови родители, домашни посети и курсеви пред породување сè со цел да ги учат новите родители. Содржините опфаќаат едукација за бременост и раѓање, грижа и развој на новороденчињата, информации за ресурсите на заедницата што ги поддржуваат нивните напори за родителство.

**Средни родителски години**

Овој период на семеен живот е познат по посветеност на децата и оддалечување на партнерите, кога повеќе деца и повеќе обврски значат помалку брачно време. Дневното инвестирање во брачното време се намалува со хиперпланирање на распоредот на децата, работните барања и физичката исцрпност на крајот од денот.

Семејната едукација во овој период посебно се занимава со изнаоѓање креативни начини како да се приоретизира брачното време, кои би им биле корисни на паровите во средните родителски години, бидејќи тие имаат малку време да се приспособат на образовните потреби. Како опција во Америка се воведува соседска средба, т.н. „состанок во петок навечер“ - активности за парови. Познатиот семеен едукатор, Бил Доерти, инструментално се залагал за национален ден на „земи го назад своето време“ - време што им недостасува на многу семејства, поединци да се спротивставаат на современите притисоци од бракот и од семејството.

**Доцни и пострoдителски години**

Брачниот квалитет се намалува со времетраењето на бракот и како што децата растат низ адолесценцијата и младата зрелост, привремената криза во среднородителските години се продлабочува. Одгледувањето на децата може да биде погубно за паровите, особено ако родител-

ството станало примарна врска меѓу брачните другари. Живеењето подолг и поздрав живот значи дека луѓето денеска би можеле да имаат повеќе постродителски години како двојка отколку што имале како активна двојка. Затоа е важно да имаат среќен и исполнет брак. Семејната едукација во овој период е важна, меѓутоа доколку не била присутна во животот на семејствата претходно, веројатно двојките би имале поголема потреба од семејна и брачна терапија. Предност во овој период е што средовечните двојки имаат повеќе време и ресурси да инвестираат во нивните бракови.

## 5.4 Родителско образование за зајакнување на семејствата

*„The well-being of our families is a reflection of our society's health. Parenting education is an investment in both the present and the future.“* - Dalai Lama

Родителското образование може да промовира благосостојба и да ги зајакне семејствата и заедниците во спречувањето злоупотреба на децата и нивно занемарување.

Родителското образование може да се дефинира како која било обука, програма или друга интервенција што им помага на родителите да стекнат вештини да го подобрат нивното родителство како и комуникацијата со нивните деца, со цел да се намали ризикот од злоупотреба на децата или да се намали детското лошо однесување. Родителското образование може да се одвива поединечно или во група, во домот, училница или во друго опкружување. Тоа може да биде лице во лице или онлајн, и тоа може да вклучува директна настава, дискусија, видеа, моделирање итн.

Успешните програми за родителско образование им помагаат на родителите да стекнат вештини за решавање проблеми како би изградиле здраво семејство. Истражувањата покажуваат дека ефикасната родителска обука и интервенциите во семејството можат да ги променат ставовите на родителите и нивното однесување, да промовираат заштитни фактори, и да доведат до позитивни резултати и за двете страни, и за родителите и за децата. Заштитните фактори вклучуваат негување и приврзаност, познавање на родителството и развојот на децата и младите, родителски компетенции, родителска еластичност, социјална врска, поддршка за родителите, социјална и емоционална компетентност на децата, вклучување во позитивни активности и други индивидуални вештини, како што се саморегулација, решавање проблеми и релациони вештини (Cline, & Fay 2006).

**Клучни карактеристики на програмите за родителство**

Следните карактеристики се покажале како силни предикатори за ефикасноста на програмата:

-**Фокус базиран на сила -** Многуте истражувања го поддржуваат акцентот на семејните интервенции и едукативните програми кои се фокусирани на семејната сила и еластичност, наместо на семејните слабости и проблеми. Овој пристап ги зајакнува постоечките заштитни фактори кои ја спречуваат појавата на злоупотреба и занемарување на деца.

-**Практика со фокус во семејство -** Семејните програми за обука на родителите се фокусираат на семејни вештини на обука како и на семејни активности за да им се помогне на децата и на родителите ефективно и ефикасно да комуницираат. Овие програми ги почитуваат традициите и вредностите на семејството и ги изразуваат родителските стилови на учење, нивните параметри и културни верувања.

-**Индивидуални и групни пристапи -** Различноста на факторите, вклучувајќи ги трошоците, персоналот и целите на програмата, може да одреди дали родителската едукација се постигнува со програма во семејството или со работа во група. Индивидуалните програми се покажале како повеќе ефективни од групните програми кај родители со висок ризик на злоупотреба и занемарување на деца. Сепак доказите сугерираат дека комбинацијата на индивидуални и групни програми се чини како најефективен пристап за менување на родителските ставови за детското воспитување (на пр. употреба на телесно казнување, верувања во врска со одговорностите на децата.)

-**Квалификуван кадар -** Успехот на програмата во голема мера зависи од квалификуваниот кадар. Кадарот треба да има практична работа во училницата или во работата со семејства како и со групите со различни потреби. Кадарот исто така треба да биде способен да обезбеди културна компетентност како и услуги во согласност со вредностите на семејството и на заедницата.

-**Насочени групни услуги -** Учењето е подобро кога учесниците вклучуваат јасно дефинирана група на луѓе со заеднички потреби или постои идентификување на потребите. Идентификувањето на специфичните потреби, традицијата како и потеклото на учесниците е клучно за развој и спроведување на ефективна програма која користи материјали кои се совпаѓаат со семејствата кои се услужуваат.

-**Еколошки пристап -** Програмите кои ги земаат предвид повеќекратните фактори кои влијаат на семејството, како што се заедницата,

училиштето, семејството, работата и финансиите - се покажале како најефикасни. Овој пристап е поврзан со таргетирање на фокус-групата за најдобро да ги задоволи потребите на семејството.

**-Родителско партнерство -** Истражувањата за поголемите групи базирани на родителска едукација ја покажуваат ефикасноста од родителското партнерство како и споделувањето на лидерството за нега на заштитните фактори. Во таквите програми родителските лидери се активни во родителското партнерство, во моделирањето на односите и однесувањата, создавајќи можности да ги идентификуваат и употребат заштитните фактори во нивните семејства.

**- Јасни програмски цели и континуирана евалуација -** Успешните програми ги одржуваат индивидуалните и групните планови, развиени во партнерство со учесниците. Напредокот кон целите на програмата е рутински и ефикасно е оценет со бројни анализи кои користат квантитативни и квалитативни истражувачки методи во согласност со понудените услуги. Покрај тоа, овие програми имаат ефективен процес за собирање повратни информации од клиентите, а користењето на овие информации овозможува континуирано подобрување на квалитетот (Schramm, 2014).

## 5.5 Стратегии за обука на родители

*„Parenting is a journey of patience, understanding, and growth. Education can provide parents with the wisdom to build strong and resilient families.*“ - Maya Angelou

Овие стратегии ги зајакнуваат заштитните фактори и соодветно можат да се адаптираат, за да се вклопат во програмата и потребите на родителите.

**- Промовирање на позитивна семејна интеракција -** Промовирањето на веќе постоечката позитивна родителско-детска интеракција, како и зајакнувањето на истата, а притоа намалување на родителските команди и директиви - се покажало како клучна компонента во успешните образовни програми за родителите.

**- Вклучување на татковците -** Истражувањата покажале дека вклучувањето на таткото во родителската обука води до подобри резултати како и до промоција на семејна соработка и кохезија. Исклученоста на таткото во ваквата обука ја намалува веројатноста за успех на истата.

**- Користење на интерактивни техники за обука -** Истражувањата постојано покажуваат дека активните пристапи за учење имаат поголем успех за разлика од пасивните пристапи за учење. Интерактивните техники вклучуваат активности како што се: групна дискусија, играње на улоги, активно моделирање, вежби за домашна работа како и преглед на видеата за ефективните пристапи за родителството. Најмалку една студија покажува дека интерактивната техника може да биде ефективен начин да им се обезбеди родителско образование на родителите со интелектуална попреченост.

**- Обезбедување можности за практикување нови вештини -** Обезбедувањето на време за родителите да вежбаат нови вештини заедно со своите деца за време на обуката за родителското образование се поврзува со зголемени шанси за ефикасноста од програмата. Специфичните вештини поврзани со ефектите од родителското и детското однесување, вклучуваат емоционални комуникативни вештини, употреба на тајмаут како и конзистенција на родителството. Овие се сметаат како повеќе ефективни за разлика од другите стратегии, како што е учењето на вештини за решавање на проблеми, како и промовирањето на академски, когнитивни и социјални вештини.

**- Учење на емоционални комуникациски вештини -** Програмите кои ги учат родителите на начини за градење на комуникациски вештини, како што се активното слушање како и самопрепознавањето на децата за нивните чувства и емоции, се сметаат за доста успешни. Емоционалните комуникациски вештини можат да ги подобрат моделите на семејната комуникација со намалување на негативни коментари и со допуштање на децата да се почувствуваат дека и тие се вклучени во комуникацискиот процес.

**- Поттикнување на поддршка од роднините -** Програмите кои нудат можности за поддршка од роднинските врсници имаат позитивно влијание врз детските когнитивни резултати. И поддршката меѓу врсниците исто така се зајакнува со семејни обврзници и им дава можност на родителите да ги споделат своите искуства со конструктивни поставувања (Roggman & Innocenti 2008).




**Сл. 26** Стратегии за обука на родители

## 5.6 Семејната едукација и професијата семеен едукатор

*„Family education is not confined to childhood; it extends throughout the various stages of life, fostering personal development at every turn.“* - Albert Einstein

Семејниот едукатор ги вложува образовните напори за зајакнување и збогатување на индивидуалниот и семејниот живот преку превентивна, семејна перспектива. Семејниот едукатор ги донесува семејните истражувања и најдобрите практики за поединци, парови, семејства и родители преку образовен пристап, со цел да изгради предности и да спречи проблеми (Family Life Education Content Areas, 2020).

Семејниот едукатор ги нагласува процесите за да им овозможи на луѓето да се развијат во здрави возрасни лица и да го реализираат својот потенцијал. Семејниот едукатор може да им помогне на луѓето да работат заедно во блиски односи и ја олеснува способноста на луѓето ефикас-

но да функционираат во нивниот личен живот и како членови на општеството. Сите семејства може да имаат корист од образованието и од збогатените програми, не само оние семејства кои се соочуваат со тешкотии. Додека разни професионалци им помагаат на семејствата, тој е воспитач за семејниот живот кој вклучува семеен систем, превентивен и образовен пристап кон индивидуалните и семејните прашања (Cassidy & Vang, 2023).

Семејниот едукатор вклучува знаење за динамиката на семејството и комуникацијата, меѓусебниот однос на семејството и општеството, човечкиот раст и развој низ целиот животен век; физиолошки и психолошки аспекти на човековата сексуалност, влијанието на управувањето со парите и времето на секојдневниот живот, важноста и вредноста на образованието за родителство; ефектите од политиката и законодавството врз семејствата, етички размислувања во професионалното однесувања; солидно разбирање и знаење за наставата и за развојот на наставната програма за она што често се чувствителни и лични прашања (Cassidy & Vang, 2023).

Семејните едукатори користат многу методи и поставки за да обезбедат обука за луѓето кои сакаат да бидат поефективни членови на семејството. Некои примери за тоа како семејните едукатори работат на зајакнување на семејствата се (Радуловиќ, 2019):

- Образование за родители и посредување за разведени двојки и директни престапници;
- Промовирање на политики за семејно работно место и свест на заедницата за важноста на силни бракови и семејства;
- Развој на програми за промовирање на обуки за родителството, за паровите и зајакнување на семејните врски;
- Негување на развојот на програми за зајакнување на семејството засновани на истражувања во училиштата, агенциите, бизнисите и верските заедници;
- Семејствата се соочуваат со големи предизвици. Стресот доаѓа од многу правци и им наметнува големи оптоварувања на семејствата;
- Од 1985 година, Националниот совет за семејни односи (NCFR) ја спонзорирал единствената национална програма за сертифицирање на едукатори за семеен живот;
- За да бидете сертифициран едукатор за семеен живот мора да имате најмалку диплома од областа на образованието и/или семејната наука;

- Полагање за национален сертификат што ги опфаќа десетте области.
- 100 кредити за продолжување на образованието во одобрено програмирање и во најмалку две области од содржината на секои 5 години.

Вештини кои треба да ги поседува семејниот едукатор се (What Is Family Life Education, n.d.):

- *Аналитичко размислување:* Да имаат способност за собирање и анализа на информации, решавање проблеми, како и подобрување на севкупната продуктивност во работата;
- *Комуникација:* Способност да слушаат, да ја разберат невербалната комуникација, да бидат јасни и да имаат доверба во интеракциите;
- *Сочувство:* Да имаат сочувствителна свест за туѓата неволја и способност да ја ублажат;
- *Донесување одлуки*: Да бидат во можност да ги идентификуваат сите опции, да ги споредат и да одлучат која е најдобрата опција;
- *Меѓучовечки односи:* Да имаат добри комуникациски вештини, да имаат топла и јасна комуникација;
- *Слушање:* Да можат целосно да го разберат она што другите го кажуваат, да се следи говорот на телото и да се парафразира она што е кажано, за возврат да се градат посилни односи. Целта на едукацијата за семеен живот е да ги поучува и поттикнува овие знаења и вештини за да им овозможи на поединците и на семејствата да функционираат пооптимално.

**Семејните едукатори може да се вработат во** (Where are family life educator employed, 2015):

- Владините институции кои во својата работа на кој било начин го препознаваат и го вклучуваат семејството и креираат политики, стратегии, оперативни планови и други релевантни документи;
- Образовни институции кои вршат различни степени на едукација;
- Агенции и организации кои работат со деца и со адолесценти, вклучувајќи и центри за социјална работа;

- Истражувачки центри од областа на семејството и семејните односи;
- Младински центри чии програми се однесуваат на проблемите како малолетничка бременост, злоупотреба на дрога и други психотропни супстанции и сл.
- Предбрачни и брачни советувалишта;
- Центри за планирање на семејството;
- Здравствени институции (јавни и приватни);
- Центри за истражувања на развојот на семејството и семејните односи;
- Невладини организации во чиј фокус на интерес се децата и заштита на нивните права;
- Домови за деца без родители и за штитеници;
- Домови за стари лица;
- Матична служба.

**Работните места на семејниот едукатор може да бидат:** (Where are family life educator employed, 2015):

- Семеен едукатор во градинки, основни и средни училишта;
- Стручен соработник по семејни односи во владини институции;
- Стручен соработник по семејни односи во агенциите и институциите;
- Стручен соработник по семејни односи во младински центри;
- Семејнолог во истражувачки центри од областа на семејството и семејните односи и други центри кои во својата работа на кој било начин го препознаваат и го вклучуваат семејството и креираат политики, стратегии, оперативни планови и други релевантни документи;
- Стручен соработник во предбрачните и во брачните советувалишта;
- Стручен соработник за млади;
- Стручен соработник во центрите за планирање семејство;
- Стручен соработник во младински центри;
- Стручен соработник во домовите за грижа на стари лица;

## 5.7 Ефекти од семејната едукација

„*The impact of family education is profound; it has the power to change lives and transform societies.*“ - Malala Yousafzai

Неколку студии, особено Проектот за поддршка на здрав брак финансиран од американското Министерство за здравство и човечки услуги, Администрацијата за деца и семејства, метаанализата од Хокинс и Оомс и Петгодишниот извештај за влијанието на Пелусо, Ајзенберг и Шиндлер откриваат дека семејната едукација е ефективна и влијае позитивно на паровите и на брачниот живот (Blachard, at all., 2009).

Од 1975 години повеќе од 100 објавени и необјавени студии го оценуваат ефектот на семејната едукација за брак и врски врз комуникацијата на паровите. Претходните метааналитички студии дадоа докази дека семејната едукација е генерално ефикасна во подобрувањето на односите меѓу паровите. На пример, најновата и сеопфатна метаанализа за семејна едукација покажа дека семејната едукација има значајни позитивни ефекти врз комуникациските вештини на учесниците и врз квалитетот на врската при непосредна постпроценка и следење (Ponzetti, 2016).

Докажано е дека семејната едукација ја подобрува комуникацијата и комуникациските вештини кај паровите (Halford & Bodenmann, 2013). Камингс, Ферклот, Мичел, Камингс и Шермерхорн во 2008 година истражувале дали семејната едукација има позитивен исход врз комуникацијата на паровите кои се соочуваат со предизвици, расправии и потврдиле дека семејната едукација влијаела позитивно на подобрување на нивната комуникација. Една од главните цели на семејната едукација е да ја подобри комуникацијата на паровите кои се во ризик и кои се соочуваат со тешкотии, да ги подобрат нивните комуникациски вештини, да го развијат потенцијалот на врската меѓу нив. Истражувањето покажало позитивни ефекти од семејната едукација. Паровите потврдиле подобрување на комуникацијата и на врската за 40 до 50 % по едукацијата за краток временски период.

Според Alexandra Solomon, (2014) професор на Northwestern University’s Family Institute, (која брачната едукација ја вклучува како посебен курикулум за студентите) студентите кои посетувале брачна едукација сами заклучуваат дека идејата за совршен брак како љубов на прв поглед е само мит, дека бракот бара многу работа, но ако се вложиш, вреди многу. Така нивните нереални очекувања за бракот се заменети со практични предзнаења кои им помагаат поподготвени да стапат во брак. Како да поминале некој вид предбрачна обука.

Позитивните ефекти на брачната едукација ги потврдуваат и податоците на „Брачната едукациска програма“, која како услужна организација спроведува курсеви по брачна едукација уште од 1980 година, според кои речиси 79 % од младите кои посетувале некаков курс за брачна едукација, во бракот покажуваат подобри перформанси во однос на тие што не посетувале брачна едукација (Committee, 2022).

Некои автори сметаат дека семејната едукација за да биде ефикасна зависи од три карактеристики на паровите:

**1. Лични карактеристики:**
- ниво на формално образование;
- социоекономска заднина;
- особини на личноста;
- психолошки нарушувања;
- искуства од семејството на потекло;
- историја на односи меѓу парот и поединецот; и
- лични проблеми (на пр. проблем со пиење или злоупотреба на супстанции, депресија и големи психијатриски нарушувања).

**2. Ризици во врската:**
- одржување на заеднички и реални очекувања од врската;
- работи на одржување и зајакнување на врската (т.е. саморегулација на врската); и
- како размислуваат партнерите за нивната врска (или за нивната „врска во пар“).

**3. Надворешни контексти (или животни настани):**
- премин кон родителство; и
- губење на работа или зголемен стрес на работа (Blachard, at all., 2009).

Од истражувањата можеме да согледаме дека семејната едукација е доста позитивна кај многу парови бидејќи таа помага и ги советува паровите пред да стапат во брак преку програмите каде ги подготвува свршените парови за брак, ги советува за нивниот иден живот. Исто така им помага на паровите кои се во брак и се соочуваат со кризи, ги советува да ја подобрат нивната комуникација да го развие потенцијалот на врската и им помага да го подобрат семејниот живот.

## 5.8 Семејната едукација во светот

*„Family education shapes not only individuals but also the destiny of nations.“* - Frederick Douglass

Во последниве неколку децении, семејната едукација е распространета во Соединетите Американски Држави, Канада и Австралија и во некои европски земји. Може да се сретне како дел од формалното образование, во облик на предмет за средно образование или како посебен курикулум на некои студии, како задолжителен курс пред стапување во брак или како дел од религиско образование кое се одржува во рамките на религиските организации.

Во Австралија повеќе од една третина од паровите одат на семејна едукација за предбрачни односи пред да стапат во брак (Australian Institute of Family Studies, 2016).

Таму најчесто програмите за семејна едукација се нудат преку верски организации, но семејната едукација е достапна во повеќе програми за верени парови и за парови кои се во брак.

Државата нуди програми кои се дел од семејната едукација како (Relationship counselling: Counselling-SA):

Програми за развод, програми за бракови кои се во кризи, програми за родителство и многу други. Овие програми кои се вклучени како „Семејна едукација“ вклучуваат:

- *програми за збогатување и подобрување на двојката*: обично интервенции за промоција на брачното здравје насочени кон помагање на паровите да го зголемат нивото на брачно задоволство;
- *програми за комуникација*: дизајнирани да ги научат паровите на ефективни комуникациски вештини; и
- *програми за превенција*: кои се поделени во две групи:
    - универзални превентивни програми: за сите парови, обично почнувајќи кога паровите се млади и среќни, со цел да ги одржуваат паровите среќни;
    - програми за селективна интервенција: за парови во ризик за неволја или развод.

Програмите на семејна едукација за брак и односи во Австралија обично се нудат на парови во групна средина, но има и достапни книги за самопомош и ДВД-а, на интернет има многу содржини и материјали за

семејна едукација каде паровите можат сами онлајн да посетуваат достапни програми или курсеви. Во последно време, според истражувањата што се направени, се забележало дека пребарувањата на интернет за онлајн програми се доста зголемени (Australian Institute of Family Studies, 2016).

Во Англија во 2022 во сите основни училишта семејната едукација е задолжителна. Едукацијата започнува со тоа што децата се подучуваат за семејните односи, градење пријателства, одржување односи со други деца и возрасни. Се учат содржини како што претставува врска, што е пријателство, што значи семејство и кој сè е дел од семејството. Се учат децата како да се однесуваат едни со други со љубезност, почит, се учат на важноста на чесност и кажување на вистината, да не лажат, како да бараат и даваат дозвола.

Се подучуваат како да воспостават личен простор, граници, покажување почит и разбирање на разликите помеѓу соодветни и несоодветни работи итн. (United Kingdom Govermant, 2000).

Почитувањето на другите се учи на начин соодветен на возраста, во смисла на разбирање на сопствените и туѓите граници во игра, во преговорите за просторот, играчки, книги, ресурси и така натаму.

Во Австралија пак, од самиот почеток, семејната едукација вклучува содржини за карактеристиките на здравото пријателство, семејните односи и за други односи кои ќе ги имаат малите деца.

Се смета дека едукацијата им овозможува на учениците да формираат силно рано разбирање на карактеристиките на односите кои ќе доведат до среќа и сигурност, и им помага да препознаат позитивни односи кога ќе се сретнат со нив.

Наставниците вклучуваат подучување за примената на интернет како да го користат безбедно интернетот бидејќи интернетот сега веќе е релевантен за животот на учениците.

Семејната едукација ги учи децата во училиштето да препознаат што е насилство, каков вид на насилства има, како да го препознаат и каде да го пријават. Понатаму, содржини за интимност и приватност, дека сите деца имаат права над своите тела, да имаат разбирање на границите во пријателства со врсниците и, исто така, во семејствата и со други лица вклучувајќи и онлајн познанства. Исто така, има и едукација за семејства во училиштето каде таа е прилагодена на познавањето на учениците и на семејната средина во која живеат (семејства со самохрани родители, семејства на чело со баба и дедо, посвојувачко семејство, згрижувачко, ЛГБТ-семејства) (Australian Institute of Family Studies, 2016).

Во Италија, семејната едукација се смета за суштинска алатка за зајакнување на младите луѓе да останат физички и ментално здрави, како да одржуваат здрави врски и комуникација. Сепак, иако потенцијалот на семејната едукација во овој домен е широко прифатен, сеопфатните програми сè уште недостасуваат (Mapping sex and relationship education (SRE) in Italy 2022).

Исто и во Франција семејната едукација е достапна во основните училишта каде се учат на сите основни работи поврзани со семејниот живот, одржување на врски и комуникациски вештини. Покрај училиштата, семејната едукација е достапна и во посебни центри каде се применуваат програмите за семејна едукација, во приватни и јавни центри и во советувалишта.

Со зголемување на примената на технологијата, семејната едукација е достапна преку онлајн курсеви кои се одржуваат од семеен едукатор, онлајн советувалишта, онлајн програми создадени од семејните едукатори, онлајн книги и брошури итн.

## 5.9 Семејната едукација во Република Северна Македонија

*„Family education is a powerful force that can break the cycle of poverty, ignorance, and inequality.“* - Nelson Mandela

Во нашата држава семејната едукација сè уште не е многу развиена и актуелна, но постои во неколку програми и облици. Еве неколку примери:

**Семејни и брачни советувалишта**

Во 2011 година Владата на Република Македонија, произлезе со иницијатива за отворање советувалишта за брак и семејство како резултат на анализи и компаративни искуства од поразвиените земји во оваа област, со определени адаптации, визави спецификите на Македонија. Советувалиштата пред сè, беа предвидени да се фокусираат на можностите за обезбедување опстанок на бракот во услови за социјален ризик и да обезбедуваат совети од сите аспекти на семејниот живот.

Заради обезбедување стручна и советодавна помош на граѓаните во 2013 година и 2014 година, отворени се и започнаа со работа 21 советувалиште за брак и семејство и тоа во: Охрид, Кичево, Свети Николе, Битола, Скопје, Куманово, Гостивар, Кавадарци, Прилеп, Велес, Неготино, Кочани, Радовиш, Ресен, Гевгелија, Штип, Виница, Тетово, Берово, Струмица, Крива Паланка и Дебар.

Регионалните советувалишта се предвидени да покриваат материја од целокупната област на семејни прилики, со посебен фокус на можностите за обезбедување опстанок на бракот во услови за социјален ризик, но нема да се ограничат само на тоа, туку треба да обезбедуваат совети за сите аспекти на семејниот живот, меѓу другото и за:

- предизвици на родителите во вршењето на родителското право, во смисла на задоволување на развојните потреби на децата преку јакнење на родителските капацитети и градење вештини за одгледување и воспитување на своите деца;
- поддршка на семејствата кои веќе се наоѓаат во одреден социјален ризик, (нарушени партнерски односи, развод на брак, разведени семејства, конфликтни семејства);
- појава на предизвици и развојни проблеми кај децата, проблеми кај младите во прилагодувањето на социјалните и врсничките релации, надминување на конфликтни односи помеѓу децата и родителите (Министерство за труд и социјална политика, 2011).

Идејата за отворање на овие советувалишта е за поздрав брак, но мора да се напомене дека, прво, тие немаат превентивен карактер и второ не се задолжителни за одредена популација. Имено, прашањата кои ги предвидуваат се занимаваат со проблемите со кои се соочуваат партнерите кои се веќе во брак, имаат деца, или со проблемите на дисфункционалните семејства. Нивното необврзувачко својство го наметнува прашањето колку од паровите кои имаат проблеми, би ги посетиле овие советувалишта и би ја побарале нивната помош. Иако услугите се бесплатни, сѐ уште е присутен стравот од морална осуда на македонското општество. И, покрај тоа што советувалиштата нудат можност за предбрачно советување по желба, речиси е неверојатно дека младите луѓе и адолесцентите би ја искористиле. Нејасен останува ефектот од воведувањето на советувалиштата за брак и семејство, затоа што опфаќаат мала група на ранливи категории луѓе (Radulovic &Avirovic, 2018).

### Советувалиште за деца и семејство - СОС Детско село

СОС Детско село ја започнува својата работа со формирање на Здружението на граѓани во 2001 година. Од приемот на првото дете во 2002 година, организацијата континуирано се развива и го проширува своето поле на делување. Денес, СОС Детско село се грижи за децата и за

младите без родителска грижа и посветено работи на полето на социјална превенција. Ги зајакнува семејствата во социјален ризик во кои децата се во најголем ризик да ја загубат грижата од своите родители.

Истовремено, имплементира и многу програми и проекти за деца и млади во социјален ризик, како и проекти за градење капацитети на институциите и професионалците кои работат во системот на згрижување на деца без родителска грижа. Активно ги застапува и лобира за остварување на детските права, како и за промени во законите и во подзаконските акти, со цел создавање на поволна средина за пружање на висококвалитенти социјални услуги.

Од 2007 година СОС Детско село Македонија овозможува поддршка на деца кои се во ризик да ја изгубат грижата од своите биолошки семејства кои живеат во социјален ризик. Службата за советување функционира преку две советувалишта, кои се лоцирани во општините Шуто Оризари и Гази Баба.

Општата цел на советувалиштата е на децата кои се изложени на ризик да ја изгубат грижата од своето семејство од град Скопје, да им се овозможи да растат во грижливо семејно опкружување. Со тоа примарен фокус е ставен на спречување раздвојување на децата од биолошкото семејство (Советувалиште за деца и семејства, 2023). Овие советувалишта работат на:

- Подобрување на семејните односи и градење позитивна семејна клима;
- Подобрување на родителските вештини за квалитетна грижа на децата;
- Подобрување ма животните вештини и однесувањето на детето/тинејџерот;
- Обезбедување услови за остварување на правата на детето;
- Запознавање на родителот/ите со можностите, потребите, промените, спецификите и ограничувањата на детето низ развојните фази во процесот на растење и развивање;
- Развивање знаења, вештини и компетенции на родителот/ите во услови на современо живеење;
- Развивање позитивни родителски знаења и вештини за разрешување проблематични ситуации, конфликтни состојби и предизвици во текот на растењето и развојот на детето, поттикнување на позитивно родителство во посебни услови и сиромаштија.

### Советувалиште за деца и родители во детски градинки

Целта на овие советувалишта е давање стручна помош и поддршка на семејството во одгледувањето и развојот на децата, подигање на компетенциите на родителите/старателите за поквалитетно воспитание и образование на нивните деца како и унапредување на квалитетот на живот на семејството.

Во советувалишето се одвиваат активностите како:

- Индивидуални разговори со родителите/старателите;
- Едукативни и тематски средби со родителите/старателите (работа во помали или поголеми групи, предавања, трибини, работилници);
- Едукативни/стручни предавања за воспитувачи, негуватели и медицински сестри;
- Консултации поврзани со специфични животни ситуации, деца/семејство;
- Како да го подготват детето за поаѓање во градинка и училиште;
- Избор на книги за децата и нивниот развој;
- Стекнување вештини за начини на поттикнување и развивање на детските интереси, способности и потреби;
- Развивање вештина на воспитување на децата во семејството;
- Заедничко барање решенија за актуелните проблеми, дилеми и тешкотии со кои се среќаваат родителите во одгледувањето на децата (Советувалиште, 2022).

### Прв семеен центар на Град Скопје

Првиот семеен центар на Град Скопје е првото специјализирано советувалиште во земјава за жртви/преживеани и сторители на родово засновано и семејно насилство, вклучително и за малолетни деца и за други членови кои се директно или индиректно засегнати од насилството.

Преку него се обезбедува психосоцијална поддршка, советување и правна поддршка на семејствата во кои постојат конфликтни односи или родово засновано и семејно насилство. Покрај индивидуално, групно и семејно советување со психотерапевти, Центарот нуди и советување за социјални права, упатување и придружба до соодветни институции и организации и правна помош. Се нуди групно и индивидуално советување (Прв семеен центар на Град Скопје, 2022).

### Семејната едукација како формална програма

Семејната едукација како формална програма се спроведува на Филозофскиот факултет на додипломските студии на студиската програма Семејни студии. Оваа програма е акредититрана во 2014-тата година и е во согласност со содржините на Националниот совет за семејни односи (National Concil on family Relations), коишто беа погоре анализирани. Дипломираните студенти се стекнуваат со звањето дипломиран семеен едукатор/семејнолог и се стекнуваат со компетенции да вршат семејна едукација.

Сепак, се препорачува воведување семејна едукација во средните училишта според позитивните искуства на земјите во кои постои едукацијата.

Замислена е како основна рамка според која младите луѓе би ги граделе своите ставови, гледишта и очекувања за бракот и семејството и потоа низ животот би ги надградувале овие знаења. Не е исклучена потребата од постоење на центри и советувалишта кои ќе помагаат тогаш кога проблемите не можат да се решат во кругот на семејството, но претпоставка е дека воведувањето на семејна едукација ќе превенира тие да се појават, или, барем да немаат фатални резултати (Radulovic & Avirovic, 2018; Авировиќ-Бундалевска, Радуловиќ и Кескинова, 2023).

## 5.10 Семејна медијација

Семејната медијација во македонското општество сè уште не се користи доволно како начин предвиден за решавање конфликти и спорови во семејството. Семејната медијација претставува метод во кој семејните спорови се решаваат преку алтернативен начин и за разлика од судските спорови медијацијата се стреми кон наоѓање решение кое е погодно и прифатливо за двете засегнати страни. Главната разлика помеѓу медијацијата и судските спорови е тоа што со методот на медијација парот е одговорен за одлуката која ја носи, додека во суските спорови одлуката ја носи трето лице (O'Connor, 1997). Оваа „неутрална" метода на решавање спорови најчесто се користи за да им се помогне на членовите на семејството да ги идентификуваат проблемите, да комуницираат поефикасно и да ги решат настанатите конфликти. Општо земено, Барски (2001) медијацијата ја дефинира како процес на решавање проблеми во кои трето лице им помага на две или на повеќе индивидуи или на група да решат одреден конфликт без притоа да наметне одредена одлука на засегнатите страни. Иако, истражувањата поврзани со медијацијата се ограничени, се чини дека овој метод резултира со поголемо задоволство

на корисниците отколку искуствата со парничните спорови (Roberts, 1983; Ponzetti, Vol.1, 2003: 239). Имено, се смета дека семејната медијација најдобро функционира доколку двете засегнати страни се желни да постигнат договор, но дури и да не постигне договор, се смета за позитивен чекор во конфликтот самиот факт што се сретнале со трето, неутрално лице и се обиделе да ги разјаснат проблемите (O'Connor, 1997).

